# РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ НА ЈАВНИТЕ МЕСТА ВО СКОПЈЕ И ТЕТОВО




www.reagiraj-bidibezbedna.mk

20 РЕАКТОР
години истражување во акција

KVINNA KVINNA

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

**Наслов:**
Родово-базирано насилство на жени и девојки на јавните места во Скопје и Тетово

**Наслов на оригиналот**:
Gender-Based Violence Against Women And Girls In Public Spaces In Skopje And Tetovo

**Издавач**: Реактор - Истражување во акција
**За издавачот**: Тања Иванова
**Уредник**: Тања Иванова
**Автори**: Ана Бојчевска Митревска, Јана Димитрова, Душица Лазова
**Превод од анлиски:** Јулија Мицова, Душица Димитровска

**Печати:** ПринтЦентар, Скопје
**Тираж**: 50

Скопје, 2025

Бесплатен/Некомерцијален тираж

Оваа публикација е создадена со финансиска помош на Kvinna till Kvinna Foundation и UK International Development. Ставовите и анализите се единствена одговорност на Реактор и не нужно ги одразуваат ставовите на Kvinna till Kvinna Foundation и UK International Development.

# Contents

Вовед и цели ........................................5
Преглед на литературата ..........................8
Национален контекст ................................ 16
Правна анализа ..................................... 23
Методологија ......................................... 39
Наоди од анкетите (квантитативни и квалитативни) ........................................ 50
Со нивни зборови: доживеаните искуства на жените со родово-базираното насилство и вознемирување на јавни простори ............................................ 110
Извештај од безбедносните прошетки 115
Клучни наоди.......................................... 122
Препораки ........................................... 132

# Вовед и цели

Родово-базираното насилство (РБН) и насилството врз жените и девојките (НВЖД)[1] спаѓаат меѓу најшироко распространетите повреди на човекови права.[2] Тие вклучуваат физичка, сексуална, психолошка и економска злоупотреба и ги надминуваат возрасните, расните, културните, економските и географските граници. РБН и НВЖД може да се случат во домот, на улица, на училиште и на работно место и да се манифестираат на различни начини – од најраспростратените облици на семејно и сексуално насилство, сексуално вознемирување и демнење, до помалку застапени опасни практики, како што е таканаречното „убиство од чест“ и други облици на фемицид. Патријархалните норми и родовата нерамноправност често придонесуваат за нормализирање на насилството врз жените и врз другите маргинализирани групи. Ограничената свест и разбирање на РБН и НВЖД ги одржуваат штетните стереотипи и начини на однесување, оневозможувајќи ги напорите да се создаде поддржувачка околина за оштетените и да се предизвикаат општествените норми што ја негуваат културата што ги обвинува жртвите и воспоставува неказнивост за сторителите.[3] Понатаму, фактот што случаите на РБН и НВЖД недоволно се пријавуваат, што се должи на стигматизирање, страв од одмазда и ниска доверба во правниот систем, оневозможува прецизна проценка на опсегот и влијанието на проблемот.

Во склад со претходно кажаното, традиционалните родови улоги ја ограничуваат мобилноста и самостојноста на жените на јавните места, зголемувајќи ја на тој начин нивната подложност на насилство. Пристапот до јавни места обично е попречен од страв од криминал и виктимизација.

Вознемирувањето на улица и различните облици на насилство – како и закани со насилство – се универзални проблеми кои негативно влијаат врз правото на жените да го користат јавниот простор. Сексуалното насилство и НВЖД се случуваат на јавен простор во различни околности и го ограничуваат нивниот пристап до суштински услуги, како и до можности за култура и рекреација, и негативно влијаат врз здравјето и добросостојбата на жените и девојките. Потценувањето на степенот со кој НВЖД е застапено на јавни простори се зацврстува со општиот недостиг на специфични, споредливи и систематски собрани податоци и со ограничениот капацитет на локалните власти, граѓанските организации (ГО) и другите засегнати да произведат такви податоци. Покрај тоа, градовите во кои јавниот простор е несоодветен, лошо осмислен или приватизиран стануваат сè посегрегирани, при што религиската,

1 Родово-базирано насилство (РБН) упатува на секој штетен акт насочен кон поединки/-ци врз основа на нивниот род. Насилство врз жени и девојки (НВЖД) е подмножество на РБН што специфично ги таргетира жените и девојките.

2 Декларација на ОН за насилство врз жени, 1993.

3 ФРА, ЕИГЕ, Евростат (2024), *Анализа на ЕУ за родово-базирано насилство - клучни резултати*. Искуствата на жените во ЕУ-27, Публикации на Канцеларијата на ЕУ, Луксембург. Преземено од:https://urlzs.com/usiDQ7 на 26 март 2025.

етничката и родовата припадност и економскиот статус стануваат линии на поделба.[4] Од друга страна, јавните простори можат да служат и за генерирање еднаквост. Добро дизајнираните и добро одржувани јавни простори ја намалуваат стапката на криминал и насилство и отвораат можност за формални и неформални општествени, културни и економски активности што придонесуваат кон чувството на припадност кон заедницата, кон доверба и безбедност.

Во Северна Македонија недостигаат систематизирани податоци за насилство врз жени и девојки во јавен простор. Такви податоци биле собирани во врска со специфични проблеми, како на пример проблемот на насилство во училиштата (УНИЦЕФ, СЗО, Јавен правобранител) што опфаќа податоци за насилство врз девојчиња. Понатаму, Државниот завод за статистика не спроведува истражувања за перцепцијата на јавна безбедност, а Министерството за внатрешни работи ги документира само пријавените случаи. Постојат други организации кои собираат податоци за жртвите на насилство и за принудните мерки врз сторителите. Последните години, во обид да се пополни оваа празнина, беа реализирани неколку истражувања за насилство во јавен простор на локално ниво (референциите се дадени во поглавјето Национален контекст), како што се и двете студии во опсег спроведени од Реактор во 2012[5] и во 2020[6] година, кои се основа за ова истражување.

## Цели

Ова истражување е продолжување на влогот на Реактор во проблематиката на родово-базирано насилство на јавен простор и претставува своевидно пресликување на споменатите студии со употреба на модификувана методологија и со проширување на опсегот на жени и девојки не само во Скопје, туку и во Тетово. Причината за спроведување на ова истражување е потребата од нова проценка на трендовите и промените во манифестациите на насилство и перцепциите за безбедноста на јавен простор што ги имаат жените и девојките од двата града опфатени со истражувањето.

Намерата на оваа повторена проценка беше да се соберат информации што ќе покажат кои чекори се потребни за да се изградат безбедни и инклузивни јавни простори во Северна Македонија преку застапување за унапредено урбано планирање и инфраструктура кои предност ќе им дадат на безбедноста и сигурноста на сите поединци, без оглед на родот. Понатаму, од истражувањето се очекува да ја подигне свеста за проблемот и да поттикне понатамошни истражувања во областа.

4 26 март 2025.

5 Реактор. (2012). Истражување на опсегот на родово-базираното насилство врз жените и девојките на јавните места во Скопје. Реактор – Истражување во акција. Преземено од: https://urlzs.com/qJoMm8 на 26 март 2025.

6 Реактор. (2020). Родово-базирано насилство на јавни места во Скопје: студија на опсег. Реактор – Истражување во акција. Преземено од: https://urlzs.com/qJoMm8 на 26 март 2025.

Клучни цели на истражувањето се:

1. Да ги разбере специфичните локални манифестации на насилство врз жени и девојки на конкретни јавни простори во избраните заедници. Поспецифично:
    - Да определи со кои облици на насилство/вознемирување се соочуваат жените на јавните простори во избраните заедници;
    - Да определи кои фактори играат улога или придонесуваат за создавање на поголема безбедност и инклузија за жените;
    - Да определи како жените реагираат на вознемирување или на отсуство на безбедност;
    - Да истражи дали полицијата е во состојба да им пристапи на проблемите на женските права и нивното кршење, да разбере колкав е пристапот на жените до полицијата и да ја истражи нивната перцепција за улогата на полицијата во зашитата на женските права;
    - Да определи каков вид простори се сметаат за небезбедни и непристапни за жените, особено во посочените заедници;
2. Да ги анализира локалните развојни политики, планови и релевантни иницијативи, како и инфраструктурата за поддршка (да ги идентификува и да ги процени релевантните постојни услуги и проекти);
3. Да ги утврди позициите и приоритетите на засегнатите страни;
4. Да ги идентификува и да ги разјасни гледиштата на планираните групи на корисници, исцртувајќи ги нивните позиции и приоритети, како и да ги лоцира и да направи проценка на потенцијалните партнери во превенирање на НВЖД.

# Преглед на литературата

Насилството врз жените е признаено и дефинирано во меѓународните правно-обврзувачки инструменти. Обединетите нации го дефинираат насилството врз жените како „каков било чин на родово-базирано насилство што резултира или може да резултира со физичка, сексуална или ментална повреда или страдање на жените, вклучително и закани од такви дела, принуда или произволно лишување од слобода без оглед дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот.“ Покрај тоа, Член 3 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и семејното насилство (Истанбулската конвенција)[7], исто така, ги содржи овие дефиниции. Затоа, ова истражување како основа ги користи веќе прифатените дефиниции за насилство врз жените содржани во различни документи на ОН, а поточно:

> ***Комитет за елиминација на дискриминацијата врз жените, општа препорака Бр. 19:*** Родово-базираното насилство врз жени е „насилство кое е насочено кон жена затоа што таа е жена, или насилство што несразмерно ги погодува жените. Тоа вклучува акти кои нанесуваат физички, ментални или сексуални повреди или страдања, упатување на закани од вакви дела, принуда и други лишувања од слобода“.
>
> „Родово-базираното насилство што го нарушува или поништува уживањето на човековите права и на основните слободи од страна на жените, според општото меѓународно право или според конвенциите за човекови права, е дискриминација во смисла на член 1 од Конвенцијата“.
>
> ***Резолуција 48/104 на Генералното собрание: Декларација за елиминација на насилството врз жените, Член 1:*** Насилство врз жените „значи секој чин на родово-базирано насилство што резултира со или може да резултира со физичка, сексуална или психичка повреда или страдање на жените, вклучувајќи ги и заканите од вакви дела, принудата или произволното лишување од слобода, без оглед дали тие се случуваат во јавниот или во приватниот живот“.

7 Совет на Европа. (2011). *Конвенција на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство.* Договорни серии.

***Резолуција 58/147 на Генералното собрание за елиминација на семејното насилство врз жени*** препознава дека „семејното насилство може да вклучува економско лишување и изолација и дека таквото однесување може да предизвика непосредно нарушување на безбедноста, здравјето и благосостојбата на жените“.

Длабочинската студија на Генералниот секретар на ОН за сите форми на насилство врз жените го истражуваше насилството врз жените користејќи класификација на различни форми на насилство,[8] од кои една ќе биде во фокусот на ова истражување. Родово-базираното насилство се разликува од другите видови насилство според тоа што родот на жртвата е примарен мотив за чинот на насилство. Со други зборови, „родово-базираното насилство се однесува на каква било повреда што е нанесена врз жена и тоа е воедно и причина и резултат на нееднаквите односи на моќ, засновани врз перципираните разлики помеѓу жените и мажите што доведуваат до подреден статус на жените, како во приватните така и во јавните сфери. Овој вид насилство е длабоко вкоренет во општествените и културните структури, во нормите и вредностите што владеат во општеството и честопати е континуирано одржувано преку култура на негирање и молк“.[9]

Перспективата на ЕУ уште повеќе ја зајакнува оваа класификација на родово-засновано насилство каква што е исцртана во **Истанбулската Конвенција** и во **Стратегијата за родова еднаквост на ЕУ 2020-2025**. Стратегијата за родова еднаквост 2020-2035 на ЕУ ја нагласува обврската на земјите да осигураат безбедност за жените во секоја околина. Неодамна, во мај 2024 година, ЕУ ја усвои Директивата за борба против насилството врз жените и семејното насилство од 2024 (Directive (EU) 2024/1385) револуционерен правен документ чија цел е превенирање и борба против насилството врз жените (НВЖ) и домашното насилство. Директивата ја зајакна заложбата на ЕУ за родова еднаквост со тоа што криминализираше различни облици на насилство, и во физичкиот простор (како принуден брак и генитална мутилација) и виртуелно (вклучувајќи демнење и вознемирување во дигиталниот простор).[10]

Клучно е што Директивата го определува родово-базираното насилство  како акт што предизвикува или е веројатно да предизвика повреда „без оглед дали таа се случува во

8 1. Насилство врз жените во семејството: (а) насилство од интимниот партнер; и (б) штетни традиционални практики; 2. Насилство врз жените во заедницата: (а) фемицид: родово-базирано убиство на жена; (б) сексуално насилство од лица кои не се партнери; (в) сексуално вознемирување и насилство на работното место, во образовните институции или во спортот; и (г) трговија со жени; 3. Насилство против жени извршено или дозволено од државата: (а) старателско насилство против жени; и (б) принудна стерилизација; 4. Насилство против жени во оружени конфликти; 5. Насилство против жени и мноштвена дискриминација; и 6. Области кои изискуваат поголемо внимание: (а) психолошко и емоционално злоставување и насилство; и (б) затворање жени во болници за ментално здравје или затвори поради неприлагоденост со општествените или културните очекувања.

9 Обединети нации. (2006). *Длабинско истражување на сите форми на насилство врз жените*, Извештај на Генералниот секретар. Генерално собрание, A/61/122. Преземено од: https://urlzs.com/ENIk9T на 26 март 2025.

10 Европски парламент и Совет на ЕУ (2024). *Директива (ЕУ) 2024/1385 на Европскиот парламент и на советот од 14 мај 2024 за борба против насилството врз жени и домашното насилство.* Официјално списание на ЕУ, L 138/85. Преземено од: https://urlzs.com/3Y2Vza на 26 март 2025.

јавниот или во приватниот живот", признавајќи на тој начин дека вознемирувањето, заплашувањето и заканите на јавните места не се изолирани инциденти, туку системски бариери што ја ограничуваат подвижноста, автономијата и учеството на жените во општеството. Целта на Директивата на ЕУ е да ги хармонизира правните дефиниции и мерки за заштита во сите земји членки, зајакнувајќи ги на тој начин механизмите за спроведување и системите за поддршка на жртвата.

## Доживување на насилство и перципиран страв од насилство

Насоките на ОН за изготвување статистика за насилство врз жените (2014) одамна за своја клучна долгорочна цел го поставија мерењето на насилството врз жените во сите облици и манифестации.[11] Ова вклучува и видливи акти на физичко и сексуално насилство, како и посуптилни, често запоставени облици на родово-базирано насилство и вознемирување. „Минорните" облици на застрашувачко однесување – како зјапањето, непосакуваните коментари и наметливото сексуално насилство – се клучни за разбирање на стравот и ранливоста на жените, бидејќи поттикнуваат чувства на страв со самото тоа што ја воспоставувааат можноста за насилен инцидент, дури и кога тој не е непосредно видлив или препознаен.[12]

Оттаму, истражувачите се залагаат за внимателно дефинирање и договарање на терминологијата во однос на тоа што претставува насилство и вознемирување, за да се вклучи поширок опсег на искуства и инциденти кои не можат секогаш целосно да влезат во прецизните категории на тоа што традиционално се смета или правно се препознава како вознемирување.[13] Како што појаснува Вира-Греј, кога станува збор за родово-засновано насилство, правната рамка и медицинските модели вообичаено разликуваат „нормално и ненормално однесување", па го санкционираат и го третираат второто. Меѓутоа, овој пристап го индивидуализира проблемот со тоа што однесувањето на некои луѓе го карактеризира како „девијантно" во споредба со „нормалното" мнозинство и воедно не успева да ги земе предвид однесувањето и ситуациите што жените ги сметаат за заканувачки и/или насилни, но кои не би можеле да се карактеризираат како илегални или девијантни.[14] Наместо тоа, истражувачите настојуваат родово-заснованото насилство да се набљудува низ сеопфатен феноменолошки пристап што создава простор за личните, субјективни

11 Обединети нации (2014). Насоки за произведувањето статистика за насилството врз жените. Оддел за економкси и општествени прашања. ОН: Њујорк. Преземено од: https://urlzs.com/khTvuP на 26 март 2025.

12 Pain, R. (1997). Pain, R. H. (1997). "Social Geographies of Women's Fear of Crime", Transactions of the Institute of British Geographers, New Series, Vol. 22, No. 2. (1997), стр. 231-244. Преземено од: https://urlzs.com/PIO3dn на 26 март 2025.

13 Vera-Gray, F. (2016). *Men's Intrusion, Women's Embodiment*. Routledge. стр. 10.

14 *Ibid*, стр. 24-25.

и секојдневни искуства на жените[15] и (заканата од) насилство ја разгледуваат како доживеано искуство, истакнувајќи дека механизмите на родова нерамноправност произведуваат динамика на моќ условена од родот, што ги обликува интеракциите на жените со јавноста.[16]

Клучот за похолистички пристап е да се разберат и искуствата на насилство на жените и нивниот перципиран страв од насилство. Истражувањата покажуваат дека на личната безбедност повеќе влијаат перципираните закани отколку објективните статистички ризици.[17] Сепак, некои истражувачи се противат на споредувањето на „објективниот" ризик и „субјективниот" страв, забележувајќи дека стравот вклучува две димензии: перцепција за недостиг од безбедност на јавен простор и лични стравови.[18] И покрај тоа, има сè повеќе докази што покажуваат дека стравот од криминал не е непроменлива особина на некои луѓе, туку „транзиторна и ситуациска" перцепција што се јавува и менува кај различни групи врз основа на лични искуства, но и на општествени, просторни и временски ситуации.[19]

Се покажало дека стравот од криминал, особено од родово-засновано насилство, придонесува кон ограничувањето на слободата и подвижноста на жените на јавен простор. Според Свит и Ескаланте, „реалниот ризик од насилство врз жените и стравот на жените од насилство не се истото нешто, но сепак се поврзани".[20] На овој страв може да се гледа и како на реакција на директна закана што жените ја искусиле, и како на научена и повнатрешнета реакција од постојаната можност да бидат изложени на насилство. Од раната младост, жените се социјализирани да се плашат и да го прилагодуваат своето однесување на јавен простор – одлуките што ќе облечат, каде ќе одат и како ќе се однесуваат се под влијание на проникнувачкиот страв од насилство.[21] [22]

**Стравот што е поврзан со родовата припадност е, исто така, значаен фактор за обликување на перцепециите за јавниот простор**. Истражувањата укажуваат дека

15 Феминистичката феноменологија е квалитативен истражувачки пристап што се надоврзува на традиционалната феноменологија и кој се стреми да ги разбере живеените искуства од перспектива на единката, но вклучува и критичка феминистичка перспектива. Додека традиционалната феноменологија се обидува да ги објасни универзалните искуствени структури, феминистичката феноменологија ја преиспитува оваа универзалност и потенцира како родот, моќта и општествените структури ги обликуваат живеените искуства – особено оние на жените и маргинализираните групи. Таа критички проучува како телата на жените се доживувани и регулирани на јавни и приватни простори, оспорувајќи ги андроцентричните перспективи.

16 French, S.G., Teays, W. and Purdy, L. M. (1998). *Violence Against Women: Philosophical Perspectives. Ithaca*: Cornell University Press.

17 Madriz, E. (1997). *Nothing Bad Happens to Good Girls: Fear of Crime in Women's Lives.* University of California Press.

18 Young. J. (1998). "Risk of Crime and Fear of Crime: A Realist Critique of Survey-Based Assumptions, in Maguire, M. and Pointing, J. (уред.). *Victims of Crime: A New Deal.* Milton Keys: Open University Press. стр. 164-76.

19 Pain, R. H. (1997). Social Geographies of Women's Fear...

20 Sweet, E.L. and Ortiz Escalante, S. (2014). "Bringing bodies into planning: Visceral methods, fear and gender violence", *Urban Studies,* 52(10), стр.1826–1845. Преземено од: Retrieved from: https://doi.org/10.1177/0042098014541157 на 26 март 2025.

21 Koskela, H. (1997). "Bold Walk and Breakings: Women's Spatial Confidence Versus Fear of Violence", *Gender, Place & Culture,* 4(3), стр. 301-20. Преземено од: https://doi.org/10.1177/079160350501400207 на 26 март 2025.

22 Wennstam, K. (2002). *Flickan Och Skulden: En Bok Om Samhlets Syn På Våldtäkt.* Stockholm: Bonnier).

жените известуваат дека чувствуваат страв во јавен простор почесто отколку мажите,[23] па овој родов јаз во стравот од криминал често се поврзува со стравот од силување кај жените и девојките и се зголемува со искуствата на сексуално вознемирување.[24] [25] Притоа, жените се склони себеси да се перципираат како поранливи, послаби и побавни во јавниот простор отколку мажите. Оваа свесност за сопствената ранливост не е само субјективна себеперцепција, туку одраз на длабоко вкоренети односи на моќ поврзани со родот.[26] Стравот на жените служи да се засили стереотипот за мажите како силни, бестрашни заштитници – или потенцијални сторители – додека жените се социјализирани да бидат претпазливи до таа мерка што самоувереноста во јавност може да се смета за „непристојна" и „лекомислена". Ако жена што не се придржува до овие очекувања стане жртва, општеството може дури и да ја обвини дека не се однесувала „како што ѝ прилега".[27] [28]

## Стравот од насилство и безбедносниот труд

Општествените географии на стравот и криминалот ги засилуваат структурите на моќ поврзани со родот, обликувајќи како и каде на жените им е дозволено да постојат во јавниот живот, при што **ги учат да ѝ даваат приоритет на самозаштитата:** од прилагодување на рутите и избегнување определени области кога се обидуваат да стасаат до своето одредиште до посветување исклучително внимание на облекувањето за да се намали несакано внимание. Наместо слободно да се движат низ јавниот простор како рамноправни учеснички, жените изгледаат како претпазливи посетителки на јавен пејзаж со кој доминираат мажите, што го регулира нивното секојдневно движење и присуство.

Истражувањата на оваа тема покажуваат дека доживувањето страв на јавен простор, придружено со механизмите за справување што жените ги усвојуваат, конструира, како што тоа го нарекуваат теоретичарите, „просторен израз на патријархатот".[29] Така, стравот функционира како облик на општествена контрола што поткрепува систематска родова нееднаквост и во крајна линија ја ограничува слободата на движење на жените".[30] Оваа самонаметната регулација, иако е рационална реакција

23 Johannson, K., Hasselberg, M. and Laflamme, L. (2009). "Exploring the neighborhood: a web-based survey on the prevalence and determinants of fear among young adolescent girls and boys", *International Journal of Adolescent Medicine and Health.* 21(3), стр. 347-59.

24 Johansson, S. and Haandrikman, K. (2021). "Gendered fear of crime in the urban context: a comparative multilevel study of women's and men's fear of crime", *Journal of Urban Affairs*, 45(7), стр.1–27. Преземено од: https://doi.org/10.1080/07352166.2021.1923372 на 26 март, 2025.

25 Loukaitou-Sideris, A. (2005). "Is It Safe to Walk Here?", *Research on Women's Issues in Transportation, report of a conference,* Vol. II: Technical Papers. Washington, D.C.: Transportation Research Board. стр. 102-12.

26 Jalalkamali, A. and Doratli, N. (2022). "Public Space Behaviors and Intentions: The Role of Gender through the Window of Culture, Case of Kerman", *Behavioral Sciences 2022*, 12(10), стр. 388. Преземено од https://doi.org/10.3390/bs12100388 на 26 март 2025.

27 Koskela, H. (1997). *Bold Walk and Breakings...*

28 Madriz, E. (1997). *Nothing Bad...*

29 Pain, R. H. (1997). *Social Geographies...*

30 Condon, S., Lieber, M. and Maillochon, F. (2007). "Feeling Unsafe in Public Places: Understanding Women's Fears". *Revue française de sociologie*, Vol. 48(5), стр.101-128. Преземено од: DOI: 10.3917/rfs.485.0101 на 26 март 2025.

на преципираните закани, го нагласува јасниот контраст помеѓу релативната леснотија на движење на мажите и ограничувањата на искуството на жените во јавен простор. На овој начин, стравот не отсликува само поединечни чувства, туку служи како невидлив, а сепак проникнувачки механизам што општествените простори ги претвора во територии на кои можат да полагаат право и да ги користат само одредени луѓе.[31]

Различните модификувања, прилагодувања и одлики кон кои прибегнуваат жените како реакција на родово-базираното насилство и вознемирување –кои Вира-Греј ги смета за своевиден „безбедносен труд" – служат како механизми за справување што треба да дадат чувство на сигурност на јавен простор.[32] Според едно истражување за сексуалното вознемирување во јавност и безбедносниот труд на жените, најголемиот дел од мерките и прилагодувањата на движењето жените ги применуваат „за секој случај", дури и пред да се случи некој инцидент.[33] Ова превентивно однесување е длабоко вкоренето во социјализацијата на жените и девојките, која често ги врамува во наративи што ги сметаат за одговорни за својата безбедност и, неретко, ги обвинуваат за поттикнување на сексуално насилство и вознемирување.[34] Како облик на рано општествено условување што продолжува во зрелоста, девојките и жените се постојано предупредувани и инструирани да избегнуваат определени области, да се облекуваат на определен начин и да патуваат само во групи – сето тоа со намера да се спречи можна повреда. Додека повеќето мажи на улица се „како дома", за жените тоа ретко важи и овие покорни начини на однесување на кои тие се подучувани го одразуваат тоа; односно, под закана од насилство и вознемирување, жените учат да заземаат помалку простор.[35] Иако ова може да се добронамерни пораки, тие сепак ја зацврстуваат идејата дека жените се лично одговорни за превенирање на насилството, без да се земе предвид поголемиот системски контекст на родовата нерамноправност што го перпетуира таквото насилство.[36] Како последица на ова, жените остануваат исклучително претпазливи, обликуваат безбедносни стратегии и пред и по случаите на родово-базирано насилство и вознемирување, што во крајна линија го ограничува нивното движење и го ограничува нивното „право на градот".

Родовата нерамноправност е испреплетена со различни облици на дискриминација и маргиналност, како што се возраста, класата, способноста, етничката припадност, сексуалноста и други, што можат да го зголемат ризикот, големината и зачестеноста на сексуалното вознемирување и другите облици на сексуално насилство врз жените

31 Ahmed, S. (2004). *The Cultural Politics of Emotion. New York*: Routledge Taylor & Francis Group.

32 Vera-Gray, F. (2018). *The Right Amount of Panic: How Women Trade Freedom for Safety.* Bristol University Press.

33 Vera-Gray, F. and Kelly, L. (2020). "Contested gendered space: public sexual harassment and women's safety work", *International Journal of Comparative and Applied Criminal Justice*, 44(4), стр.265–275. Преземено од: https://doi.org/10.1080/01924036.2020.1732435 на 26 март 2025.

34 *Ibid.*

35 Weisman, L. (1994). *Discrimination by Design: A Feminist Critique of the Man-Made Environment.* Urbana: University Of Illinois Press.

36 Vera-Gray, F. and Kelly, L. (2020). *Contested Gendered Space...*

и девојките.[37] Конечно, интерсекцискиот пристап во истражувањата што се однесуваат на жените гаи солидарност со тоа што овозможува да се проучат преплетувањата на угнетувачките структури и борбата за жени од **различни** категории.[38] На пример, жените кои уживаат мала општествена прифатеност или интеграција се најсклони да стравуваат од криминал и насилство.[39] Овој страв не е само производ на реалните ризици со кои тие се соочуваат, туку и на нивната исклученост од општествените и културните рамки кои го обликуваат јавниот живот. Овие интерсекциски оски на угнетување ги откриваат различните положби на моќ на определени општествени групи, нивниот степен на пристап и начинот на кој тие имаат интеракција со и на јавниот простор.[40] Проучувањата на искуствата на жените од различни маргинализирани групи, како на пример жените со попреченост, сексуалните работнички, ЛГБТКИ+ или Ромките покажува дека тие се соочуваат со уникатни предизвици што ја ограничуваат нивната слобода на движење на специфични начини. Признавањето на овие различни искуства ја промовира инклузивноста и овозможува понијансирано разбирање на мноштвените контекси на безбедност и страв на јавен простор. Според „Методолошкиот прирачник за истражување на родово-базирано насилство врз жени и други облици на интерперсонално насилство на ЕУ" (2021), овој меѓусекциски пристап е клучен за да се стекне целосно разбирање на родово-базираното насилство.[41]

## Насилството и физичноста на јавниот простор

Планирањето на градот и урбаниот дизајн можат диспропорционално да влијаат врз жените и девојките и во крајна линија да ја загрозат нивната безбедност.[42] Според Валентајн, „јавната околина може да има влијание врз перцепцијата за безбедност [на жените] и оттаму врз нивната подготвеност да користат некои простори или места".[43] За врската помеѓу стравот и просторната организација на општествените односи одамна зборуваат истражувачи кои тврдат дека структурата на просторот директно влијае врз чувството за безбедност и страв кај луѓето, особено во врска со криминалот и насилството. Физичката околина, вклучувајќи го овде и урбаниот

37 Wilkens, E. and Capobianco, L. (eds.). (2020). *Safe Cities and Safe Public Spaces for Women and Girls: Global Flagship Initiative: Second International Compendium of Practices*. United States of America: UN Women. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март 2025.

38 Crenshaw, K.W., Mays, V.M. and Tomlinson, B. (2013). *"Intersectionality: Mapping the Movements of a Theory", Du Bois Review: Social Science Research on Race*, 10(2), стр.303–312. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март 2025.

39 Pain, R. H. (1997). *Social Geographies...*

40 Beebeejaun, Y. (2017). "Gender, urban space, and the right to everyday life". *Journal of Urban Affairs*, 39(3), стр.323–334. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март 2025.

41 Еуростат (2021). *Методолошки прирачник за истражувања на родово-базираното насилство врз жени и други облици на интерперсонално насилство на* ЕУ. Луксембург: ЕУ. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март 2025.

42 Cosgrave, E., Lam, T. and Henderson, Z. (2020). *Scoping Study-London's Participation in UN Women's Safer Cities and Safe Public Spaces Programme*. London: Department of Science, Technology, Engineering and Public Policy. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март 2025.

43 Valentine, G. (1990). "Women's Fear and the Design of Public Space", *Built Environment* (1978-), 16(4), стр.288–303. Преземено од: https://urlzs.com/uZTHVt на 26 март, 2025.

дизајн и распоред, игра значајна улога во обликувањето на овие стравови.[44] На пример, лошото осветлување, навидум напуштените нечисти реони, нејасно исцртаните излези на паркинзите, дупките на тротоарите и други аспекти на јавниот простор може да го зголемат чувството на страв кај жените и да попречат слободно и лесно движење. Отсуството на пристапен превоз, недостигот на јавни тоалети и недоволниот број на безбедни чекални дополнително придонесуваат кон изградена околина што не ги зема целосно предвид безбедносните потреби на жените.[45]

Некои истражувања покажале дека жените со многу поголема веројатност ќе ги земат предвид овие карактеристики на околината во определувањето дали некој простор го чувствуваат како безбеден.[46] Постоењето на добро одржувана инфраструктура – како јасна прегледност, видливо обезбедување и активен пешачки сообраќај – биле поврзувани со зголемено чувство на безбедност и поголема слобода на движење кај жените.[47] Сепак, и покрај сѐ поголемата свест за овие аспекти, урбаното планирање и понатаму ѝ дава предност на ефикасноста и на економските фактори пред родово-чувствителниот дизајн. Недостигот на партиципативни процеси на планирање што вклучуваат и глас на жените го прават овој проблем посериозен и за последица имаат урбани пејзажи што често ги занемаруваат реалностите во кои живеат жените и маргинализираните групи.

Ова е причината зошто феминистичките научници настојуваат на тоа дека вклучувањето на родовата перспектива во урбаното планирање не треба да биде дополнување, туку основна компоненета во дизајнирањето инклузивни јавни простори.[48] Понатаму, феминистичките урбанист(к)и се залагаат за пошироко преобмислување на јавните простори – такво што фокусот го поместува од минимизирање на штетата кон негување околина во која жените и другите маргинализирани групи можат да се движат слободно, без страв. Без дополнителни напори да се вгради родово-чувствителна перспектива во планирањето на градовите и сериозно ангажирање околу искуствата што ги доживуваат жените и маргинализираните, јавната сфера ќе продолжи да ги одразува и да ги засилува родовите нееднаквости. Сето ова покажува дека стравот на жените, нивните стратегии за справување и физичкиот дизајн на јавните простори се испреплетени и дека отсликуваат пошироки системи на моќ што ја ограничуваат автономијата на жените.

44 Moonen, M. (2024). "(Wo)Man-Made Public Space", *The Journal of Public Space*, 9(1), стр.25–42. Преземено од: DOI: 10.32891/JPS.V9I1.1810 на 26 март 2025.

45 Navarrete-Hernandez, P., Vetro, A. and Concha, P. (2021). "Building safer public spaces: Exploring gender differences in the perception of safety in public space through urban design interventions", *Landscape and Urban Planning*, 214(214). Преземено од: https://doi.org/10.1016/j.landurbplan.2021.104180 на 26 март 2025.

46 Whitzman, C. (2013). *Building Inclusive Cities: Women' s Safety and the Right to the City*. London: Routledge.

47 Kern, L. (2020). *Feminist City*. Verso Books.

48 Beebeejaun, Y. (2017). *Gender, urban space...*

# Национален контекст

Општо земено, Република Северна Македонија се смета за безбедна земја во однос на вкупните стапки на насилство. Неодамна беше вложен напор да се унапреди споредливоста на податоците, со што би се овозможила анализа на трендовите на криминалот на европско ниво.[49] Меѓутоа, националните извори на информации за криминалот прикажуваат значителни разлики во пристапот и опсегот, што значи дека кон директните споредби помеѓу земјите мора да се пристапува претпазливо.




*Графикон 1: Стапка на криминал на 100.000 жители, 2010-2023.*

Горните бројки упатуваат на **општите стапки на криминал.**[50] Стапката на криминал на 100.000 жители во Северна Македонија прикажува општ тренд на опаѓање во периодот од 2010 до 2023 година. Податоците покажуваат највисоки вредности во 2013 г., по што следува забележително опаѓање. Од 2014 наваму, стапката на криминал покажува конзистентна надолна патека, со значителен пад во 2015 и 2019 година. Иако се забележува мал пораст во 2018 и 2021 г., **општиот тренд останал надолен.** До 2023 г., стапката на криминал ја достигна својата најниска точка во периодот на мерење.

49 Евростат. (2024) „Престапи пријавени на полицијата според категорија". Преземено од: https://urlzs.com/Lldcno на 26 март 2025.

50 Министерство за внатрешни работи. (2024). „Збирна анализа за вкупен криминалитет 2010-2023". Преземено од: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70 на 26 март 2025.




*Графикон 2: Криминални престапи поврзани со семејно насилство на 100.000 жители, 2017-2023.*

Меѓутоа, во последните седум години, во Северна Македонија се забележува **постепен, но постојан пораст во криминалните престапи поврзани со семејното насилство**. И покрај некои флуктуации, општиот тренд покажува постепено зголемување на бројот на овие престапи, што дополнително го нагласува недостигот од системски мерки за превенција и нивно намалување.

Во Северна Македонија не постојат систематизирани податоци за насилството врз жени на јавен простор. Постојат извесни податоци околу специфични прашања, како на пример во врска со насилството во училиштата (собрани од УНИЦЕФ, СЗО, Народен правобранител) што вклучува и насилство врз девојчиња. Државниот завод за статистика не спроведува истражувања за перцепцијата на јавната безбедност. Министерството за внатрешни работи собира податоци само за пријавените престапи. Други институции и организации поседуваат податоци за жртви на насилство и за мерки изречени против извршителите.




*Графикон 3: Насилство доживеано од жени.*

Според истражувањето „Безбедноста и добросостојбата на жените“[51] што го спроведе ОБСЕ, а го финансираше ЕУ, спроведено на национален репрезентативен примерок, повеќе од половина, или 54% од жените во Северна Македонија доживеале некој вид насилство во текот на својот живот. Најчесто доживеано е психолошкото насилство од интимните партнери, односно 44% од жените изјавиле дека претрпеле ваков вид насилство. Понатаму, речиси секоја трета жена била сексуално вознемирувана (30%), 14% доживеале физичко и/или сексуално насилство, а секоја десетта жена доживеала демнење (7%).

Преваленцијата на насилство што ја покажува истражувањето е споредбено пониска отколку во ЕУ, но ова може да им се припише на ставовите што нормализираат насилство.[52] На пример, речиси половина (48%) од жените во Северна Македонија се согласуваат дека насилството е приватна работа што треба да се решава во семејството и оваа стапка е трипати повисока во споредба со ЕУ. Понатаму, речиси една третина (30%) од жените се согласува дека жена која кажува дека била вознемирувана често измислува или ги преувеличува тврдењата за вознемирување или силување. А сепак, повеќе од половина од жените во земјата (60%) **сметаат дека насилството врз жените е вообичаена појава и речиси три од секои десет жени веруваат дека често се случува**.[53]

51 Организација за безбедност и соработка во Европа (2019). „Добросостојбата и безбедноста на жените: истражување на ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија“. ОБСЕ. Преземено од: https://urlzs.com/YwL23d на 26 март 2025.

52 Откривањето на доживеаното насилство е повисоко во земјите со подолга традиција на политики за родова еднаквост. Според истражување на Европската агенција за фундаментални права (FRA) спроведено на територијата на ЕУ, трите нации каде жените над 15 години најверојатно ќе пријават доживеано физичко и/или сексуално насилство од партнерот или од некој што не им е партнер се Данска (52%), Финска (47%) и Шведска (47%).

53 OSCE (2019). *Добросостојбата и безбедноста на жените...*

Во однос на пријавување на насилството кај надлежните институции, многу е поверојатно жените кои доживеале насилство од некој што не им е партнер или од поранешен партнер да го пријават најсериозниот инцидент во полиција или друга институција во споредба со оние кои биле жртви на насилство од нивниот сегашен партнер. Сепак, треба да се потенцира дека мнозинството жртви не го пријавуваат насилството. **Речиси девет од десет жени кои претрпеле физичко и/или сексуално насилство од нивниот сегашен партнер не го пријавиле на ниту една институција или организација што нуди услуги, додека само 2% од испитаничките го пријавиле во полиција инцидентот што го сметале за најсериозен**.[54] Меѓу оние кои страдале од физичко и/или сексуално насилство од сегашниот партнер, една од пет жени го пријавила во полиција, а стапката на пријавување е една од четири жени за физичко и/или сексуално насилство од некој што не им бил партнер. Покрај преовладувачките општествени норми што нормализираат насилство и ги стигматизираат жртвите, според истражувањето спроведено од ОБСЕ, мнозинството жени не знаат што да сторат ако доживеат насилство и не се информирани за локалните специјализирани услуги што можат да им помогнат.




*Графикон 4: Стапка на убиства на жени со умисла, 2002-2018.*

Слично на состојбата со податоци за другите облици на родово-базирано насилство, ниедна институција во Северна Македонија систематски не прибира податоци за фемициди. Недостигот на формално следење го прикрива опсегот на проблемот и оневозможува создавање политики базирани на докази. Сепак, Светската банка обезбедува родово-дисагрегирани податоци на убиства со умисла, кои можат да послужат како извор преку кој може да се процени стапката на убиени жени на 100.000 жителки. Анализата на овие податоци покажува значителни аномалии, кои можат да се поврзат со пошироките социо-економски и политички услови. На пример, значаен пораст на фемициди во РСМ се случил во 2002, веројатно поради насилството

54 *Ibid.*

поврзано со конфликтот, додека друга ваква аномалија во 2010 коинцидира со периодот по глобалната економска криза и илустрира колку таквите надворешни фактори можат да ја влошат состојбата со насилството врз жените.[55]

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство се обиде да собере релевантни податоци за фемициди за анализа на темата поддржана од УНДП,[56] забележувајќи, меѓутоа, дека темелна и целосна анализа на сите фемициди на национално ниво не е изводлива поради недостигот на соработка со некои судови и со канцеларијата на јавниот обвинител. Исто така е важно да се забележи дека македонскиот кривичен закон не го класификува фемицидот како засебен прекршок. Сепак, во 2023 година, законот беше дополнет со член според кој за убиство на жена или девојка помлада од 18 години, извршено во контекст на родово-базирано насилство, следува казна од 1 до 8 години. Слично, во земјите-членки на ЕУ, фемицидот не е засебно дефиниран, но нивните закони содржат поспецифични отежнувачки околности, како родово-базирано убиство на жена, убиство на партнерка или смрт на жена поради насилство од интимен партнер.

Понатаму, неколку истражувања што се однесуваат на насилство на јавен простор беа спроведени на локално ниво, пред сè од „Реактор“ (во 2012 и 2020) и од други организации. Почетната проценка на перцепциите за безбедност на жените во Скопје откри дека иако јавниот простор главно се смета за безбеден, многу жени се чувствуваат небезбедно кога се сами. **Повеќе од третина од жените тврделе дека се плашат да излезат сами преку ден, а речиси 60% се плашат да излезат ноќе сами.** Жените во Скопје се соочуваат со различни облици на родово-базирано насилство, вклучувајќи вербално вознемирување, несакано внимание и физичко и сексуално насилство. Некои жени го нормализираат или го оправдуваат ова насилство врз основа на однесувањето, изгледот или облеката. **Отворените простори се сметаат за најмалку безбедни**, а познати или затворени простори како автомобили, работни места и училишта се сметаат за побезбедни. Небезбедните реони ги вклучуваат парковите, подземните премини, скриените патеки, паркинзите, градилиштата, кафулињата, ноќните клубови и јавниот превоз. Стравот од можно вознемирување значително ја ограничува слободата на движење на жените. На овој страв влијаат известувањата на медиуми, личните искуства и општото чувство на ранливост. Наративите за тоа кој и што е закана ги обликува перцепциите за безбедност на жените и го ограничува нивниот пристап до јавните простори.[57]

Понатаму, истражувањето спроведено во 2020 г. покажа дека **една од пет жени** познава жена што била нападната или силувана, додека 5% тоа и самите го доживеале.

55 Светска банка. „Убиства со умисла, жени (на 100.000 жени) – Северна Македонија (1998-2019)“. Меѓународна статистичка база на убиства на Канцеларија на ОН за дроги и криминал. Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 26 март 2025.

56 Димушевска, Е., А. Аврамоска-Нушкова и А. Алили (2021). *Анализа на случаи на фемициди во Република Северна Македонија* (2017-2020). Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство. Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 26 март 2025.

57 Реактор. (2012). *Истражување на опсегот на родово-базирано насилство против жените и девојките на јавни места во Скопје.* Реактор – истражување во акција. Преземено од: https://urlzs.com/qJoMm8 на 26 март 2025.

Притоа, 35% познаваат жена што била физички нападната, а 9% известиле дека самите биле жртви на физички напад. Една од три жени познава некоја што била зграпчена и допирана на сексуален начин, а 21% лично доживеале ваков тип вознемирување. **Повеќе од половина жени, или 54%, познаваат жена што била демнета или следена**, а една од три жени и самата била во таква ситуација. **Покажувањето на гениталии** е уште еден вообичаен проблем и на 40% од жените им се случило да бидат изложени на него, а 51% од жените познаваат жена што била изложена на покажување гениталии или на мастурбирање. **Дофрлањето** е најпреовладувачкиот облик на насилство, па 86% го доживеале самите, а 83% познаваат жена на која ѝ било дофрлувано на јавен простор во Скопје.[58]

Според друго истражување за сексуалното насилство на јавни места во Скопје од 2020 г., сите испитанички изјавиле дека доживеале барем еден облик на сексуално вознемирување, без исклучок. Понатаму, истражувањето открива дека жените биле подложени на мноштво облици на вознемирување, а не само на еден изолиран инцидент. Жените најчесто известуваат за видови на вознемирување што вклучуваат свиркање/свирење (од поединци на улица или од автомобили), вербално вознемирување/дофрлување (како, на пример, нарекување „маче“, „срцка“ или „женска“) и интензивно зјапање. И покрај тоа што вербалното и невербалото вознемирување се најчести одговори, некои испитанички известиле и за физичко насилство или закани од насилство.[59]

На сличен начин, истражување спроведено во 2018 г. од Коалицијата Маргини покажало дека жените во Тетово, исто така, се соочуваат со различни облици на насилство на јавните простори. Највообичаени видови се свиркање, прекорување, плескање, сексуално сугестивни коментари и зјапање. Речиси половина од испитаничките сметаат дека е многу веројатно да доживеат некој да свирка или зјапа во нив. Сексуалните коментари и нападните забелешки базирани на сексизам, етницитет или религија, како и намерно препречување на патот се исто така чести. Во студијата се нагласува и дека жените овие дејства ги доживуваат како насилни и им предизвикуваат вознемиреност и/или страв. Вербалните и визуелни облици на насилство, какви што се непристојните или вулгарни коментари и зјапање, прават жените да се чувствуваат гневни и вознемирени, како што потврдува високиот процент на испитанички што пријавиле вакви реакции. Стравот е особено изразен кај физичките и сексуалните облици на насилство, како што се непосакуваното допирање, обидот за силување и силувањето, при што значителен број од жените пријавиле дека почувствувале страв.[60]

---

58 Реактор. (2020). *Родово-базирано насилство на јавни места во Скопје: Студија на опсег.* Реактор – истражување во акција. Преземено од: https://urlzs.com/qJoMm8 на 26 март 2025.

59 Велинова, А. и Здравевска, Ј. (2020). *Сексуално вознемирување на јавните простори во градот Скопје [Извештај од спроведено емпириско истражување].* Женска слободна зона. Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 26 март 2025.

60 Цветковиќ, И., Дрндаревска, Д и Коцевска, Ј. (2019). *Истражување на опсегот на родово засновано насилство врз жени и девојки на јавниот простор во општина Тетово.* Коалиција Маргини. Преземено од: https://urlzs.com/YwL23d на 26 март 2025.

## Мобилноста на жените на јавен простор

Надвор од истражувањата за насилството врз жените, вклучувајќи овде и насилство во јавен простор, една релевантна анализа на евалуацијата на јавниот простор во Скопје (2018-2023) ја истакнува **родовата динамика на користењето на урбаниот простор**. Резултатите откриваат дека јавните простори претежно ги користат мајки со деца, особено во работните денови од седмицата, што зборува за родовата природа на грижата. Сепак, овие простори остануваат во голема мера непристапни и несоодветно дизајнирани за жени, особено за оние што низ градот се движат со колички или со мали деца.[61]

Овие наоди се потврдени од прошетките за оценка на безбедноста реализирани во 2020 г. како дел од истражувањето во опсег на Реактор – за време на прошетките, просечното бодување на безбедноста не надмина средна оценка (3 од 5), дури и на дневна светлина. Важно е да се забележи дека дневните проценки не беа конзистентно повисоки од ноќните оцени, што укажува дека жените постојано пројавуваат чувство на несигурност, без оглед на времето во денот. Истражувањето идентификуваше различни инфраструктурни проблеми што придонесуваат за оваа несигурност: во текот на денот хаотичниот сообраќај, неструктурираната циркулација на пешаци и незаконското паркирање го зголемувале чувството на несигурност; ноќе, лошото осветлување и тесните, клаустрофобични улици создавале впечаток на „небезбеден лавиринт“.[62]

Родовите разлики во навиките поврзани со јавниот превоз дополнително ја илустрираат оваа динамика. Според Пописот на Државниот завод за статистика од 2021 година,[63] меѓу економски активното население на 15 години и повеќе, **55,4% од пешаците се жени и девојки**, а жените, исто така, претставуваат **65.5% од корисниците на јавниот превоз** (конкретно на автобусите). Наспроти ова, **жени се само 27.7% од возачите**, додека истражувањето на Реактор покажува дека **само 18% од жените поседуваат автомобил.**[64]

Овие бројки сугерираат дека жените повеќе се потпираат на пешачење и на јавен превоз, што ги изложува на поголем ризик од јавната безбедност и ја ограничува нивната подвижност во споредба со мажите. Тоа ја покажува родовата природа на јавните простори и потребата од соодветни мерки, политики и практики кои би ја зголемиле пристапноста, подвижноста и чувството на безбедност на жените во градот.

61 Докузовска, М., Рафаиловска, А. и Вељановски, П. (2023). Алатки за евалуација на јавни простори: *Преглед на јавни простори и студии на случај – Скопје (2018-2023)*. Здружение за заштита на животните и животната средина ЕДНАКВОСТ ДОСТОИНСТВО ЕМПАТИЈА НАТУРАЛИЗАМ (ЕДЕН). Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 26 март 2025.

62 Реактор. (2020). *Родово-базирано насилство...*

63 Државен завод за статистика (2022). *Вкупно работоспособно население на возраст од 15 години и повеќе според пол и видот на превозното средство кое најчесто го користи до работа или школо, по општини, Попис 2021.* Преземено од: https://urlzs.com/9modDy на 26 март 2025.

64 Реактор (2022). *Родова статистика и вградување на родова перспектива во статистичкиот систем на Република Северна Македонија – Заклучоци и препораки.* Реактор – истражување во акција. стр. 85. Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 26 март 2025.

# Правна анализа

Со цел да се направи проценка на законската и институционалната средина во борбата против родово-базираното насилство (РБН) и насилството врз жените и девојчињата (НВЖД), извршивме анализа на содржината на релевантната правна рамка. Во анализата се опфатени меѓународните договори потпишани од страна на Северна Македонија, како и националното законодавство и клучните документи за јавните политики. Со истражување на релевантните национални и меѓународни стандарди, целта е да се понуди сеопфатен преглед на постоечкиот законски контекст и да се идентификуваат областите во кои е неопходно подобрување.

## Меѓународни договори ратификувани од страна на Република Северна Македонија

### Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)

Усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации во 1979 г., **Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)**[65] служи како темелник за унапредување на родовата еднаквост и правата на жените. Често се нарекува и „меѓународна повелба на правата на жените". Северна Македонија стана држава членка на Конвенцијата со нејзината ратификација од страна на Собранието во 1994 година, и е обврзана со одредбите на истата. Во преамбулата на Конвенцијата експлицитно е утврдено дека „и понатаму постои опсежна дискриминација врз жените", при што се нагласува дека таквата дискриминација „го прекршува принципот за еднаквост на правата и почитување на човековото достоинство". Во 14те члена на Конвенцијата се исцртува агендата за постигнување на еднаквост, со посебен акцент на правниот статус на жените.

Во **Општата препорака бр. 19 (1992)**[66] и изменетата **Општа препорака бр. 35 (2017)**[67] експлицитно се обработува РБН како форма на дискриминација со која сериозно се попречува способноста на жените целосно да ги уживаат своите права и слободи. Како што е нагласено во препораките, комплетната имплементација на Конвенцијата налага преземање на проактивни мерки од страна на државите членки со цел да се елиминираат сите форми на насилство врз жените. Во Општата препорака бр. 19 насилството врз жените се дефинира како родово-базирано, додека во Општата

65 Обединети нации (1979 година). „Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените." Договорни серии, 1249, 12. Преземено од: https://urlzs.com/wIuW4L на 26 март 2025.

66 *Ibid*, Општа препорака бр. 19 (1992). Преземено од: https://urlzs.com/H9NbT6 на 26 март 2025.

67 *Ibid*, Општа препорака бр. 35 (2017). Преземено од: https://urlzs.com/W4bop3 на 26 март 2025.

препорака бр. 35 поимањето за истото е рафинирано со усвојување на поимот „родово-засновано насилство врз жените", со нагласок дека не се работи за индивидуален туку за општествен проблем. Понатаму, во Општата препорака бр. 35 се истакнува дека РБН врз жените се случува на секакви места, јавни и приватни. Овде се вбројани јавните места, работното место, рекреативните места, политиката, здравствените услуги, спортот, образовната средина, па дури и дигиталните платформи, каде технологијата повторно ја дефинираше границата меѓу јавниот и приватниот простор. Во согласност со одредбите на Конвенцијата, државите членки се обврзани да воспостават правни норми, да креираат јавни политики, институционални рамки и механизми за мониторинг со цел елиминација на сите форми на РБН. Дополнително, неопходно е да се усвојат и спроведат мерки за искоренување на основните причинители на РБН - предрасудите, стереотипите и практиките. Следствено, државите мора да се погрижат **јавните и приватните простори да бидат безбедни и пристапни за сите жени и девојки.**

Иако со Конвенцијата се опфатени повеќе аспекти насочени кон унапредување на родовата еднаквост, во неколку членови особено се истакнува значајноста на постоењето на безбедни јавни простори за да се постигне оваа цел. Така на пример, во членовите 10, 11, и 13 се потврдуваат правата на жените да не трпат дискриминација во образованието, работните односи и економските и општествените активности, додека во член 14 се утврдуваат правата на жените од руралните средини, вклучително и правото на учество во сите активности на заедницата. Обезбедување на јавни простори во кои нема родово-базирано насилство и вознемирување е од суштинско значење за целосно учество на жените во сите аспекти на економскиот, општествениот и културниот живот.

## Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)

По непрекинатите заложби за застапување, предводени од феминистичките граѓански организации, Собранието на Северна Македонија ја ратификуваше **Истанбулската конвенција**[68] во декември 2017 г., додека на почетокот на 2018 година истата стапи на сила. Со Конвенцијата се наметнуваат бројни обврски на државите членки, вклучително и потребата за усвојување на законодавни и други мерки за спречување на РБН, заштита на жртвите, како и обезбедување на соодветен правен лек. Дополнително, од државите се бара одредени чинови да бидат криминализирани, како на пример психолошкото насилство, демнењето, физичкото насилство, сексуалното насилство (вклучително и силувањето), присилното стапување во брак, осакатување на женските гениталии, принуден абортус и принудна стерилизација, и сексуално вознемирување, со што се поставуваат строги стандарди за казниво

68 Совет на Европа. (2011). „Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство." Договорни серии на Советот на Европа – Бр. 210, стапена на сила на 01.08.2014 г.

однесување. Исто така, Конвенцијата нуди јасни дефиниции за „насилство врз жени“, „семејно насилство“, „родово-базирано насилство врз жени“, „жртва“ и „жени“, при што не постои простор за недоумици и се обезбедува прецизност во спроведувањето на истата.

Според Истанбулската конвенција, насилството врз жените се дефинира како „прекршување на човековите права и како форма на дискриминација врз жените“, при што овде се вбројуваат сите чинови на РБН што резултираат или може да резултираат со физичка, сексуална, психолошка или економска штета или страдање на жените. Во дефиницијата се вклучени и заканите, присилата или произволното лишување од слобода, без оглед дали овие чинови се случуваат во јавните или приватните простори. Понатаму, со член 4, насловен како „Основни права, еднаквост и не-дискриминација“, се обврзуваат сите држави членки да ги преземат сите неопходни законодавни и други мерки за промоција и заштита на правото на сите, особено на жените, да живеат слободни од насилство како во јавните така и во приватните простори.

Со ратификацијата на Истанбулската конвенција, Северна Македонија се обврза да ги обезбеди јавните простори како сигурни и инклузивни, со што на жените ќе им се овозможи целосно учество во сите аспекти на општествениот, економскиот и културниот живот. Во 2018 г., земјата го усвои **Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција**[69] за периодот од 2018 до 2023 година. Сепак, неколку активности содржани во Акцискиот план не беа целосно спроведени,[70] при што забележан е особено слаб напредок во напорите насочени кон спречување на насилството врз жените и семејното насилство.[71] Исто така, не сите национални институции ја исполниле обврската за изготвување на конкретен годишен оперативен план со соодветно испланиран буџет за спроведување на истиот. Одредени институции подготвија оперативни планови само за 2019 и 2020 г., при што во повеќето случаи истите не беа достапни на официјалните веб-страни.[72] Непотполното спроведување на Истанбулската конвенција, во главно како резултат на недоволни финансиски средства и неефективна координација меѓу институциите, е постојана мета на критиките на ЕУ, како што можеше да се забележи во Извештајот за Северна Македонија во 2024 година.[73]

---

69 Министерство за социјална работа и политика. (2018). „Оперативен план за имплементација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство во Република Македонија (2018-2023)“. Преземено од: https://mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx на 26 март 2025.

70 Група на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство. (2023). „Извештај за (основна) евалуација на ГРЕВИО за законодавни и други мерки со што се применуваат одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) - Северна Македонија. ГРЕВИО. Преземено од: https://urlzs.com/9GL4Vt на 26 март 2025.

71 Димушевска, Е. & Аврамоска Нушкова, А. (2023). „Сумарен извештај за напредокот на Р. Северна Македонија при спроведувањето на националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција (октомври 2018 – октомври 2023). *Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.* Преземено од: https://urlzs.com/RfNMYd на 26 март 2025.

72 *Ibid.*

73 Европска комисија. (2024). „Работен документ на членовите на Комисијата: Северна Македонија 2024 Извештај“. Преземено од: https://urlzs.com/u0ZieY на 26 март 2025.

Надлежните институции одговорни за спроведувањето на активностите имаат обврска да изготват оперативен план за извршување на акцискиот план секоја година. Според акцискиот план, вкупно 11 тела се одговорни за ваквите активности.

| Бр. | Институција | Операциски план |
|---|---|---|
| 1 | Министерство за социјална работа и политика | / |
| 2 | Министерство за правда | 2019, 2021, 2022, 2023 |
| 3 | Министерство за внатрешни работи | 2019 |
| 4 | Министерство за здравство | 2019, 2021 |
| 5 | Министерство за образование | 2021, 2022 |
| 6 | Министерство за информатичко општество и администрација | / |
| 7 | Агенција за аудио и аудиовизуелни услуги | 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 |
| 8 | Влада | / |
| 9 | Министерство за локална самоуправа | / |
| 10 | Биро за развој на образованието | / |
| 11 | Национално координативно тело за РБН | / |

**Град Скопје** не усвои оперативен план за спроведување на активностите утврдени со Националната стратегија за РБН. Во Годишниот извештај за 2023 година,[74] Градот Скопје ја наведува изготвената стратегија за родова еднаквост придружена со акциски план;[75] сепак, документот е застарен, а временската рамка е веќе истечена. Во моментов, Град Скопје нема изготвено оперативен план со кој конкретно се адресираат обврските со Истанбулската конвенција, со што останува нејасно како градот планира да ги исполни систематски обврските во поглед на спречувањето и заштитата од РБН како што налагаат националните и меѓународните заложби.

На официјалната веб-страна на Општина Центар, не се јавно достапни ниту стратегија, ниту активности или оперативен план што конкретно се однесуваат на родовата еднаквост или обврските на општината во согласност со Истанбулската конвенција. Сепак, во 2021 година, локалната **Комисија за еднакви можности (КЕМ)** објави програма на активности за следната година, во која беа наведени спречувањето и заштитата од семејно насилство како основни активности, со скромен буџет од 10.000 денари за исполнување на истата.[76] КЕМ неодамна ја усвои програмата на

74 Град Скопје. (2023). „Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот во обезбедувањето на еднакви можности за мажите и жените во 2022 година". Преземено од: https://urlzs.com/mOuKec на 26 март 2025.

75 Град Скопје. (2011). *Стратегија за родова еднаквост на Град Скопје*. Преземено од: https://urlzs.com/mOuKec на 26 март 2025.

76 Совет на Општина Центар. (2021) „Програма на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите за 2022 година". Преземено од: https://urlzs.com/oIGrxl на 26 март 2025.

активности за 2025 година,[77] во која не е содржана јасна намера за идни активности или зголемување на буџетот во оваа област, со што продолжуваат минималните заложби и несоодветното финансиско приоретизирање на РБН на локално ниво.

Во Тетово, пак, на официјалната веб-страна на **Општина Тетово,** воопшто не се достапни стратегија, акционен план или оперативен план поврзани со родовата еднаквост. Дополнително, не постои јавно достапен документ во кој се наведуваат обврските на општината според Истанбулската конвенција. Единствената достапна информација поврзана со родовата еднаквост е списокот на назначени членови на Комисијата за еднакви можности,[78] без дополнителни детали за специфични активности, стратешки цели или планирани интервенции. Непостоењето на јавно достапна планска документација значително ја поткопува транспарентноста и одговорноста при соочувањето со родовата еднаквост и борбата со РБН на локално ниво.

Иако претходниот Акционен план **истече во 2023 година,** сè уште не е усвоен нов сеопфатен Национален акциски план за справување со родово-базираното насилство. Ваквото одлагање создава значителен вакуум во политиките, при што опаѓа континуитетот во заложбите и реакциите на институциите, клучни за целосното спроведување на Истанбулската конвенција. Недостигот на стратешка рамка ги ограничува координираните активности меѓу релевантните чинители, создава нејаснотии во улогите и одговорностите, и го намалува напредокот кон ефективен одговор на клучните одредби на Конвенцијата. Дополнително, без усвоен валиден стратешки документ, институциите немаат јасни насоки и мерливи цели, со што се отежнува мониторингот на напредокот, проценката на целите, и одредувањето на одговорност. Следствено, актуелната празнина негативно влијае на капацитетот на Северна Македонија во постигнувањето на значајни и одржливи промени во спречувањето и борбата со РБН, во согласност со Истанбулската конвенција.

77 Совет на Општина Центар. (2024) „Програма на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите за 2025". Преземено од: https://urlzs.com/PsfQKy на 26 март 2025.

78 Општина Тетово. „Список на комисиите под Советот на Општина Тетово". Преземено од: https://urlzs.com/kQB5GA на 26 март 2025.

## Конвенција за елиминирање на насилството и вознемирувањето во полето на работата (C190)

Во јуни 2023 година, Северна Македонија стана деветта земја во Европа што ја ратификува **Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето во полето на работата на Меѓународната организација на трудот бр. 190 (МОТ)**.[79] Оваа значајна Конвенција е првиот меѓународен договор со кој сеопфатно се уредува насилството и вознемирувањето на работното место, вклучително и РБН и сексуалното вознемирување. Според Конвенцијата, наведеното однесување претставува прекршок на човековите права и може да спречи поединци, особено жени, да пристапат, да се задржат или да напредуваат на пазарот на труд. Конвенцијата се темели на принципот дека сите имаат право на работа во средина без насилство и вознемирување, со гарантирано достоинство, еднаквост и благосостојба за сите.

Опширниот и инклузивен обем на Конвенцијата претставува исклучителен аспект. Усвоена е опширна дефиниција за „работниците и другите лица во полето на трудот", при што покрај вработените со формални договори за вработување опфатени се и лицата на обука, работници чијшто работен однос е прекинат, волонтери, лица што бараат вработување и апликанти. Применлива е во сите сектори – јавен и приватен, формален и неформален, урбан и рурален. Дополнително, Конвенцијата го дефинира „полето на работа" на подеднакво сеопфатен начин, опфаќајќи ги јавните и приватните простори доколку се применуваат како места на работа, како и локациите каде работниците се плаќаат, се на пауза, или пристапуваат до одредени простории; деловни патувања, обуки, настани или социјални активности; сместување обезбедено од работодавецот, и патувањето до и од работното место. Широката рамка на Конвенцијата препознава дека насилството и вознемирувањето не се ограничени на традиционалните работни места туку се појавуваат во повеќе контексти.

Додека ратификацијата од страна на Северна Македонија претставува пресвртница, стапувањето на сила, како и процесот на усогласување на одредбите со националното законодавство сè уште се во тек. Откако ќе стапи на сила, државата ќе има обврска да преземе конкретни чекори за спречување на насилството и вознемирувањето преку едукации и кревање на свесноста, додека вработувачите ќе имаат обврска да усвојат политики и постапки за справување со проблемите. Наведените мерки се вкрстуваат со безбедноста од поширок аспект на жените во јавните места, бидејќи вознемирувањето и насилството на работата се прелева и надвор од самото работно место.

79 Меѓународна организација на трудот. (2023) „Северна Македонија ја ратификуваше ИЛО Конвенцијата за елиминација на насилството и вознемирувањето во полето на работата (Ц190)". Преземено од: https://urlzs.com/6eYoLJ на 26 март 2025.

# Национално законодавство

## Закон за еднакви можности на жените и мажите

**Законот за еднакви можности на жените и мажите**[80] служи како основен закон за родова еднаквост во Северна Македонија. Во согласност со член 2, целта на законот е воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, со намера да биде применлив во јавниот и во приватниот сектор, со различни надлежности првенствено кај јавните институции. Првично усвоен во 2012 година, се смета за застарен и нецелосно усогласен со понапредните закони усвоени во изминатите години. По две одделни истражувања[81] [82] во кои неговата практична примена беше оценета главно како неефикасна, Министерството за труд и социјална политика (сега Министерство за социјална политика, демографија и млади) формираше работна група за изработка на нов Закон за родова еднаквост.

И покрај долгогодишните заложби на работната група, во која учествуваа и феминистички граѓански организации, нацрт-законот беше тргнат настрана претежно како резултат на реакциите против родовата еднаквост и подемот на анти-родови наративи во Северна Македонија, како и очигледниот недостаток на политичка волја за усвојување на овој клучен закон за родовата еднаквост. Стагнацијата има значајни последици врз родовата еднаквост, а државата е оставена со понеповолна законска рамка. Произлезеното доцнење во усвојувањето на понапреден закон за родова еднаквост создава празнина во овозможувањето на безбедни, инклузивни и пристапни (јавни) простори за сите жени и девојки.

Според Законот за еднакви можности, Владата треба да изготви, а Собранието да усвои стратегија за родова еднаквост за осумгодишен период. Сепак, тековната **Стратегија за родова еднаквост (2022-2027),** која опфаќа период од само пет години, беше усвоена од Собранието во јули 2022 година, по пауза од повеќе од година и пол по истекот на претходната стратегија (2013-2020). Во периодот помеѓу, Северна Македонија остана без клучна стратешка рамка за родова еднаквост. Во моментов, Реактор го изготвува петтиот Извештај во сенка за имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост, за периодот од август 2022 година до декември 2023 година. Во оваа независна проценка се прави анализа во напредокот на мерките и активностите предвидени со Стратегијата, Националниот акциски план за родова еднаквост (2022-2024) и Оперативниот план за 2023 на Министерството за труд и социјална политика. Според првичните наоди, помалку од 40% од планираните активности се целосно спроведени.

80 Закон за еднакви можности за жените и мажите. „Службен весник на Република Македонија“, бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 53/21.

81 Чаловска-Димовска, Н. (2019). „Извештај за проценка на имплементацијата на Законот за еднакви можности за мажите и жените на централно ниво“. Преземено од: https://urlzs.com/N0johb на 26 март 2025.

82 Савовска, М. (2019). „Извештај за проценка на имплементацијата на Законот за еднакви можности за жените и мажите на локално ниво“. Акција Здруженска. Преземено од: https://urlzs.com/epBlM7 на 26 март 2025.

## Закон за спречување и заштита од дискриминација

Во 2020 година, Северна Македонија го усвои **Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД)**,[83] со што се направи значаен напредок кон постигнувањето на еднаквост и унапредување на заштитата на човековите права. Во сеопфатната правна рамка експлицитно се вклучени родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет меѓу заштитените основи од дискриминација, усогласувајќи го националното законодавство со меѓународните стандарди за човекови права. Законот нуди јасни дефиниции на повеќе форми на дискриминација, како што се вознемирување, сексуално вознемирување, виктимизација, сегрегација, поттикнување и други сериозни дискриминаторски практики. Дополнително, со законот беше формирана и **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД),** независно собраниско тело со надлежност да спречува дискриминација и да ги штити граѓаните во сите сфери на јавниот и приватниот живот.

Според **Годишниот извештај за 2023 година**,[84] Комисијата донела 59 одлуки за утврдување на дискриминација и идентификувала сериозни случаи на интерсекциска, континуирана и повторена дискриминација на различни основи. Највисоката стапка на дискриминација е забележена во работните односи, најчесто врз основа на лични карактеристики, социјален статус, сексуална ориентација, родов идентитет, национално или етничко потекло, политичко уверување и припадност на маргинализирани групи. Институциите од јавниот сектор се инволвирани во мнозинството од случаите, односно приближно 56% од жалбите, при што поголемиот број од пријавените инциденти се случиле во Скопје (180 случаи или 36,22%).[85] Повеќето од претставките се однесуваат на дискриминаторски дејства од страна на раководен кадар или произлегуваат директно од државните институции.

Сепак, ефективната имплементација на законот е видливо попречена, главно поради структурни, оперативни и финансиски ограничувања. Од финансиски аспект, КСЗД работи со ограничен буџет, што ја спречува од доследно исполнување дури и на основните законски предвидени задачи. Следствено, Комисијата во голема мера зависи од проекти финансирани од меѓународни донатори, странски фондации или граѓански организации за проактивни мерки како што се јавни кампањи, едукативни иницијативи и промотивни активности. Со зависноста од надворешно финансирање се преиспитува и одржливоста на превентивните напори, ја ослабува институционалната независност и укажува на несоодветно политичко приоретизирање на прашања поврзани со дискриминација.

83 Закон за спречување и заштита од дискриминација. „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/20.

84 Комисија за заштита од дискриминација. (2024). „Годишен извештај на Комисијата за заштита и спречување на дискриминација за 2023 година“. Преземено од: https://urlzs.com/1kgtxa на 26 март 2025.

85 *Ibid.*

Исто така, Комисијата е оптоварена со премногу амбициозен законски мандат, утврден во член 21 од ЗЗСД, со кој се предвидуваат 27 различни надлежности. Во пракса, поради ограничени човечки, технички и финансиски ресурси, КСЗД може ефективно да се справува само со дел од овие надлежности. Несразмерот меѓу обемните формални обврски и ограничениот практичен капацитет создава стратешка неусогласеност меѓу ефективноста и ефикасноста. Иако Комисијата успешно одлучува по поединечни случаи на дискриминација, влијанието врз општествените ставови и однесувања е минимално. Нерамнотежата го разводнува институционалниот фокус, што доведува до површни успеси кои не се преточуваат во суштинска општествена трансформација.

Дополнителна пречка претставуваат празните места на клучни позиции во Комисијата, особено две места за членови на Комисијата и неколку важни стручни кадровски позиции.[86] Недостатоците во кадровската структура значително ги намалија оперативната способност и ефективноста на институцијата, компромитирајќи ја нејзината целокупна способност да ги спроведува законски пропишаните надлежности и соодветно да одговара на случаи и трендови на дискриминација.

Може да се заклучи дека искуството со КСЗД ја истакнува нејзината клучна улога во борбата со дискриминацијата но и потребата од суштински структурни реформи. Обезбедувањето на соодветни ресурси, прецизирањето на законските обврски и решавањето на оперативните недостатоци се клучни чекори преку кои КСЗД ќе може да ги исполни стратешките цели, да го зајакне влијанието во општеството, и да одговори на сложените и променливи предизвици поврзани со дискриминацијата во Северна Македонија.

## Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Закон за РБН)

Во Северна Македонија се случија неколку позитивни законодавни измени поврзани со РБН и НЖД по ратификацијата на Истанбулската конвенција во 2017 година. На пример, **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Закон за РБН)**[87] беше усвоен и стапи на сила во 2021 година. Овој закон претставува значаен чекор напред во законодавната рамка на Северна Македонија, бидејќи се проширува опсегот на РБН вон семејното насилство. Нуди јасни дефиниции за поими како што се „насилство врз жените", „родово-базирано насилство", „семејно насилство" и „насилство од интимен партнер". Важно е да се напомене дека законот прави разлика меѓу „пол" и „род" и ја воведува дефиницијата за „трансродова личност" за првпат во македонскиот правен систем. Понатаму, законот нуди широка дефиниција за „жртва", при што опфатено е секое физичко лице кое било подложено

86 Наведените позиции беа пополнети во 2024 година. Комисијата оттогаш функционира со полн капацитет.

87 Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 24/2021.

на насилство опфатено со законот.[88] Слично на Истанбулската конвенција, Законот за РБН го дефинира „НВЖ“ како:

> Кршење на човековите права, дискриминација врз жените и сите форми на родово-базирано насилство што доведуваат или постои веројатност дека ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.[89]

Законската заштита од семејно насилство во Северна Македонија се заснова на две посебни, но сепак комплементарни рамки: кривични постапки, уредени со **Кривичниот законик и Законот за кривична постапка**, и граѓанско-правни мерки за заштита, утврдени со Законот за спречување и заштита од семејно насилство (РБН), усвоен во 2014 година, а на сила од 1 јануари, 2015 година. Овој закон јасно ги дефинира улогите и обврските на државните институции и граѓанските организации (ГО), и овозможува координирано дејствување и мултисекторска поддршка за жртвите. Меѓу дополнителните законски инструменти за поголема заштита се вбројуваат и **Законот за социјална заштита,** кој овозможува клучни услуги како на пример итно сместување и советување, и **Законот за бесплатна правна помош,** со кој на жртвите им се пружа потребната правна поддршка преку застапување во административни и судски постапки, особено во врска со правата од социјален, здравствен, пензиски и инвалидски аспект.

Член 4 од Законот за РБН воведува клаузула за должно внимание за државните институции, во согласност со Истанбулската конвенција. Исто така пропишува процедура со која судовите можат да изрекуваат итни и привремени мерки за заштита. Итната мерка за отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до истиот има за цел да спречи непосредна и сериозна закана за животот, физичкото и психолошкото здравје на жртвата и семејните членови. Покрај тоа, законот предвидува отворен список на дополнителни привремени заштитни мерки, со што на судовите им се овозможува да изрекуваат дополнителни мерки (што не се конкретно наведени) доколку се сметаат за неопходни за безбедноста на жртвата и семејството.

Особено значајно е да се истакне дека со законот се воведува важна одредба – правото на жртвата да поднесе тужба против државните институции пред граѓанските судови доколку тие не ја исполнат обврската за должно внимание. Со одредбата на судот му се овозможува да додели оштета на жртвата и да ја обврзе државната институција да постапи согласно законот. Во овие случаи, тужителот треба да изнесе доволно факти

88 *Ibid.* член 3, став 1, потточка 9.
89 *Ibid.* член 3, став 1, потточка 1.

за да формира prima facie случај (тврдење што на прв поглед изгледа вистинито, освен ако не се докаже спротивното), по што товарот на докажување се префрла на државната институција. Дополнително, законот забранува судовите да наложуваат спогодби и гарантира дека жртвите ќе бидат ослободени од судски такси или трошоци пред да ја добијат одобрената финансиска надомест.

Сепак, како што е истакнато во извештајот на Групата на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО),[90] нема доволно информации за практичната примена на овие граѓански правни лекови и понатаму не е јасно дали жените жртви на насилство во Северна Македонија се доволно информирани за нивните права според Законот за РНБ. Следствено, **ГРЕВИО не можеше да ја процени ефективноста на Законот за РНБ** во обезбедувањето на пристап до правда за жртвите. Во извештајот на ГРЕВИО се забележува дека сè уште не се усвоени неколку подзаконски акти неопходни за целосна имплементација на одредени одредби од Законот за РБН.91 Овие подзаконски акти се од суштинско значење за операционализација на законската рамка, бидејќи непостоењето на истите ја попречува ефективната примена и го одложува остварувањето на предвидената заштита на жртвите на РБН.

Одредбите на Законот за РБН имаат цел да ги заштитат жените од насилство, без разлика дали се случува на јавни или приватни простори. Со ваквиот пристап се нагласува важноста на заштитата на правата на жените и промовирањето на нивната способност да се движат слободно и целосно да учествуваат во јавниот и приватниот живот, без страв од насилство или вознемирување. Зајакнувањето на имплементацијата на Законот за РБН, собирањето релевантни податоци и унапредувањето на координирани институционални одговори се клучни чекори кон создавање на инклузивни, пристапни и безбедни јавни места за сите жени и девојки.

## Закони за работни односи – Закон за работни односи и Закон за заштита од вознемирување на работно место

Законодавната рамка во Северна Македонија за насилство и вознемирување на работното место се состои од неколку регулативи што се преклопуваат, првично **Законот за работни односи, Законот за заштита од вознемирување на работното место и Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) и Кривичниот законик** кој содржи поглавје за кривични дела против работните односи.[92]

90 Група на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство. (2023). „Извештај за евалуација (основна) на ГРЕВИО за законодавни и други мерки со што се применуваат одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) – Северна Македонија". https://urlzs.com/9GL4Vt на 26 март 2025.

91 *Ibid.*

92 Кривичен законик. „Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и Службен весник на Република Македонија" бр.36/23. Членови 166-171.

**Законот за работни односи**[93] опфаќа прашања како дискриминацијата, вознемирувањето, сексуалното вознемирување и психолошко вознемирување (мобинг) во контекст на работните односи. За споредба, **Законот за заштита од вознемирување на работното место**[94] конкретно ги уредува правата и одговорностите и на работодавецот и на вработените во поглед на превентивни мерки, механизми за пријавување, и постапки за справување со случаи на вознемирување на работното место. Сепак, постојат очигледни недоследности меѓу двата закони, особено во поглед на дефинициите, процедуралните механизми, и поточно толкувањето на и справувањето со мобингот, со што се создава конфузија и се ограничуваат правните можности на работниците. Дополнително, и покрај јасната меѓусебна поврзаност на законите со широкиот опсег на ЗСЗД, усогласувањето со сеопфатната рамка против дискриминација и понатаму е непотполно. Двата закони беа подложени на долгогодишни ревизии без јасен временски или дефинитивен исход, со што се создаде неизвесност и се попречи заштитата на работничките права во пракса.

За дополнително зајакнување на легислативата за работни односи, измените треба експлицитно да содржат одредби со кои се гарантира безбедноста на жените во сите средини поврзани со работните активности. Во согласност со општирниот пристап воспоставен со стандардите на Меѓународната организација на трудот (МОТ), законските мерки треба да се протегаат вон традиционалното работно место за да ги опфатат сите места и контексти каде што се извршува работа – како што се јавни места, деловни патувања, социјални настани поврзани со работа и патување до и од работа. Со ваков сеопфатен опсег, националното законодавство ќе се усогласи со меѓународните стандарди, особено со **Конвенцијата 190 на МОТ (Конвенција против насилство и вознемирување),** а заложбите да се овозможи работна средина без насилство за сите работници ќе бидат засилени, со посебен акцент на специфичните различности на жените во јавен и полу-јавен контекст поврзан со работата.

За ефикасно справување со вознемирувањето и мобингот на работното место, Северна Македонија треба да даде приоритет на усогласувањето на дефинициите во Законот за работни односи и Законот за заштита од вознемирување на работното место за да се овозможи законска јасност и доследна примена. Неопходно е да се воведат експлицитни упатства и конзистентни дефиниции за да се избегнат спротивставени толкувања, особено во однос на мобингот. За сето ова да биде сеопфатно, неопходно е да се одреди одговорност кај работодавците, редовни инспекции, да се воспоставаат доверливи канали за пријавување и поефикасни механизми за интерно решавање на поплаките, како и транспаренти процедури за справување со случаи на вознемирување. Работодавците исто така треба да бидат експлицитно обврзани

93 Закон за работни односи, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21.

94 Закон за заштита од вознемирување на работното место. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/21.

да обезбедат редовна обука на целиот персонал за препознавање, спречување и пријавување на вознемирување на работното место, со што значително ќе се зајакне институционалната реакција и ефективноста во борбата против насилството на работното место.

## Кривични и прекршочни закони – Кривичен законик и Закон за прекршоци против јавниот ред и мир

Во февруари 2023 година, Северна Македонија усвои значајни измени во Кривичниот законик[95] насочени кон усогласување на националните закони со Истанбулската конвенција, при што беа воведени значителни подобрувања, како што се јасна дефиниција за родово-базираното насилство (РБН) врз жените, семејно насилство како и нови форми на виктимизација. Потребно е да се забележи дека со измените се воспоставија експлицитни законски дефиниции за родово-базираното насилство, семејното насилство, вознемирувањето, сексуалното вознемирување, и други клучни кривични дела, вклучително и осакатување на женските гениталии. И покрај напредокот, законите не се целосно усогласени со одредбите на Истанбулската конвенција. Значителен недостаток постои во поглед на психолошкото насилство.[96] Иако во член 122, став 21 од Кривичниот законик психолошкото насилство се препознава во рамките на семејното насилство, сепак психичкото насилство не е воведено како засебно кривично дело.[97] Ова создава нејаснотии во сеопфатното справување со психичкото насилство, го комплицира спроведувањето во пракса и ја намалува ефикасноста на заштитата на жртвите.

Во полето на јавниот ред и мир, со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир се дефинираат делата со кои се нарушува јавниот ред и безбедноста, вклучително и дејства со кои се понижуваат или се загрозува безбедноста на граѓаните на јавните простори.[98] Сепак во моментов овој закон не содржи родово сензитивни одредби, и не ги препознава соодветно специфичните ранливости на жените и девојките на јавните простори. Иако широката дефиниција за јавни простори и прекршочни дела е корисна, во истата не се утврдени експлицитни мерки изготвени во согласност со искуствата на жените во однос на вознемирувањето или насилството во ваквите средини.

Во Северна Македонија говорот на омраза е регулиран преку повеќе законски рамки, што повлекува преклопувања и предизвици при спроведувањето. Во Кривичниот законик експлицитно се уредува говорот на омраза со членовите 319 до 394-г, при што се криминализираат дејства со кои се поттикнува насилство или нетолерантност врз основа на неколку дискриминаторски основи, односно раса, етничка припадност,

95 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 36/2023.

96 ГРЕВИО (2023)

97 *Ibid.*

98 *Ibid.* член 3, став 1.

религија, род и сексуална ориентација. Дополнително, во член 407-1 се криминализира оправдувањето или промовирањето на дискриминација или насилство врз основа на идентитетски карактеристики. Законот за спречување и заштита од дискриминација индиректно се надоврзува на оваа регулатива со забрана на вознемирување или поттикнување на дискриминација (член 9 и 10). Слични забрани можат да се најдат и во други закони: Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси се забранува медиумска содржина со која се промовира дискриминација или омраза, во Законот за спречување на насилство на спортски настани се забранува истакнување на симболи или дејства што поттикнуваат омраза или насилство, во Законот за политички партии не се дозволуваат партиски активности со кои се поттикнува омраза, додека во Законот за здруженија и фондации се забранува формирање на организации со чии активности се промовира омраза или дискриминација. И покрај големиот опсег на законите, нивното спроведување во пракса е непостојано, првично заради нејасната дефиниција и толкување на говорот на омраза, што од друга страна резултира со ограничени судски постапки и правна неизвесност.

Дополнителен предизвик претставува отсуството на јасна институционална одговорност за справување со говорот на омраза, бидејќи онлајн просторите се експлицитно исклучени од надлежноста на регулаторното тело за аудиовизуелни медиуми.[99] Одовде, онлајн говорот на омраза потпаѓа под надлежноста на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи, кое располага со ограничени капацитети и домен на дејствување. Расцепканиот законски пристап – говорот на омраза се уредува со неколку закони без притоа да се воспостави јасна координација – исто така создава забуни во однос на институционалната надлежност, и дополнително го попречува доследното спроведување во пракса. Ефективноста може да се подобри со прецизирање и насочување на законите, прецизно дефинирање на надлежностите и механизмите за координација кај одговорните институции, и зголемување на капацитетите, особено кај Министерството за внатрешни работи и јавните обвинители, со цел да се спроведат проактивни регулативи против говорот на омраза во онлајн просторот но и надвор од него.

За надминување на овие предизвици, неопходно е да се издадат неколку препораки. Прво, неопходно е усогласување на дефинициите во сите релевантни закони – особено во однос на психолошкото насилство и говорот на омраза – за да се елиминираат постоечките недоследности и да се овозможи унифицирана примена. Воведувањето на индивидуално кривично дело за психолошко насилство, усогласено со препораките на ГРЕВИО, е од суштинско значење за зајакнување на заштитата на жртвите. Понатаму, потребни се родово-сензитивни ревизии во рамките на прекршочните закони и законите за јавен ред. Зголемената институционална соработка, јасно

99 Михајлова, Стратилати, Е. (2023). *Анализа на правната рамка на Северна Македонија за регулирање на говорот на омраза.* Хелсиншки комитет за човекови права.

дефинирани надлежности и сеопфатна професионална обука насочена кон полициските службеници, обвинителите и судиите се клучни чекори кон намалување на јазот меѓу законските одредби и нивната практична примена. Зајакнувањето на техничкиот и оперативниот капацитет на релевантните институции, особено во Секторот за компјутерски криминал во рамките на Министерството за внатрешни работи исто така е од клучно значење за ефективно справување и поведување на судски постапки во инцидентите на онлајн говор на омраза.

## Закони за урбанистички развој – Закон за урбанистичко планирање и Закон за урбано зеленило

Уредувањето и развојот на јавните места треба да ја промовира слободата и безбедното движење во истите. Во тој поглед, од значење за нашата анализа се два дополнителни закони, Законот за урбанистичко планирање[100] и Законот за урбано зеленило.[101] Во согласност со насловите на законите, со првиот закон се уредува урбанистичкото планирање и просторното уредување, додека со вториот се става акцент на планирањето, уредувањето, изградбата, заштитата и реконструкцијата на урбаното зеленило, како на пример парковите и парк-шумите. Сепак родовата перспектива не е опфатена со ниту еден од овие закони, ниту пак е наведена безбедноста и благосостојбата на жените во јавните простори.

Овој недостаток е значителен со оглед на родовата природа на искуствата во јавните простори, каде жените често се соочуваат со специфични безбедносни ризици, вклучително и вознемирување и насилство. Интеграцијата на родово-сензитивен пристап ќе овозможи разгледување на наведените предизвици во урбанистичкото планирање и развојот на зелените простори. Во спротивно, во јавните простори ќе се продлабочи нееднаквоста, ќе се ограничи способноста на жените целосно да учествуваат во социјалните, економските и културните активности и ќе се поткопаат заложбите за постигнување на родова еднаквост.

Со двата закони се предвидуваат можности за учество на граѓаните и граѓанското општество во процесот на донесување на одлуки. Во Законот за урбанистичко планирање експлицитно се уредува формирањето на партиципативно тело од страна на единиците на локалната самоуправа со цел да се зголеми вклученоста, учеството и придонесот на граѓаните во урбанистичкото планирање. Во телата се застапени претставници од граѓанското општество од локалната заедница, што претставува потенцијална влезна точка за феминистичките граѓански перспективи во промоцијата на инклузивност во урбанистичкото планирање и овозможувањето на безбедност во јавните простори. Сепак неопходно е дополнително да се процени ефективноста на овие тела во интеграцијата на граѓанското општество и родовата перспектива.

100 Закон за урбанистичко планирање. „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 32/20, 111/23 и 171/24.

101 Закон за урбано зеленило. „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/20.

Значаен предизвик е ограниченото присуство на феминистички граѓански организации во сите општини. Иако многу организации располагаат со неопходната стручност, условот претставниците на граѓанските организации да потекнуваат исклучиво од локалната заедница може да ја ограничи можноста за вклучување на феминистичките перспективи таму каде што организации од ваков тип не постојат.

Иако учеството на феминистичките граѓански организации е клучно, примарната одговорност за интеграција на родовата перспектива во урбанистичкото планирање се наоѓа во самите институции. Оваа обврска може да се протолкува како произлезена од Законот за еднакви можности во кој се нагласува должноста на институциите да ја унапредуваат родовата еднаквост. Одовде, овозможувањето на родовата перспектива во урбанистичкото планирање налага институционална одговорност но и проактивни мерки за вклучување на различни гласови од граѓанското општество, со што ќе се создадат инклузивни и безбедни јавни простори во кои ќе бидат одразени потребите на сите граѓани.

# Методологија

## Методолошки принципи

Целокупниот истражувачки пристап применет во оваа студија се темели на феминистичка методологија, којашто го нагласува централното место на родовите односи и односите на моќ во обликувањето на знаењето и животните искуства. Методологијата, во овој контекст, ја разбираме како сложен процес што ги поврзува *епистемологијата* („како знаеме" - прашања за тоа што може да се знае и меѓусебната поврзаност помеѓу знаењето, искуствата и стварноста); *теоријата* (идеи за тоа како функционираат работите); *онтологијата* (категоризација и класификација на овие идеи и како тие се вклопуваат заедно, т.е. што постои и што може да биде обзнането); како и *размислувањата за валидноста* (рефлектирање на резултатите од истражувањето), *етиката* и *одговорноста* во производството на знаење (вклучувајќи го и изборот на методи за собирање податоци). Овој дел од документот дава опис на **четирите водечки принципи** што го обликуваат дизајнот на истражувањето.[102]

### Родово-свесно интерсекциско (вкрстено) врамување

Првиот водечки принцип гласи дека **феминистичкото истражување им дава приоритет на родовата нееднаквост и динамиките на моќ**.[103 104 105] Одејќи отаде рамката што го испитува исклучиво насилството врз жените, оваа студија го проширува својот оптег за да го вклучи и родово-базираното насилство (РБН). **Свртувањето кон „родовото насилство"** ги проширува истражувачките перспективи и препознава дека родовото насилство не е ограничено само на насилство врз жените, туку ги погодува и децата, младите и ЛГБТКИ+ лицата. Дополнително, истражувањето го зема предвид вкрстувањето на возраста, етничката припадност, способностите и социјалниот статус во обликувањето на ранливоста.

### Минимизирање на динамиките на моќ

Вториот принцип **наменски го минимизира стандардната академска дистанца помеѓу истражувачот/-ката и „истражуваниот/-ата" (учесникот/-чката)**, во

102 Идеите во голема мера се темелат на Skinner, T., Hester, M. and Malos, E. (2005). Researching Gender violence: Feminist Methodology in Action. Cullompton: Willan Publishing.

103 Renzetti, C.M., (1997). "Confessions of a reformed positivist: Feminist participatory research as good social science", In M.M. Devault (ed.). (1999). *Liberating Method: Feminism and Social Research.* Philadelphia: Temple University Press, стр. 131–143.

104 Cancian, F. M. (1992). "Feminist science: Methodologies that challenge inequality", *Gender & Society; Society*, 6(4), стр. 623-642. Преземено од: https://doi.org/10.1023/A:1023376225654 на 26 март 2025.

105 Oakley, A. (2000). *Experiments in Knowing: Gender and Method in the Social Sciences.* Cambridge: Polity Press.

склад со партиципативните и феминистичките принципи.[106 107 108] Тимот во целост го сочинуваа истражувачки, а беа преземени и неколку свесни чекори за вклучување на учесничките во обликувањето на истражувачките алатки и толкувањето на наодите. Овој инклузивен пристап ја одразува нашата посветеност кон заедничко продуцирање на знаење и етичко ангажирање и е во согласност со ставот дека општествените науки треба да ги признаат, почитуваат и објаснат разликите помеѓу различните испитаници, но и помеѓу испитаниците и истражувачите.[109] Како таква, оваа методологија го цени знаењето на жените и ги третира жените и девојките како клучни извори на информации/информатори, охрабрувајќи ги слободно да ги споделат своите мисли, емоции и искуства.

## Феминистичка феноменологија како епистемолошка основа

Студијата се повикува на феминистичка феноменологија за да ги стави во фокус отелотворените искуства и субјективните перцепции на жените за јавниот простор.[110] Додека традиционалната феноменологија се стреми да ги опише преживеаните искуства во нивната суштина, феминистичката феноменологија оди подалеку и наместо да ги третира инцидентите на насилство како изолирани случаи, **ги сместува отелотворените искуства на жените во рамки на пошироки родови структури на моќ**.[111] Овој пристап препознава дека искуствата на жените со насилство и вознемирување во јавните простори не се само индивидуални или изолирани инциденти, туку настануваат поради длабоко вградени патријархални норми, просторни нееднаквости и вкрстени основи за дискриминација кои го поттикнуваат и зајакнуваат стравот, ограничената мобилност и несигурноста.[112] Со тоа што ги става во фокус искуствата на жените од прва рака, студијата **има за цел да расветли како стравот, безбедноста и ограничената мобилност се создаваат и одржуваат преку социјалните, политичките и околинските структури**. Оваа перспектива им се спротивставува на традиционалните објективистички методологии кои ги третираат искуствата со насилство како изолирани настани, нагласувајќи ги релационите, контекстуалните и отелотворените димензии на интеракциите на жените со јавниот простор.

106 Bergen, R. K. (1993). "Interviewing survivors of marital rape: Doing feminist research on sensitive topics", *Sage Focus Editions*, 152, стр.197-212.

107 Cancian, F. M. (1992). *Feminist science*...

108 Renzetti, C.M., (1997). *Confessions of a reformed positivist*...

109 Skinner, T., Hester, M. and Malos, E. (2005). Researching gender violence...

110 Vera-Gray, F. (2016). Men's Intrusion, Women's Embodiment. Routledge.

111 Young, I.M. (2005). On Female Body Experience: *Throwing like a Girl and Other Essays*. Oxford: Oxford University Press.

112 Fisher, L. (2000). *"Feminist phenomenology"*, In Fisher, L. and Embree, L. (eds.). Feminist Phenomenology. Dordrecht: Kluwer Academic Publishers, стр.1–16.

### Рефлективност и благосостојба на истражувачките

Конечно, четвртиот принцип е **рефлексивноста**, која бара од истражувачките отворено да ги препознаат и уважат своите претпоставки, верувања, наклонетости и предрасуди и да останат критички свесни за сопствената позиција, емоционалните реакции и етичката одговорност.[113][114] Посебно внимание беше обрнато на односите на моќ во рамки на истражувачкиот процес, донесените етички проценки и одговорноста за произведеното знаење. Овој принцип, исто така, ја опфаќа **емоционалната и физичката благосостојба на истражувач(к)ите и „истражуваните“**. Додека учесничките можеби веќе се соочиле со емоционална и/или физичка штета и би можеле да бидат одново истрауматизирани од истражувачкиот процес (феномен познат како повторна виктимизација), истражувач(к)ите кои го проучуваат родовото насилство се исто така изложени на ризик од емоционален стрес. Постои ризик тие да доживеат чувство на болка, страв, лутина, немоќ или емоционална исцрпеност пред, за време и по завршувањето на истражувачкиот процес.[115][116] Препознавајќи го емоционалниот труд и можното активирање на траума и за учесничките и за истражувачките, процесот вклучуваше **пристап до механизми на поддршка и постојано рефлектирање и проверка во текот на собирањето и анализата на податоци**.

## Методолошки основи

Истражувањето се повикува на низа меѓународно признаени рамки и практични алатки за мерење и анализа на родово-базирано насилство. Клучните референци ги вклучуваат:

- Федерални/покраински територијални министри одговорни за статусот на жените – Канада. (2002). *Проценка на насилството врз жените: Статистички профил.*
- Елсберг М. и Хајзе Л. (2005). *Истражување на насилството врз жените: Практичен водич за истражувач(к)и и активист(к)и.* Вашингтон, САД: Светска здравствена организација.
- Генерално собрание на Обединетите нации. (2006). *Длабинска студија за сите форми на насилство врз жените: Извештај на генералниот секретар.* Шеесет и прва сесија. Њујорк: Обединети нации.

113 Ramazanoglu, C., & Holland, J. (2002). *Feminist Methodology*: Challenges and Choices. Sage.

114 Bergen, R. K. (1993). *Interviewing survivors of marital rape...*

115 Schwartz, M. D. (ed.). (1997). *Researching Sexual Violence Against Women: Methodological and Personal Perspectives.* Thousand Oaks, CA: Sage Publications.

116 Stanko, E.A. (1997). “I second that emotion: Reflections on feminism, emotionality, and research on sexual violence”, In Schwartz, M.D. (ed.). *Researching Sexual Violence Against Women: Methodological and Personal Perspectives.* Thousand Oaks, CA: Sage Publications, стр.74–85.

- Варгас, В. (2007). *Градови без насилство врз жените, безбедни градови за сите*. Њујорк: УНИФЕМ.
- ЕВРОМЕД. (2010). *Родово-базирано насилство, методолошки протокол: Усогласена методологија и концепти за спроведување истражувања за РБН*.
- Жени во меѓународни градови - WICI. (2011). *Алатки за собирање информации за безбедноста и вклученоста на жените во градовите*.
- Реактор. (2012). *Истражување на опсегот на родово-базирано насилство против жените и девојките на јавни места во Скопје*. Реактор – истражување во акција.
- Цветковиќ, И., Дрндаревска, Д и Коцевска, Ј. (2019). *Истражување на опсегот на родовозасновано насилство врз жени и девојки на јавниот простор во општина Тетово*. Коалиција Маргини.
- Реактор. (2020). *Родово-базирано насилство на јавни места во Скопје: Студија на опсег*. Реактор – истражување во акција.
- Организација за безбедност и соработка во Европа (2019). *Добросостојбата и безбедноста на жените: истражување на ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија*. ОБСЕ.


## Секундарно собирање на податоци

Собирањето и анализата на секундарни податоци беа извршени со цел да се обезбеди контекстуално разбирање и да се одберат соодветни примарни истражувачки алатки. Во изворите се вбројуваат:

- Извештаи за пријавени кривични дела издадени од институциите
- Правна анализа и анализи на политики
- Стратегии за безбедност и урбанистички развој на општините
- Минати национални и локални истражувања за насилство врз жените и девојките на јавни места

## Примарно собирање на податоци

### Квантитативна анкета (Електронски веб-анкети (CAWI) и Анкета лице в лице со помош на компјутер (CAPI) - самопополнување)

Со цел да се добијат сознанија за искуствата со насилство и стравот на жените од насилство на јавни места во Скопје и Тетово, спроведовме структурирана квантитативна анкета со вкупно 715 **жени и девојки** – 505 од Скопје и 210 од Тетово. Со овој теренски и електронски пристап беше опфатен **пригоден примерок** на жени во урбани области.

Анкетата ги опфати:

- Општите перцепции за безбедноста во јавните места, вклучително и околинските и личните фактори што придонесуваат за чувство на безбедност или небезбедност;
- Перцепции за лична безбедност (во текот на денот/ноќта);
- Вообичаени стратегии за избегнување на ризици и лични мерки за безбедност што ги применуваат жените;
- Перципиран ризик од насилство и вознемирување – веројатност од појава на специфични форми на родово-базирано насилство;
- Лични искуства со родово-базирано насилство на јавни места, вклучително и чувства и реакции произлезени од ваквите искуства.
- Перцепции за институционална поддршка (особено од страна на полицијата).

Податоците беа собрани преку платформа (панел) што им овозможи на испитаниците да ја пополнат анкетата електронски лице во лице со (CAPI) или преку веб-платформа (CAWI). Беа регрутирани учеснички со место на живеење во Скопје и Тетово, при што испитаничките кои оставија податоци за контакт добија линк за самопополнување. За да се зголеми одзивот, теренски соработници беа поставени на централни локации во двата града, каде што им пристапуваа на жени за да се пријават преку оставање на електронска пошта на која им беше испраќана анкетата или пак веднаш ја пополнуваа на уред за електронска анкета лице в лице.

Теренската работа се спроведе од средината на ноември до крајот на февруари. Неопходен беше подолг период за собирање на податоци од неколку причини. Првин, условите на терен на централните локации беа значително изменети како резултат на празничната сезона, со почеток од средина на декември до средина на јануари, што доведе до намалена јавна ангажираност, па пополнувањето на прашалниците не беше приоритетно за жените. Второ, зимските температури резултираа со помала

употреба на јавните места; жените во главно ги користеа централните локации за транзит, а не за слободно време, што ја намали нивната достапност за учество во анкета. Затоа повеќе беше користен методот на електронско пополнување на веб-анкета (CAWI), со кој беше опфатен речиси половина од примерокот. Во Тетово, стапката на одбивање беше повисока во споредба со Скопје, особено кај постарите жени. Овие податоци ги добивме преку организирање на квалитативни фокус групи со учеснички на оваа возраст.

Вкупно беа спроведени 715 анкети, од кои:

- **385** испитанички ги пополнија лице в лице електронски (CAPI) на таблети на централни локации (теренските работнички распределени на централни локации беа опремени со таблети)
- **230** преку електронска веб-анкета (CAWI), односно со испраќање на линк преку електронските канали и платформи на „Реактор", вклучително и социјалните медиуми
- **100** преку испратени линкови до веб-анкета по електронска пошта до жени што се пријавиле на терен на централните локации.

Анкетниот инструмент се засноваше на докажани алатки, користени во слични меѓународни истражувања, меѓу кои проектот Безбеден град ДЕЛХИ (DELHI Safe City Project), Истражување за насилство врз жените во Франција (ENVEFF), Австралиската анкета за лична безбедност на Бирото за статистика (Feeling Unsafe in Public Spaces: Understanding Women's Fears by Stephanie Condon et al.) и Истражувањето за влијанието на насилството врз жените во Јужна Африка (Study on the impact and service delivery on VAW in metropolitan South Africa). Беа направени прилагодувања кон локалниот контекст како и со цел да се добие поголемо разбирање за личните искуства. Во третата итерација на истражувањето инструментот беше прилагоден за да се доловат подетални лични искуства со различните видови на насилство.

Во текот на целиот процес истражувањето строго се придржуваше до етичките упатства на СЗО за истражување на насилство врз жените. Приватноста и доверливоста на испитаничките беше загарантирана и им беше дозволено да прескокнат чувствителни прашања или пак да го прекинат учеството. Од особена важност беше да се воспостави добар однос со испитаничките, со загарантирана доверливост и приватност при собирањето на податоците.

### Квалитативни дискусии со маргинализирани жени, постари жени и ГО

Фокус групите претставуваат значајна алатка во истражувачкиот метод за испитување на нормите, верувањата, практиките и јазикот поврзан со насилството врз жените, особено во рамките на маргинализираните и ранливите групи (како ЛГБТКИ+, жените, сексуалните работнички, итн.).
Во текот на теренската работа беа одржани пет фокус групи со маргинализирано население недоволно застапено во квантитативните податоци. Ваквиот пристап овозможи подлабоко разбирање за начинот на кој различните групи на жени ги перципираат и се движат во јавните места, особено жените што не беа лесно достапни при уличните анкети. Темите вклучуваа:

- Искуства на (не)безбедност во јавни места
- Стратегии за избегнување на ризици и заштита
- Перцепции за институционалната поддршка
- Предлози за подобрување на јавната безбедност и инклузивноста

Со оглед на специфичната природа и сензитивноста на анкетните прашања, сите учеснички потпишаа изјава за доверливост, при што им беше загарантирано дека можат да се повлечат од фокус групите во секој момент. Изборот на просторот каде се одржаа фокус групите беше клучен, и сите дискусии се одржаа во безбедни и приватни простории со внимателен пристап кон етиката, по здобивање со информирана согласност. Во целните групи беа вклучени:

1. Ромки
2. Постари жени (50+) во двата града (2 групи)
3. Сексуални работнички
4. Претставнички на ГО што нудат поддршка на ранливи групи на жени

Согласно со прилагодливата природа на истражувачкиот процес, фокус групите со постари жени беа воведени по првичната анализа на наодите од квантитативната анкета со цел да се покрие недостатокот од податоци и да се добие поголем увид во специфичните искуства и безбедносните ризици кај постарите жени, недоволно претставени во првичната теренска работа.

Иако беа користени аудио снимки како стандарден метод за транскрипција за повеќето фокус групи, во случајот со групите сочинети од сексуални работнички беше применет поинаков пристап. За да се создаде безбедна средина за отворено споделување и почит, истражувачките водеа писмена евиденција наместо аудио снимки. Ваквиот метод создаде побезбеден простор во кој учесничките можеа слободно да ги споделат своите искуства.

Додека анкетата имаше за цел да вклучи и фокус група посветена на жени со попреченост со цел да се истражат специфичните безбедносни предизвици со кои се соочуваат во јавните места, ограничувањата во логистиката и пристапот го попречија истото. Затоа истражувачкиот тим спроведе едно **детално интервју со жена со попреченост како клучен информатор** но и активистка која работи со други жени со попреченост, со што перспективите на оваа група жени сепак беше опфатена во наодите.

### Прошетки за безбедност

Прошетките за безбедност беа организирани во одбрани урбани места за да се проценат физичките и социјалните фактори, како и факторите на животната средина што влијаат на чувството на безбедност или небезбедност за жените и девојките. Учесничките – локални жени и девојки – одеа по одредена рута и идентификуваа:

- Несоодветно осветлување
- Слаба видливост и запуштеност
- Недоволна инфраструктура за поддршка во итни случаи
- Специфичен дизајн што овозможува вознемирување или исклученост

Резултатите од прошетките беа комбинирани со директни опсервации на наративите на учесничките, фотографии и алатки за бодување за да се добијат квалитативни и визуелни податоци. Резултатите беа триангулирани со наодите од анкетата и фокус групите за да се добие сеопфатна проценка на урбаната безбедност во Скопје и Тетово.

### Консултации со релевантни чинители

Во текот на теренската  и креативната фаза, беа спроведени **интервјуа и одржани тркалезни маси** со релевантни чинители, меѓу кои:

- Локална самоуправа и министерства
- Тимови за урбанистичко планирање и претставници од општините
- Претставници од полицијата
- Академска заедница и граѓански организации

При консултациите вниманието беше насочено кон ставовите на институциите, тековните иницијативи, пропусти во услугите и потенцијални можности за соработка со цел спречување и решавање на насилството врз жените и девојките во јавните места. Податоците добиени од консултациите со чинителите помогнаа при контекстуализација на наодите и преработка на препораките за политиките.

За да се обезбеди релевантност и практична вредност на наодите, беше организирана **завршна работна средба со чинителите** од затворен тип со клучните актери вклучени во урбанистичката безбедност и родовата еднаквост. Настанот, насловен како „Побезбедни градови – посилни заедници“, обедини на едно место претставници од локалните самоуправи, одделенијата за урбанистичко планирање, Министерството за внатрешни работи, граѓанските организации и активист(к)и за правата на жените. Учесниците беа запознаени со првичните наоди од анкетата, фокус групите и безбедносните прошетки, при што го дадоа своето мислење за влијанието на урбанистичкото планирање, начинот на кој се нудат услугите како и институционалните реакции врз родово-базираното насилство. Настанот не само што послужи како механизам за валидација, туку и како простор за соработка со цел изработка на побезбедни и поинклузивни јавни места во Скопје и Тетово. Повратните информации добиени за време на средбата беа клучни за обработка на заклучоците донесени од истражувањето и за подобро усогласување со перспективите на чинителите и приоритетите во политиките.

## Ограничувања на истражувањето

Иако се стекнавме со значајни сознанија во однос на искуствата со безбедност и насилство врз жените на јавни места во Скопје и Тетово, неопходно е да се земат предвид неколку методолошки ограничувања. Секако, ограничувањата не ја намалуваат вредноста на истражувањето туку **истакнуваат на што треба да се внимава во иднина и што треба да се (до)истражи**.

### Примерок и застапеност

При истражувањето беше одбран погоден, неслучаен примерок и за анкетата и за квалитативните делови. Следствено, **избраниот примерок не е статистички репрезентативен за сите жени и девојки во односните градови.** Наодите во главно го отсликуваат мислењето на лицата што беа попристапни и согласни да учествуваат на јавните места или електронските платформи. Маргинализираните групи со ограничено движење, ограничен пристап до технологија или неволност за учество во јавни истражувања не се доволно претставени, и покрај напорите да се соберат податоци преку организирањето на целни фокус групи.

Исто така, примерокот во истражувањето не ја претставува генералната женска популација од Скопје и Тетово бидејќи е наклонет кон помлади, образовани и вработени жени. Со просечна возраст од 30 години, и приближно 70% од испитаничките на возраст од 18 до 34 години, податоците во главно ги претставуваат искуствата и ставовите на помладите жени, со што потенцијално се намалува можноста податоците да се генерализираат за постарите возрасни групи. Високото ниво на стекнато образование, каде повеќето учеснички имаа завршено средно образование или факултет, посочува на пристрасност кон ставовите на високообразованите лица.

Дополнително, мнозинството испитанички се или студентки или вработени со полно работно време, што посочува на социоекономски профил којшто не е претставителен за пошироката женска популација. Иако квалитативните податоци од одржаните фокус групи со постарите жени беа инкорпорирани за да се збогатат и контекстуализираат наодите, резултатите не треба да се толкуваат како својствени за *сите* жени во Скопје и Тетово.

### Дигитална поделеност и ограничувања кон пристапот

Иако електронските веб-анкети (CAWI) помогнаа да се зголеми опфатот и да се намалат трошоците, сепак постои веројатност дека со овој метод беа исклучени жени кои немаат постојан пристап до интернет или соодветна дигитална писменост – особено постарите жени, жените со ниски примања и жените од руралните или маргинализираните урбани средини. **Дигиталната исклученост** веројатно придонесе примерокот да вклучува електронски поврзана, активна и млада демографија.

### Темпорална нејасност

Во текот на истражувањето беа опфатени лични искуства со насилство и ставови за јавната безбедност, но притоа не беше направена експлицитна разлика меѓу неодамнешни и минати инциденти. Тоа го отежна прецизното одредување во смисла дали искуствата се случиле во одредена временска рамка или пак отсликуваат долгогодишна шема. Следствено беше отежната и можноста да се увидат промените или трендовите настанати со текот на времето и да се даде толкување за причините.

### Ограничени податоци за сторителите

Поради етички и практични причини, како големината на прашалникот и заморот кај испитаничките од пополнување на истиот, анкетата содржеше **ограничен број на прашања во врска со идентитетот на сторителите,** односот со испитаничките, или групните карактеристики. Доколку беа достапни овие податоци ќе се добиеше поголемо разбирање за контекстуалната динамика на јавното насилство, но сепак не беа содржани за да се одржи нивото на удобност и да се зголеми стапката на одговори кај испитаничките.

### Географски опфат

Истражувањето беше ограничено на две урбани подрачја во Скопје и Тетово. Изборот на овие градови се должеше на демографскиот, етничкиот и диверзитетот во инфраструктурата, со што **наодите веројатно не се применливи за помалите општини или руралните места** во Северна Македонија, каде динамиката на употребата на јавните места и изложеноста на РБН веројатно се разликува значително.

### Само-известување и социјална пожелност

Како што е случајот со сите истражување во кои се обработуваат чувствителни теми, возможно е испитаничките **да се воздржале од одговори како резултат на страв, траума или социјална стигма,** но и **да дале пренагласени одговори под влијание на тековните јавни дискурси.** Иако истражувачките ја нагласија доверливоста и овозможија безбедна средина, можно е одговорите на одредени испитанички да биле под влијание на загриженост од осуда, повторна трауматизација или недоверба во институциите.

### Јазик и културни нијанси

Иако материјалите од анкетата и фокус групите беа соодветно преведени и културно прилагодени, можно е одредени суптилни разлики во јазикот или поимање специфично за одредена култура на поимите „насилство", „безбедност", или „вознемирување" да предизвикале поинакво толкување меѓу испитаничките, особено кај припадничките на етнички малцинства или со понизок степен на образование (иако ваков наод не беше директно добиен преку квантитативната анкета).

# Наоди од анкетите (квантитативни и квалитативни)[117]

Со цел да добиеме поопширен увид, применивме пристап во кој беа опфатени повеќе аспекти: спроведовме анкета лице в лице со помош на компјутер (CAPI survey) на централна локација во градот, им понудивме електронска анкета на испитаничките регрутирани на терен кои претпочитаа да ја пополнат подоцна, и испративме електронска анкета преку социјалните мрежи. Референтната популација за анкетите се состоеше од жени и девојки на возраст од 18 години и постари, кои живеат во Скопје и Тетово. Примерокот беше сочинет од 715 учеснички, вклучително и 505 жени од Скопје и 210 од Тетово. Од нив, 385 учеснички го пополнија прашалникот на централна локација во двата града. Дополнителни 100 испитанички ги оставија своите информации за контакт за да го пополнат прашалникот подоцна, додека 230 одговорија преку онлајн линкот споделен преку социјалните мрежи.

Во текот на теренската работа се јави потреба од порепрезентативен примерок што ќе ги опфати и жените над 55 годишна возраст, до кои не успеавме да дојдеме ниту на централните локации, ниту преку електронската анкета. Затоа овие податоци ги надополнивме преку спроведување на фокус групи со жени од оваа возрасна група со цел да ги опфатиме нивните перспективи и да ги идентификуваме уникатните карактеристики поврзани со оваа демографска група.

**Демографија**

| | | Скопје | Тетово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Возраст | 18-24 | 46% | 60% | 50% |
| | 25-34 | 18% | 19% | 18% |
| | 35-44 | 17% | 14% | 16% |
| | 45-54 | 12% | 5% | 10% |
| | 55-64 | 6% | 2% | 5% |
| | 65+ | 1% | | 1% |

117 Со оглед на демографскиот состав на примерокот, сочинет примарно од млади, високообразовани и вработени жени, неопходно е да се истакне дека наодите претставени во поглавјето не треба да се толкуваат како репрезентативни за целата популација на жени во Скопје и Тетово. Напротив, наодите специфично ги отсликуваат искуствата и перспективите на учесничките во анализата (505 од Скопје и 210 од Тетово).

| | | Скопје | Тетово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Образование | Без основно образование | 0% | 2% | 1% |
| | Основно образование | 0% | 3% | 1% |
| | Средно образование | 42% | 32% | 39% |
| | Факултет | 42% | 50% | 44% |
| | Мастер | 12% | 10% | 11% |
| | Докторат | 3% | 3% | 3% |
| Работен статус | Вработена со полно работно време | 50% | 35% | 46% |
| | Вработена со скратено работно време | 4% | 5% | 4% |
| | Повремено извршувам работи | 5% | 8% | 6% |
| | Невработена, активно барам работа | 2% | 7% | 4% |
| | Невработена и не барам работа | 3% | 3% | 3% |
| | Се грижам за домаќинството | 1% | 3% | 1% |
| | Вработена за сопствена сметка | 2% | 2% | 2% |
| | Неплатена семејна работничка | 0% | | 0% |
| | Ученичка/студентка | 31% | 37% | 33% |
| | Корисничка на инвалидска пензија | 0% | | 0% |
| | Пензионерка | 1% | 0% | 1% |

Просечната возраст на примерокот е 30 години, при што значителен дел (приближно 70%) од испитаничките се на возраст помеѓу 18 и 34 години (Графикон 5). Неопходно е да се нагласи ваквата демографска наклонетост, бидејќи квантитативните податоци главно ги прикажуваат искуствата и ставовите на помладите жени во Скопје и Тетово, што пак од друга страна спречува резултатите да се генерализираат врз пошироката популација. Сепак ова ограничување го решивме преку вклучување на квалитативните податоци од фокус групите со повозрасни жени од кои добивме сознанија и контекстуално разбирање за перспективите и искуствата на постарите возрасни групи, со што се збогатија и надополнија квантитативните наоди.




*Графикон 5: Возраст на испитанички, вкупен број и според градот. Вкупно n=715, Скопје n=505, Тетово n=210*

Примерокот исто така посочува на високо ниво на образовни достигнувања, при што поголемиот дел од учесничките имаат завршено средно или високо образование. Поточно, значителен дел од помладите испитанички на возраст од 18-24 години имаат завршено средно образование, додека повеќето учеснички на возраст над 25 години имаат барем факултетска диплома (Графикон 6). Иако образованието на испитаничките ја зголемува веродостојноста и сериозноста на собраните податоци, важно е да се истакне дека ваквата предност е ограничена од потенцијалната пристрасност на ставовите на високообразованите лица. Поточно, високото образование кај примерокот налага претпазливост при генерализација на наодите врз поширокатa популација, што може да има разновидно ниво на образование. Со високата застапеност на учеснички со средно или високо образование, примерокот може да не ги одразува соодветно ставовите на лицата со пониско образование. Следствено наодите може да бидат порелевантни за повисокото образование, а потенцијално да се занемарат искуствата и ставовите на помалку образованите групи.

**Образование**

*П: Кој е највисокиот степен на образование што го имате завршено?*




*Графикон 6: Ниво на образование на испитанички, вкупно n=716*

Поголемиот дел од испитаничките се студентки или вработени со полно работно време, во согласност со просечната возраст од 30 години и високото ниво на образование (Графикон 7). Ваквиот демографски профил открива дека испитаничките се активно вклучени во образовни или професионални активности, типично за лица на возраст од 18 до 34 години. Следствено, улогата на студентки или професионалци веројатно ги обликува нивните искуства и ставови, и нуди значајни сознанија за перспективите на младите, образовани жени во Скопје и Тетово.

**Вработеност**

П: Кој е вашиот работен статус?




*Графикон 7: Работен статус на испитаничките. Вкупно n=715*

Етничкиот состав на примерокот во голема мера се поклопува со националната демографија. Албанките, главно од Тетово, сочинуваат 25% од примерокот, додека Македонките, претежно од Скопје, претставуваат 69%. Преостанатите 5% од испитаничките се од други етнички групи (Графикон 8).

**Етничка припадност**

*П: Која е вашата етничка припадност?*




*Графикон 8: Етничка припадност, Вкупно n=715, Скопје n=505, Тетово n=210*

## Географија на стравот: Каде и кога жените не се чувствуваат безбедно

### Дневни наспроти ноќни искуства

Безбедносните перцепции на жените варираат во зависност од периодот во денот. Испитувајќи ги безбедносните перцепции на жените во урбаните места, се појави очигледен контраст меѓу искуствата во текот на денот и ноќта. Преку ден 75% од испитаничките изјавиле дека се чувствуваат или „прилично безбедно“ (53%) или „сосема безбедно“ (22%) додека шетаат низ градот. Сепак чувството на сигурност значително се намалува ноќе, кога само 16% од жените се чувствуваат безбедно, а единствено 2% изјавиле дека се чувствуваат „сосем безбедно“. Всушност мнозинството жени чувствуваат зголемена несигурност, при што 39% опишале дека се чувствуваат „многу небезбедно“, а дополнителни 44% „малку небезбедно“ откако ќе се стемни (Графикон 9).




*Графикон 9: Перцепции за лична безбедност за време на движењето во градот во текот на денот и ноќта. Вкупно n=715.*

Големиот пад во перцепциите на безбедност ноќе веројатно е одраз на структурните недостатоци во урбаното планирање, работата на полицијата и јавната инфраструктура (подетално разгледани во делот за околински фактори што придонесуваат жените да не се чувствуваат безбедно), како и постојаниот страв од родово-базирано насилство во јавниот простор. Други истражувања исто така потврдуваат дека чувството на ранливост кај жените навечер не е резултат на индивидуална анксиозност, туку реакција на урбаната средина во која не постојат соодветни безбедносни мерки. [118] [119]

118 Wilkens, E. and Capobianco, L. (eds.). (2020). *Safe Cities and Safe Public Spaces for Women and Girls: Global Flagship Initiative: Second International Compendium of Practices*. United States of America: UN Women.

119 Scarponi L, Abdelfattah L, Gorrini A, Valenzuela Cortés C, Carpentieri G, Guida C, Zucaro F, Andreola F, Muzzonigro A, Da Re L, et al. (2023). “Thematic Review on Women's Perception of Safety While Walking in Public Space: The STEP UP Project”, *Sustainability*. 15(21), 15636. Преземено од: https://doi.org/10.3390/su152115636 на 26 март, 2025.

Дополнително, во изминатиот месец речиси една од пет жени изјавила дека ниту еднаш не излегла сама навечер (18%), а речиси половина тоа го направиле многу ретко (46%). Само 12% се чувствуваат лагодно да излегуваат навечер речиси секојдневно (Графикон 10). Бројките покажуваат дека за значителен дел од населението, мобилноста навечер е сериозно ограничена – но дали е тоа прашање на личен избор или потреба диктирана од загриженост за сопствената безбедност?

**Излегување сама навечер**

*П: Дали сте излегле сама навечер во последниот месец?*




*Графикон 10: Излегувања сама навечер. Вкупно n=715.*

На прашањето колку често се плашат да прават одредени активности, одговорите посочуваат на голема разлика меѓу искуствата во текот на денот и ноќта. Испитаничките изјавиле помал страв во текот на денот. Само 4% од жените изјавиле дека „речиси секогаш" се плашат да излезат сами, додека 12% дека „често" се чувствуваат така. Сепак процентот драстично се зголемува навечер, кога 36% од жените се чувствуваат „речиси секогаш" исплашено а 31% пријавиле чест страв. Слично, стравот од шетање низ одредени маала или улици е поизразен навечер – додека 11% од жените „речиси секогаш" се плашат да шетаат дење а 35% „често" се плашат. Навечер процентот расте на 39% и 36% соодветно. Присуството на неколку лица во одредена област ја зголемува несигурноста кај жените. Додека 13% „речиси секогаш" се плашат во такви ситуации дење а 30% „често" се плашат навечер, 43% изјавиле „речиси секогаш" а 32% „често" (Графикон 11).




*Графикон 11: Страв во конкретни ситуации. Вкупно n=715.*

Наодите посочуваат на улогата на урбаните средини во поширокaта безбедност на жените и начинот на кој средината и условите ги принудуваат жените да го променат однесувањето и да ја ограничат мобилноста. Не се работи само за прашање на нелагодност – туку на остварување на основното право на слобода. Истражувањето покажа дека кога значителен дел од населението се чувствува небезбедно за време од барем една третина или половина од денот, способноста за учество во јавниот живот, пристапот до одредени можности и уживањето на сопствената независност се сериозно ограничени.[120] Ограничувањето на движењето дополнително влијае на економското, општественото и политичкото учество и ја зајакнува нееднаквоста.[121]

Консултираните експерти ја истакнуваат личната природа на безбедносните перцепции, истовремено нагласувајќи дека стравот од криминал и понатаму е речиси целосно условен од родот, односно од патријархалните норми што диктираат како да се воспитуваат девојчињата. Според нив, мерките за јавна безбедност не успеваат да ги адресираат грижите на жените бидејќи не вклучуваат родово-сензитивно планирање и унапредување на јавниот превоз, не преземајќи ништо за да ги решат предизвиците со мобилноста.

120 Vera-Gray, F. and Kelly, L. (2020). *Contested gendered space...*

121 Whitzman, C. (2013). Building Inclusive Cities: *Women's Safety and the Right to the City*. London: Routledge.

Наодите од фокус групите сочинети од жени над 50-годишна возраст дополнително ја потенцираат сложеноста на перцепциите за безбедност во јавните места. Иако првично повеќето изјавија дека се чувствуваат безбедно, чувството на безбедност во текот на ноќта најчесто се должи на начинот на движење – особено кога се возат во кола со машки член од семејството наместо да се движат пеш. Кога беа прашани за движењето пеш навечер, испитаничките искажаа загриженост. Имено, недоволната осветленост на улиците беше посочена како значаен фактор што придонесува за чувство на ранливост, особено во градска средина каде движењето на автомобили е зачестено. Дополнително, возраста исто така влијае на типот на безбедносни ризици со кои се соочуваат жените; сексуалното вознемирување и родово-базираното насилство се намалува со зголемената возраст, додека од друга страна се зголемува ризикот од грабеж:

→ *„Живеам близу пешачки премин и морам да кажам дека пред година-две еден маж напаѓаше жени и им крадеше чанти во близината на Зелен пазар. Навечер ми е страв, особено по полноќ". – Жена, 55 години, Скопје*

→ *„Во одредени области како на пример Бит Пазар и факултетите, не се чувствувам безбедно ако се враќам по 21 часот. Таму има секакви мажи што се кријат по грмушките кај факултетите, се движат сомнително. Тој дел од Скопје едноставно не изгледа безбеден". – Жена, 52 години, Скопје*

Ваквиот тренд беше потврден и при консултативен состанок со експертка за родови перспективи на кривичните дела:

→ *„Ако ги погледнете статистиките, постарите жени очигледно се мета на улични грабежи како резултат на намалената способност да пружат отпор. Ранливоста директно произлегува од тоа како сторителите ја проценуваат веројатноста за успех. Во овој контекст, возраста е особен фактор за ризик кај жените – ризикот од улични грабежи се зголемува пропорционално со возраста". – Експертка*

Перцепцијата на безбедност кај сексуалните работнички значително се разликува од другите фокус групи, бидејќи професијата и стигмата влијаат на нивните искуства. Многу од нив изјавија дека се чувствуваат небезбедно поради ризикот да бидат препознаени од страна на клиентите во јавни места, што често води до вознемирување. Тоа е честа и постојана точка на загриженост за учесничките. Дополнително, трансродовите сексуални работнички се соочуваат со повеќекратна ранливост, односно подлежат на зголемен ризик и како сексуални работнички и како трансродови лица. Јавните места, вклучително и јавниот превоз, беа идентификувани како особено небезбедни средини каде што честопати се соочуваат со вербално вознемирување, следење и закани по личната безбедност:

→ *„Улиците не се безбедни бидејќи повеќето клиенти се безобразни – викаат по нас, кажуваат кои сме и ѝ вознемируваат. Постојано мора да внимаваме дали*

*некој клиент ќе вика по нас, дури и кога сме со семејството. Затоа се обидувам да избегнувам широки, отворени места каде може некој да ме препознае. Еднаш дури и ме следеа". – Сексуална работничка, цис-жена, 40 години, Скопје*

→ *„Таму каде што живеам се чувствувам безбедно, но не и кога сум излезена или кога присуствувам на некој настан. Доколку ме препознае клиент, претпоставува дека работам. Неколку пати ме следеле до дома и сум била принудена да најдам начин како да се заштитам. Не се чувствувам безбедно ни во јавниот превоз – не само како сексуална работничка туку и како трансродово лице. Сите знаеме што се случува по автобусите". – Сексуална работничка, транс-жена, 39 години, Скопје*

Наодите од фокус групата посочуваат дека Ромките избегнуваат да се движат слободно навечер бидејќи се загрижени за сопствената безбедност и како резултат на традиционалните вредности според кои движењето надвор од домот е ограничено:

→ *„Види сега, повеќе седиме по дома, си ги извршуваме домашните обврски, и не излегуваме надвор. Знаеме дека не е безбедно и си седиме дома. Понекогаш излегуваме, но никогаш сами, особено не на места каде не се чувствуваме безбедно". – Ромка, 24 години, Скопје*

→ *„Искрено, како жена, не се работи за тоа дали се движиме слободно – воопшто не сме слободни. На пример, ако згусти и сакаш да се прошеташ за да си ја излофтираш главата, не можеш дури ни да седнеш сама во парк. Секогаш некои чудаци те одминуваат, те прават да се чувствуваш нелагодно, сомнителни се, и на крај мораш да се прибереш дома. Постојано сме изложени на стрес и притисок. Живееме во свет каде не постои мир. И не е само тоа – ако нешто се случи и се јавиш во полиција, не те сфаќаат сериозно. Веќе не постојат смисла за итност". – Ромка, 29 години, Скопје*

## Безбедноста на различните јавни простори

Врз женската перцепција за безбедноста влијаат и специфичните карактеристики на одредените средини. Како што спомнавме во прегледот на литературата, присуството на одржувана инфраструктура, непопречениот поглед, присуството на обезбедување и активното движење на пешаци се поврзани со зголемени чувства на безбедност и поголема слобода на движење меѓу жените.[122] Како што покажа анализата, разликите во просторниот дизајн, видливоста и во општествената динамика влијаат на тоа дали просторот се поима како безбеден или како закана, и потврдуваат дека безбедноста не е индивидуално чувство туку состојба под влијание на надворешни фактори. Додека две-третини од испитаничките сметаат дека **градот генерално** е безбеден (61%), перцепциите за безбедност најчесто се поврзани со места каде пристапот е контролиран, како на пример **лифтови** и **влезови во згради** (за кои 62%

122 Kern, L. (2020). *Feminist City*. Verso Books.

од испитаничките сметаат дека се во главно или сосема безбедни), како и отворени, добро осветлени места со зголемено пешачко присуство и движење, како на пример **градските плоштади** (71%). Исто така, локациите каде присуството на членови од заедницата е големо, како **пазари** (77%), и регулирани социјални средини, како **ресторани** (94%), се перципираат како релативно безбедни. Неопходно е да се истакне дека повеќето од испитаничките исто така често го асоцираат **седењето во кола** како безбедно (81%), веројатно како резултат на приватноста и чувството на контрола – што посочува какво влијание имаат независноста и ограденоста на тоа како жените ја поимаат сигурноста во јавните места.[123]

Од друга страна, за безбедноста на одредени места испитаничките имаа поделено мислење. Безбедносната перцепција на жените за одредени јавни места е различна, што посочува на комплексноста на урбаната динамика на сигурноста. **Парковите,** на пример, се поимаат како умерено безбедни, при што 48% од жените изјавиле дека се чувствуваат сигурни, додека исто толкав процент изјавиле загриженост. Понатаму, **патиштата и улиците** ги сметаат како безбедни 53% од жените, но 46% не се убедени во тоа. Инфраструктурата на јавниот превоз, вклучително и **автобуските станици** и **превозните возила,** исто така се поимаат како умерено безбедни, при што 51% од испитаничките се чувствуваат безбедно. Сепак, 45% изјавиле дека не се чувствуваат безбедно.

Одредени места, како **паркинзите на отворено** и **такси возилата** заземаат средишно место во женската перцепција за безбедноста. Додека значителен дел од испитаничките се чувствуваат безбедно во овие средини, голем дел од нив и понатаму искажуваат загриженост. Така на пример, 55% од жените ги сметаат за безбедни **такси возилата**, додека 40% како небезбедни. Високото чувство на безбедност веројатно потекнува од контролираната средина внатре во возилото и фактот што голем процент од младите жени користат контролирани мобилни апликации за повикување на такси возило каде се споделени информациите за возачот и каде возилото се следи преку ГПС (GPS). Исто така, **паркинзите на отворено** се сметаат за безбедни од 55% од испитаничките, додека 41% изјавиле дека не се чувствуваат безбедно. За разлика од затворените гаражи, во гаражите на отворено има поголема видливост, но сепак загриженост постои и овде, веројатно поради тоа што често се наоѓаат во изолирана средина, но и како резултат на непостоењето на безбедносни мерки, како што потврдуваат истражувањата.[124]

Најмалку безбедни јавни места, според испитаничките, се **катните гаражи** (59% небезбедни) покрај **баровите и ноќните клубови** (52% небезбедни), коишто се често слабо осветлени средини, изолирани или со социјална динамика каде опасноста

123 Koskela, H. (1997). *Bold Walk and Breakings...*

124 Navarrete-Hernandez, P., Vetro, A. and Concha, P. (2021). "Building safer public spaces: Exploring gender differences in the perception of safety in public space through urban design interventions", *Landscape and Urban Planning*, 214(214). Преземено од: https://doi.org/10.1016/j.landurbplan.2021.104180 на 26 март 2025.

од вознемирување или насилство е зголемена. Катните гаражи, особено, често се сметаат за небезбедни, при што 23% од жените сметаат дека „воопшто не се безбедни“ а дополнителни 36% дека „во главно не се безбедни“. Комбинацијата од затворен простор, намалена видливост и веројатноста да се биде сама придонесува ваквите места да се поимаат како особено вознемирувачки. Слично, баровите и ноќните клубови не се сметаат за безбедни од 52% од испитаниците, веројатно како резултат на присуството на алкохол, нормализацијата на несоодветното однесување и недостигот на безбедносни мерки (Графикон 12).

**Општа безбедност во јавни простори**

*П: Според вас, колку следните јавни простори се безбедни за жените?*




*Графикон 12: Перцепција за општата безбедност во јавните простори. Вкупно n=716.*

## Околински фактори

Околинските фактори исто така имаат влијание врз субјективната перцепција за безбедност кај испитаничките. Поточно, мнозинството испитанички ја посочија **недоволната осветленост** како клучен фактор што придонесува за чувство на несигурност (Графикон 13), при што 96% во Скопје и 86% во Тетово ја изразија својата загриженост. Фактот што во просек дури 93% од испитаничките посочиле на овој фактор покажува на структурен проблем кој ги надминува географските разлики. **Отсуството на луѓе или движење во јавните места** исто така го зајакнува чувството на ранливост, присутно кај 87% од жените во Скопје и 79% во Тетово. Општата загриженост открива дека безбедноста на жените е длабоко поврзана со „траги на однесување и присуство на корисниците на градот" во споделените простори. Испитанички од други анализи исто така потврдиле дека можноста да бидат забележани од други луѓе на јавно место е утешителна за жените.[125]

Од друга страна, присуството на **бездомни кучиња** претставува уште еден значителен проблем за мнозинството од жените во двата града, а особено е истакнато во Тетово, каде 90% од испитаничките ги посочиле како извор на опасност, во споредба со 77% во Скопје. Тоа открива дека движењето на жените не е засегнато единствено од човечката закана туку и од ризици што резултираат од нерегулираните урбани услови, што пак посочува на неуспехот да се обезбеди безбедна јавна околина. Во споредба, слично ниво на загриженост е присутно во двата града во поглед на **недоволното видливо полициско присуство** (74% во Скопје и 73% во Тетово) (Графикон 13). Безбедноста на жените често се врамува од аспект на индивидуалната одговорност отколку на институционалната, а наодите од анализата дополнително ја потврдуваат потребата од поефективни, родово-сензитивни полициски практики.

Слично, додека загриженоста за безбедноста во јавниот превоз е идентична во двата града, при што 62% од испитаничките изјавиле дека **не се чувствуваат безбедни во автобуси каде има толпи** и на **автобуски постојки,** овој наод го истакнува постојаниот проблем со вознемирувањето во транзитните средини. Јавниот превоз и понатаму е критична и често незбезбедна неопходност за жените, што ја истакнува итноста од интеграција на родово-сензитивни политики во планирањето на урбаната мобилност.[126] [127]

Противречноста во перцепцијата на **подземните премини** е особено нагласена. Додека 79% од жените во Скопје изјавиле дека не се чувствуваат безбедно во тие

125 Scarponi L, Abdelfattah L, Gorrini A, Valenzuela Cortés C, Carpentieri G, Guida C, Zucaro F, Andreola F, Muzzonigro A, Da Re L, et al. (2023). "Thematic Review on Women's Perception of Safety While Walking in Public Space: The STEP UP Project", *Sustainability.* 15(21), 15636. Преземено од: https://doi.org/10.3390/su152115636 на 26 март 2025.

126 Carter, M. (2005). "Gender differences in experience with and fear of crime in relation to public transport", *Research on Women's Issues in Transportation. Washington DC*: Transportation Research Board. Vol. 2(25), стр. 100.

127 Loukaitou-Sideris, A. (2014). "Fear and safety in transit environments from the women's perspective", Security Journal. Vol. 27, стр. 242–256. Преземено од: https://doi.org/10.1057/sj.2014.9 на 26 март 2025.

простори, само 51% од жените во Тетово изразиле загриженост за истото. Ваквата нееднаквост може да укажува на разликите во урбаната инфраструктура, но потребно е понатамошно истражување за да се утврдат причините за истото. Слично на ова, **градилиштата** се перципираат како небезбедни места од 72% од жените во Скопје во споредба со 58% во Тетово, што само ја потврдува потребата од дополнително истражување.

Присуството на **казина и обложувалници** претставува голем безбедносен проблем за жените во Тетово, при што 75% од испитаничките ги посочиле како небезбедни места, во споредба со 59% во Скопје. Забележителна е и разликата во женската перцепција на **групи сочинети од млади мажи собрани на јавни места.** Во Тетово, 59% од испитаничките изјавиле дека не се чувствуваат безбедно во такви ситуации, споредено со 48% во Скопје. Од ова може да се заклучи дека родовата употреба на јавните места се перципира на различен начин во двата града, веројатно како резултат на општествените норми и очекувања што ја регулираат видливоста и подвижноста на жените. Изразеното чувство на несигурност што произлегува од фактори како слабо осветлување, намалено присуство на пешаци и засилен ризик од вознемирување на јавно место за жените е нашироко документирано во истражувањата.[128] Присуството на жените во јавните места често е оспорено или надгледувано, додека нивната перцепција за безбедноста е под влијание не само на физичките закани туку и на имплицитната динамика на местата доминирани од мажите, каде жените не се чувствуваат толку удобно, за разлика од мажите.[129] [130]

128 Loukaitou-Sideris, A. (2005). *Is It Safe to Walk Here...*

129 Kanes, L. W. (1992). *Discrimination by Design: A Feminist Critique of the Man-Made Environment. Urbana*: University of Illinois Press.

130 Pain, R. (2001). “Gender, Race, Age and Fear in the City.” *Urban Studies*, 38(5-6), стр. 899–913.

**Околински фактори кои влијаат на чувството на безбедност**

*П:* Според вас, дали некој од наведените околински фактори придонесува жените да се чувствуваат небезбедно во овој град?




*Графикон 13: Околински фактори кои влијаат на чувството на небезбедност. Вкупно n=716, Скопје n=505, Тетово n=211.*

Експерт(к)ите кои ги консултиравме дополнително потврдуваат дека локалната власт има значајна улога во одржувањето на безбедноста на јавни места, но и должност да понуди соодветна социокултурна содржина и настани и да инвестира во инфраструктурни елементи што ќе ги земат предвид специфичните потреби на заедницата.

*→ За разлика од полицијата, која вообичаено интервенира откако ќе се случи некаков инцидент, локалните власти имаат моќ да ги решат основните причинители поради кои граѓаните не се чувствуваат безбедно. (...) На пример, видливото присуство на полицијата и бесплатниот студентски превоз до местото на живеење навистина може да им помогне на младите жени да се чувствуваат побезбедно и да ги одврати потенцијалните напаѓачи. – Клучен експерт*

## Лични фактори

Наодите поврзани со личните фактори што придонесуваат за чувство на безбедност се слични помеѓу испитаничките од Скопје и Тетово, што укажува на повторливост во факторите што влијаат на чувството на несигурност кај жените во двата града. Резултатите ја нагласуваат значајната улога на личните карактеристики одговорни за обликувањето на женската перцепција за безбедноста во јавните простори. **Родовата припадност** се јавува како значаен фактор, при што 77% од испитаничките ја идентификуваат како извор на несигурност. Веднаш зад тоа е ранливоста кога си **сам/а во јавност**, при што 75% од жените изјавиле дека се чувствуваат помалку безбедно кога се без придружба. **Облеката** исто така има клучна улога, 66% од испитаничките посочиле дека нивниот избор на облека влијае на чувството на безбедност, што укажува на начинот на кој општествените норми ги регулираат телата на жените и ги засилуваат родовите очекувања во јавните места (Графикон 14).

**Возраста** е уште еден влијателен фактор, при што 64% од жените посочиле дека возраста придонесува да се чувствуваат несигурно, што значи помладите и постарите жени се соочуваат со различни, но значителни безбедносни предизвици (како што беше наведено). **Сексуалната ориентација** е наведена од половина од испитаничките (50%), што го истакнува пресекот меѓу родот и ЛГБТК+ идентитетот во обликувањето на искуствата за јавна безбедност. **Етничката припадност,** пријавена од 45%, дополнително укажува на зголемените ризици со кои се соочуваат маргинализираните групи, каде расата и етничкиот идентитет потенцијално ги изложуваат жените на дополнителни закани или дискриминација. **Религијата** се истакнува како фактор со најмало влијание меѓу наведените, при што 36% од испитаничките посочиле дека религијата има придонес во нивното чувство за (не)безбедност (Графикон 14).

**Личните фактори кои влијаат на чувството на безбедност**

*П:* Дали сметате дека некој од следните лични фактори придонесува жените да се чувствуваат небезбедно? *(% на „да“ одговори)*




*Графикон 14: Лични фактори кои влијаат на чувството на безбедност. Вкупно n=715.*

Дел од квалитативните наоди посочуваат дека етничките и културните предрасуди имаат влијание врз перцепциите за безбедност во јавните места, при што жените и девојчињата почесто го поврзуваат вознемирувањето или заканувачкото однесување со одредени етнички групи. Иако овие перцепции можеби произлегуваат од лични искуства, тие истовремено можат да ги зајакнат општествените поделби и стереотипи. Истовремено, неколку жени со религиозна марама/хиџаб изјавиле дека доживеале дискриминација и вознемирување на јавни места, што укажува дека етничкиот и верскиот идентитет исто така можат да го зголемат ризикот од насилство врз жените надвор од дома. Ваквата двојна перспектива ја потврдува потребата родово-базираното насилство да се разгледува без притоа да се зајакнат штетните етнички предрасуди, но од друга страна неопходно е да се согледа начинот на кој различните социјални идентитети се пресекуваат во искуствата доживеани на јавните места:

Граѓаните со албанска етничка припадност постојано напаѓаат, следат, свиркаат по улица, следат жени во Тетово. Тоа не е нов проблем, се случува од 2001 година и никој не реагира. – Извадок од отворено прашање од квантитативната анкета

→ *Чувствувам дискриминација врз основа на религиозни симболи, односно носење на марама на глава. – Извадок од отворено прашање од квантитативната анкета.*

**Возраста** и **облеката** се издвојуваат како клучни фактори со влијание врз перцепциите за небезбедност во јавните простори, дури и меѓу жените од Тетово над 50-годишна возраст. Сепак ваквите перцепции најчесто се насочени кон ранливоста на помладите жени, кои се сметаат за изложени на поголем ризик од вознемирување поради нивната младост и избор на облека:

→ *Младите се особено изложени на ризик, бидејќи често привлекуваат внимание поради начинот на облекување. За жал општеството има тенденција да ги таргетира девојките што се облекуваат поинаку, а младите девојчиња со поразвиена телесна градба се особено ранливи. – Тетово, 70 години, жена*

→ *Најранливи се адолесцентките, односно девојчињата на возраст од околу 13 или 14 години. Во овој период тие често не се подготвени да се справат со насилство и можат да ги сфатат таквите ситуации несериозно. – Тетово, 57 години, жена*

### Посочување на небезбедни места

Наодите од истражувањето потенцираат низа локации кои жените ги перцепираат како небезбедни во јавниот простор низ различни урбани и периферни подрачја. Клучни населби што беа идентификувани како проблематични вклучуваат: Аеродром, Ново Лисиче, Кисела Вода, Бит Пазар, Чаир и делови од Општина Центар како што се Рекорд, плоштадот и Паркот на жената борец. Периферни области како Автокоманда, Бутел, Скопје Север, Бунарџик, Гази Баба, Топанско Поле и Ченто беа постојано спомнувани како ризични подрачја. Учесничките исто така потенцираа области во близина на централните општини, што ги засилува грижите за безбедноста и надвор од центарот на градот.

Често беа споменувани конкретни улици со слабо осветлување, како булеварите „Партизанска“ и „Трета македонска бригада“ во близина на железничката станица, како и улицата „Јустинијан Први“ во Драчево и „Парижанска улица“ во близина на Католичката црква и Романската амбасада. Слабо осветлените подземни премини, особено кај Ист Гејт, хотел Континентал и железничката станица, беа идентификувани како високо ризични места. Овие прашања ја истакнуваат важноста на соодветното осветлување како мерка за зголемување на безбедноста во јавниот простор.

Јавните простори како парковите исто така беа главна причина за загриженост, со локации како Градскиот парк и кејот на реката Вардар кои беа оценети како небезбедни, особено навечер. Исто така, Транспортниот центар, кој ги опфаќа автобуската и железничката станица во Скопје, се издвојува како клучна зона каде жените се чувствуваат несигурно. Особено беа потенцирани и областите околу

универзитетските кампуси, вклучувајќи ги УКИМ, Универзитетот на Југоисточна Европа и Државниот универзитет во Тетово, како небезбедни за студентките кои се движат низ тие простори.

Разновидни локации како автобуските постојки, гаражите за паркирање, градилиштата, казината и обложувалниците исто така беа посочени како небезбедни. Дополнително, жените забележаа дека се чувствуваат особено ранливо во периферните населби каде не припаѓаат на етничкото мнозинство. Овие наоди ја нагласуваат потребата од урбани интервенции насочени кон подобрување на осветлувањето, видливоста на безбедносниот персонал, пристапноста до транспорт и инфраструктурни подобрувања со цел жените да се чувствуваат побезбедно во јавниот простор и да можат слободно да се движат и да учествуваат во урбаниот живот.

Како што е документирано во отворениот изворен проект „Мапа на криминал во Македонија"[131], забележани се повеќе физички напади во близина на автобуската станица Рекорд, во центарот на градот. Ова вклучува физички пресметки помеѓу групи на млади луѓе, како и напади насочени кон жена жртва која чекала автобус, како и случај каде маж сторител нападнал младо дете. Ваквите насилни случаи придонесуваат кон зголемена перцепција за висока стапка на криминал и чувства на несигурност и страв кај жените.

## Стратегии за самоодбрана

Како реакција на наведените ризици, жените создаваат сопствени стратегии за движење низ градот коишто им помагаат да се чувствуваат побезбедно. Едно од најчестите однесувања е постојана претпазливост – повеќе од две третини од испитаничките **избегнуваат директен контакт со очи со мажи** (речиси секогаш: 49%, често: 28%). **Честото вртење station наназад** е исто така широко распространета пракса, при што речиси една третина од жените (33%) изјавиле дека речиси секогаш го прават тоа, а дополнителни (38%) дека често ја применуваат оваа стратегија. Слично, жените често се преправаат или вистински **разговараат на мобилен телефон** за поголема безбедност. Конкретно, речиси секогаш вистински разговараат една од четири жени (23%), а често го прави тоа една од три (36%), додека глумењето разговор е присутно исто така, но во помала мера (речиси секогаш: 15%; често: 24%) (Графикон 15).

Покрај наведените моментални реакции, жените исто така го структурираат сопственото движење за да ја намалат изложеноста на потенцијални закани. **Избегнувањето на места за кои сметаат дека не се безбедни** е најчестата мерка на претпазливост, при што повеќе од половина од испитаничките (51%) речиси секогаш го прават тоа, а уште 35% често. Истото важи и за ограничување на движењето навечер – над 60% од испитаничките **избегнуваат да излегуваат**

131 ФИНКИ. Мапа на криминалитет во Македонија. Преземено од: http://crimemap.finki.ukim.mk/home/en 26 март 2025.

**навечер сами** (речиси секогаш: 29%, често: 31%). Слично, речиси секогаш (22%) или често (36%), испитаничките **одбираат подолг пат до одредена локација**. **Облеката** исто така е прилагодена од безбедносни причини, при што повеќе од половина ја прилагодуваат облеката за да избегнат несакано внимание (речиси секогаш: 23%, често: 28%). Дополнително, **јавниот превоз исто така се избегнува,** односно 15% од испитаничките речиси секогаш избегнуваат да го користат автобусот, додека 17% често. За крај, **носењето на предмети за самоодбрана** како спреј или ножеви е поретко (речиси секогаш: 6%, често: 7%), но и понатаму е една од стратегиите којашто ја применуваат помал дел од жените (Графикон 15).

**Стратегии за самоодбрана**

П: Ве молиме одговорете колку често ја користите секоја од наведените стратегии со цел да се заштитите од вознемирување на јавно место.




*Графикон 15: Стратегии за самоодбрана од вознемирување во јавниот простор. Вкупно n=715.*

Испитаничките беа замолени да наведат дополнителни стратегии преку кои се чувствуваат побезбедно во јавниот простор. Најчестиот одговор е **држење клучеви меѓу прстите** кога се движат сами навечер, додека некои жени спомнаа држење

запалена цигара. Многу жени изјавија дека **ги известуваат блиските за точната локација** (или ја споделуваат онлајн во реално време), за секој случај.

Наведените стратегии се појавија и во квалитативните наоди, каде една млада жена сподели инцидент во кој била следена и морала да зборува на телефон со нејзиниот другар додека се обидувала да избега од мажот кој ја следел. Ова вознемирувачко искуство и непостапувањето на полицијата, при што одговорноста била префрлена врз жртвата, кај жената предизвикале долготрајни чувства на несигурност:

→ *Штотуку се разделив со најдобрата пријателка на плоштадот. Го зедов телефонот да разгледам што има на социјалните мрежи. Никогаш во животот не сум се почувствувала небезбедно во мојот град. Во позадина, слушнав како некој зборува.. Го слушав гласот како се доближува до мене. Се завртив. Тогаш сфатив дека целиот пат тој ми зборувал мене. Ме праша* ***"Каj ќе одиме на афтер?"****. Се правев дека не го слушам. Во тој миг, тој се залепи за мене и ми ја обви раката околу половината. Се исплашив. Веднаш му ја турнав раката и почнав да трчам. Тој почна да трча по мене. Се обидов да се сокријам зад една кола, но ме виде. Продолжив да трчам. Додека трчав, му се јавив на најдобриот другар и му кажав дека некој ме брка. Му реков да трgне накај мене. Кога „чудовиштето" го слушна тоа, се повлече, но јас сепак продолжив да трчам накај дома, сè уште зборувајќи по телефон со другарот. Во еден миг се свртев и видов дека „чудовиштето" сè уште ме следи, но овојпат беше оддалечен од мене околу 10-20 метри. Се криев зад секој автомобил и зад секое дрво, надевајќи се дека нема да види каде живеам.*

→ *Кога дојдов дома, сè уште на телефон со најдобриот другар, почнав да плачам. Мајка ми се разбуди и ѝ раскажав што се случи. Следниот ден, заедно отидовме во полиција. Му раскажав на полицаецот што се случи. Тој рече* ***„Што правеше сама во 3-4 часот наутро? Си му дала причина да те брка".*** *Ми кажа дека нема да можат ништо да сторат, бидејќи не сум го сликала „чудовиштето" и не сум го прашала како се вика. Со солзи во очите излегов од полициската станица. До денес ништо не е сторено околу овој случај. Кога ѝ раскажав на една пријателка, таа ми кажа дека истото ѝ се случило и нејзе речиси на истото место.* ***По ова, никогаш веќе не се чувствував безбедно сама во мојот град.***

Сепак, одредени разлики се појави кај различни демографски групи. На пример, жените над 50 години изразија помала загриженост од сексуално вознемирување или непосакувано пристапување, но **стравуваат од уличен криминал**. Следствено, тие избегнуваат небезбедени области, излегуваат само со машка придружба или со автомобил или преземаат слични мерки.

**Интересно е што стратегиите на младите жени не се имаат особено променето низ годините.** Иако технологијата овозможува нови тактики, како на пример споделување на локација или зборување по телефон, постарите жени се сеќаваат дека

користеле слични методи во младоста, односно избегнувале директен контакт со очи или носеле клучеви во раката како начин за самоодбрана. Повозрасните Ромки, на пример, избегнуваат да ги погледнат во очи мажите со цел да го намалат ризикот од вознемирување:

→ *Кога си млада не размислуваш за опасностите. Се сеќавам дека кога си одев дома пешки држев клуч во рака за да се одбранам ако морам. Кога ќе одминев некој на улица* ***не гледав во очи и само се обидував да поминам****. Со текот на времето се запознав со соседи од различна вера, и тие нѐ штитеа, како некоја банда на својата територија. Сум била нападната, два пати едвај избегнав силување – барем мислам дека тоа ќе се случеше. Сите знаат за високата стапка на криминал овде – полициската станица работи, но* ***сите се поврзани меѓусебно и не прават ништо за да ги заштитат жените****. – Жена, 60 години, Скопје*

Наодите од интервјуата откриваат дека сексуалните работнички применуваат разни стратегии за да се справат со опасностите со кои се соочуваат. Тие наведуваат дека **често избегнуваат пешачење или употреба на јавен превоз** и претпочитаат возење со такси возила или велосипеди, при што избегнуваат да се задржуваат на исто место подолг период. Дополнително, наведуваат практични мерки, односно **избегнуваат да носат високи штикли и накит за да имаат поголема мобилност, носат лесна облека за полесно бегство и дезодоранс во чанти наместо спреј за очи**, бидејќи полицијата не го вбројува како оружје. Исто така добиваат совет да се движат низ осветлени делови, да не се одделуваат од групата, и да ги паметат регистарските таблички ако влегуваат во автомобил:

→ *„На девојките им кажуваме да не носат високи потпетици ниту пак накит и да облекуваат лесна облека за да можат полесно да избегаат.* ***Јас лично секогаш носам дезодоранс во чантата*** *– дејствува како спреј за очи, но полицијата не може да го класифицира како оружје. Другите ги советуваме да користат дезодоранс за да се одбранат и да бегаат ако се најдат во опасна ситуација. Ако се во група треба да се држат заедно, да не се распрснуваат, и да се движат по осветлени улички а не по темни. Доколку влезат во кола им велиме да ги запаметат регистарските таблички за да пријават во полиција ако се случи нешто“. – Сексуална работничка, транс-жена, 40 години, Скопје*

Во случаи каде нема соодветна полициска поддршка, некои жртви се чувствуваат приморани сами да преземат мерки. Понекогаш ова вклучува **ангажирање на заедницата** за да се идентификуваат сторителите, со цел да се овозможи меѓусебна заштита преку нивно избегнување:

→ *Сама се враќав пеш дома откако бев на кафе со пријателка. Отприлика десет минути пред да дојдам дома, забележав возило како вози бавно пред мене. Кога возачот почна да гледа наоколу како да ме бара, знаев. Свртев во друга улица и тој*

*сопре спроти мене, од другата страна на улицата. Со сета сила го зграпчив ножот со левата рака. Тој кимна со главата и ми повторуваше „Ајде!“ . Поради адреналинот, дури подоцна сфатив дека сум викала по него, сум го прашувала да не има проблем, да не сака да му го решам? И покрај тоа што целата се тресев. Тој продолжи да кружи, но јас се измешав со некои луѓе и истрчав до дома. Го пријавив во полиција, но попусто. Инцидентот се случи повторно по десет дена, но овојпат беше некој друг во поинаков автомобил. Повтгорно пријавив. И повторно ништо***. Го најдовме со жените од соседството. Ни беше сосед!!! Очигледно, не му било првпат.***

Она што го откриваат сите овие стратегии за избегнување е тоа колку секојдневните движења на жените се под влијание од очекуваното вознемирување. Потребата од постојана будност, менување на личниот изглед, избегнување на одредени места и ограничено движење навечер посочуваат на товарот на жените самите да вршат „безбедносен труд“ во недостиг на систематски решенија.[132]

132 Vera-Gray, F. and Kelly, L. (2020). *Contested gendered space...*

## Навигирање низ стравот: како жените го доживуваат и како реагираат на насилството на јавни места

### Вербално и невербално вознемирување

Вербалното и невербалното вознемирување е вообичаен дел од секојдневните искуства на жените на јавен простор. Наодите покажуваат дека зјапањето е најочекуваниот облик на вознемирување за кое 87% од жените веруваат дека е веројатно или многу веројатно да се случи. По него следуваат свирењето и дофрлањето (77%), непримерните коментари (73%), пцостите и вулгарните гестикулации (49%) и навредите на етничка или религиска основа (45%). Овие перцепции се засновани на реални искуства – најчесто се сретнува зјапањето, кое 9 од секои 10 жени (94%) го доживеале лично или познаваат жена која го доживеала. Раширени се, исто така, и свирењето и дофрлањето (94%) и непристојните коментари (86%), додека пцуењето (65%) и етничките или религиски навреди (41%) се со помала, но сепак значајна зачестеност (Графикон 16).

**Вербално и невербално вознемирување**

П: Колку е веројатно во вашиот град една жена да искуси [X форма на вознемирување] ?

П: Дали лично вие или некоја жена што ја познавате има искусено [X форма на вознемирување]?




*Графикон 16: Вербално и невербално вознемирување. Вкупно n=715.*

Наодите откриваат дека **зјапањето** е еден од најприсутните облици на родово-базирано вознемирување на јавен простор. Како што спомнавме погоре, речиси девет од секои десет жени (87%) кои учествуваа во истражувањето го перципираат зјапањето како нешто што веројатно или многу веројатно ќе се случи во нивниот град (Графикон 17). Оваа перцепција не е неоснована, бидејќи огромно мнозинство жени (96%) пријавиле дека или самите доживеале непосакувано зјапање и/или дека познаваат друга жена што го доживеала (Графикон 18). И покрај тоа што често се случува, влијанието на зјапањето е далеку од тривијално. Тоа поттикнува силна емотивна реакција, со страв (44%), иритација (44%) и лутина (33%) како најчесто пријавувани чувства (Графикон 19). Сепак, и покрај овие негативни емоции, податоците покажуваат загрижувачка склоност кон отсуство на реакција – 67% од жените известуваат дека на никаков начин не реагирале кога доживеале зјапање (Графикон 20). Отсуството на реакција не е нужно одраз на рамнодушност (како што покажува емоционалната реакција), туку поскоро укажува на длабоко врежана нерамнотежа на моќта што ја обликува способноста на жените да одговорат на вознемирување на јавните простори.

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно на јавните простори во вашиот град да зјапаат во жена?*




*Графикон 17: Перцепции за веројатност за искусување зјапање. Вкупно n=715.*




*Графикон 18: Искуства со зјапање. Вкупно n=715.*




*Графикон 19: Емотивни реакции на зјапање.*

**Реакции на зјапање**

*П: Како реагиравте кога ве зјапаа? (топ три одговори)*




*Графикон 20: Реакции на зјапање.*

Многу жени, **свиркањето од кола и дофрлањето**, како и зјапањето, ги перципираат за вообичаени случувања на јавните простори во Скопје и во Тетово, при што 77% од жените сметаат дека е веројатно или многу веројатно да се случат (Графикон 21). Меѓутоа, покрај перцепцијата, преваленцијата на дофрлувањето е уште понагласена во доживеаните искуства на жените. Една на секои пет жени известува дека лично доживеала дофрлање, додека речиси две третини го доживеале лично и познаваат жена на која ѝ се случило. Дополнителни 14% од жените, иако самите не биле цел на довикување, познаваат некоја која била (Графикон 22).

И покрај тоа што е нормализирано, дофрлањето продолжува да буди силна емоционална реакција, покажувајќи го на тој начин своето влијание како облик на јавно вознемирување. Иритацијата (57%) и лутината (47%) се чувства за кои најчесто се известува, што ја отсликува фрустрацијата и огорченоста што жените ја чувствуваат кон нападното однесување. Сепак, покрај тоа што им пречи, дофрлањето побудува и страв кај повеќе од една на секои три жени (36%) и речиси една на секои пет жени (17%) известува за чувство на срам, со тоа посочувајќи на повнатрешнувачките ефекти на вознемирувањето и на начините на кои наметнува непосакувано чувство на вина кај оние што му се цел (Графикон 23).

Иако, како и со зјапањето, најчеста реакција на дофрлањето е да не се преземе ништо (како што известија 61% од жените што лично доживеале ваков облик на вознемирување), податоците, исто така, сугерираат и висока склоност кон отпор. Речиси една на секои три жени кои се соочиле со дофрлање (29%) известува дека реагирала со викање или на друг начин се одбранила, укажувајќи дека дофрлањето поттикнува посилен отпор отколку зјапањето. Сепак, ниедна не прибегнала кон пријавување во полиција (Графикон 24).

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно на јавните простори во вашиот град на некоја жена да ѝ свиркаат или дофрлаат?*




*Графикон 21: Перцепции за веројатноста да се искуси свиркање/дофрлање во јавниот простор. Вкупно n=713.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено некој да ви свирка или да ви дофрлува на јавно место?*




*Графикон 22: Искуства со свиркање/дофрлување во јавниот простор. Вкупно n=714.*

**Емотивни реакции на свиркање/дофрлување**
*П: Што почувствувавте кога ви свиркаа/дофрлуваа во јавните простори?*
*(топ четири одговори)*




*Графикон 23: Емотивни реакции на свиркање/дофрлување.*

**Реакции на свиркање/дофрлување**
*П: Како реагиравте кога ви свиркаа/дофрлуваа во јавниот простор?*
*(топ три одговори)*




*Графикон 24: Реакции на свиркање/дофрлување.*

Непристојните коментари за нечиј физички изглед **се општо познати како облик на вознемирување на јавен простор, па 73% од жените сметаат дека е веројатно (18%) или многу веројатно (55%) да се случат (Графикон 25). Преваленцијата на**

**таквите непристојни коментари се одразува врз доживеаните искуства на речиси девет од секои десет жени** (86%), кои известиле дека или лично им биле изложени или познаваат друга жена на која тоа ѝ се случило (Графикон 26).

Емоционалната цена на непристојните коментари и тука е значајна. Најпријавувани емоционални реакции на овој облик вознемирување се иритацијата (62%) и лутината (59%), што укажува и на фрустрација и на гнев поради ваквото наметнување. Сепак, покрај овие непосредни реакции, една од секои три жени (30%) исто така известува за страв, додека една на секои четири жени (25%) доживеала срам, потврдувајќи на тој начин дека јавното вознемирување не само што ги нарушува личните граници, туку наметнува и чувство на ранливост и сомневање во себе. Дури и оние жени што не се соочиле директно со непримерни коментари, антиципираат чувство на иритација и лутина (по 41% за секое од чувствата), што укажува дека чувството за непријателска околина што ги предизвикуваат овие ситуации е заедничко за сите (Графикон 27).

Обрасците на реагирање на јавно вознемирување сугерираат дека отпорот може да се зголеми како што расте јачината или директноста на упадот. Иако отсуството на реакција сè уште преовладува (48%), во споредба со претходните облици на вознемирување, кога станува збор за непристојни коментари за изгледот, значителен дел од жените (42%), исто така, известиле дека активно се бранеле, или вербално или преку други облици на отпор. Сепак, никој не ги пријавил непристојните коментари во полиција (Графикон 28).

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град да даваат несоодветни коментари за изгледот на некоја жена?*




*Графикон 25: Перцепција за веројатноста за давање несоодветни коментари за изгледот на жените. Вкупно n=712.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено некој дава несоодветни коментари за вашиот изглед на јавно место?*




*Графикон 26: Искуства со несоодветни коментари за излегот на жените. Вкупно n=714.*

**Емотивни реакции на несоодветни коментари**

*П: Што почувствувате кога ви утапија несоодветни коментари? (топ четири одговори)*




*Графикон 27: Емотивни реакции на несоодветни коментари.*

**Реакции на несоодветни коментари**
*П: Како реагиравте кога ви упатија несоодветни коментари?*
*(топ три одговори)*




*Графикон 28: Реакции на несоодветни коментари.*

Речиси половина од жените (49%) верува дека е веројатно или многу веројатно да им бидат упатени **пцости или вулгарни гестикулации** кога се на јавни места (Графикон 29). Податоците понатаму откриваат дека овој облик на вербално злоставување не е изолирано искуство. Две од три испитанички (65%) или лично доживеале пцости или биле предмет на вулгарни гестикулации на јавни места, или тоа не го доживеале од прва рака туку познаваат жена што го доживеала (Графикон 30). Меѓу оние кои го доживеале, иритацијата (64%) и лутината (54%) преовладуваат како емоционални реакции (Графикон 31). Понатаму, значителен дел од жените кои не доживеале такво вознемирување сепак очекуваат негативна емоционална реакција – 41% би чувствувале лутина или иритација во таква ситуација.

Вредно е да се забележи дека во споредба со други облици на вербално вознемирување, пцостите и вулгарните гестикулации изгледа дека поттикнуваат посилна склоност кон отпор. Половина (49%) од оние кои известиле дека го доживеале овој облик на вознемирување назначиле дека реагирале со отпор, дека се бранеле или дека му се спротивставиле на вознемирувачот. Фактот што овој облик на вознемирување наидува на поголем отпор отколку другите облици, може да укаже на отворената агресија што тоа ја содржи. Сепак, и покрај зголемената склоност кон самоодбрана, значителен дел (48%) сепак известуваат дека не реагирале, а само 1% од испитаничките овој облик на вознемирување го пријавиле во полиција (Графикон 32).

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно на јавните простори во вашиот град да пцујат по жена или да ѝ покажуваат вулгарни гестови (пр. среден прст)?*




*Графикон 29: Перцепции за веројатноста за пцуење или покажување вулгарни гестови кон жени во јавните простори. Вкупно n=713.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено на јавно место некој да ве пцуе или да ви покажува вулгарни гестови?*




*Графикон 30: Искуства со пцуење/вулгарни гестови насочени кон жени во јавните простори. Вкупно n=713.*

**Емотивни реакции на пцуење/вулгарни гестови**
*П: Како се почувствувте кога некој ве пцуеше или ви покажуваше вулгарни гестови? (топ три одговори)*




*Графикон 31: Емотивни реакции на пцуење/вулгарни гестови насочени кон жени во јавниот простор.*

**Реакции на пцуење/вулгарни гестови**
*П: Како реагиравте кога некој ве пцуеше или покажуваше вулгарни гестови? (топ три одговори)*




*Графикон 32: Реакции на пцуење/вулгарни гестови насочени кон жени во јавниот простор.*

**Вербалното вознемирување базирано на етнички или религиски идентитет** прикажува пополаризирана перцепција меѓу жените во споредба со другите облици на јавно вознемирување. Иако 45% од испитаничките сметаат дека е веројатно или многу веројатно да се случи, значителен дел (34%) смета дека е неверојатно

(Графикон 33). Слично на перцепцијата за веројатноста, за разлика од другите облици на вознемирување, за етничките и религиските навреди се известува дека поретко се случуваат. Најголемиот дел од жените (59%) никогаш не ги доживеале лично, ниту познаваат друга жена што била предмет на такви навреди (Графикон 34). Сепак, речиси една на секои три жени (29%) знае за некоја друга жена која се соочила со вакво вознемирување, а 13% известуваат за директно лично искуство, вклучувајќи ги и оние што го доживеале исклучиво самите и оние кои го доживеале и лично и воедно познаваат друга жена што го доживеала. Сепак, тоа поттикнува и страв кај речиси една третина од оние што имале такво искуство, откривајќи и дополнително ниво на закана што ги придружува навредите што се упатени кон нечиј етнички или религиски идентитет.[133]

Реакциите на овој облик на вознемирување сугерираат малку посилна склоност кон отпор отколку другите типови вербално злоставување. Наголемиот дел од оние што го доживеале известуваат дека возвратиле така што се брането, дека не премолчиле или дека се спротивставиле на вознемирувањето. Сепак, кај значителен дел сепак отсуствува реакција, а само две жени од Тетово пријавиле во полиција. Фактот што толку многу жени не изреагирале на ниеден начин ги одразува општествените норми кои обесхрабруваат судир, оставајќи ги жените со малку опции за справување со ваквите искуства.[134]

**Веројатно за случување**

*П: Колку е веројатно на јавните простори во вашиот град некоја жена да ја навредуваат по етничка или верска основа?*




*Графикон 33: Перцепција за веројатност за насочени навреди по етничка или верска основа кон жените. Вкупно n=713.*

133 Примерокот на жени со лично искуство е недоволен за да биде претставен во проценти. Затоа, овие наоди треба да се интерпретираат описно, а не како процентуална дистрибуција.

134 Примерокот на жени со лично искуство е недоволен за да биде претставен во проценти. Затоа, овие наоди треба да се интерпретираат описно, а не како процентуална дистрибуција.

**Искуство**
*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено на јавно место да ве навредуваат по етничка или верска основа?*




*Графикон 34: Искуства на жени со навреди по етничка или верска основа. Вкупно n=712.*

Да заклучиме, вербалните и невербалните облици на вознемирување на јавни места се вообичаени и очекувани за најголемиот дел од жените. Сепак, овие облици на вознемирување ретко се пријавуваат во полиција и така остануваат целосно нетретирани од формалните надлежни механизми.

Полициските службеници што беа интервјуирани во склоп на ова истражување посочија нејаснотии при справување со ваквите инциденти и нагласија дека борбатата против нив е тешка зашто нема опипливи докази поврзани со инцидентот.

→ *Може да е вознемирување, но не е криминал. Освен ако не ја сопре и не ја допре, тоа е друго. Но ако само вози покрај неа, свири и ѝ вели „Еј, женска", а потоа си замине – што можете да сторите? Не е во ред и може да ја исплаши, но како да го пријавите тоа? Нема цврста основа врз која би се постапило, само една тужба и толку – Полициски службеник, маж, Тетово*

Од друга страна, истакнат експерт што ги валидираше наодите на истражувањето ја истакна сериозноста на проблемот и итната потреба од системски промени. Експертот истакна дека Министерството за внатрешни работи и обвинителството мора да соработуваат за да развијат стратегии за собирање докази, наместо вината да се префрла на жртвите и прерано да се отфрлаат предметите. Експертот нагласи дека поместувањето на вината врз жртвите е облик на структурна дискриминација чие решавање бара насочени институционални реформи.

## Заплашување и закани

Друга категорија на вознемирување на јавен простор што е разгледана во ова истражување се различните видови заплашувања и закани, кои вклучуваат демнење, физичко попречување на патот или екплицитни закани со повредување. Меѓу овие, демнењето е перципирано како најверојатно да се случи, со 58% од жените кои го сметаат за веројатно (20%) или многу веројатно (38%). По него следува намерното попречување на патот на жена, со 42% кои го перципираат како веројатно (16%) или многу веројатно (26%). Експлицитните закани со повреда се сметаат за најмалку веројатни, иако сепак загрижуваат една третина (39%) од испитаничките (Графикон 35).

Во однос на личното доживување, демнењето е обликот на заплашување за кој најчесто се известува. Речиси три од секои четири испитанички (71%) или го доживеале од прва рака или преку некоја што ја познаваат, или слушнале за искуството на некоја друга жена. По него следува намерното попречување на патот, кое влијае на 54% од жените преку непосредно или посредно искуство. Експлицитните закани со насилство се облик за кој најмалку се известува, со 41% од жените кои непосредно или посредно се соочиле со него (Графикон 35). Следниот дел дава детална анализа на наодите за секој поединечен облик на вознемирување.

**Заплашување и закани**

*П: Која е веројатноста во јавните простори во вашиот град некоја жена да се соочи со (X форма на заплашување/закана)?*

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено ова?*




*Графикон 35: Заплашување и закани. Вкупно n=715.*

Демнењето, **општо земено, се перципира како веројатна закана на јавни места, со 58% од испитаничките кои одговориле дека е веројатно или многу веројатно да се случи** (Графикон 36). Меѓутоа, покрај перцепцијата, демнењето се јавува и како сеприсутна реалност за многу жени. Речиси три на секои четири испитанички (71%) или го искусиле од прва рака (15%) **или преку жена што ја познаваат (26%), или посредно преку искуство на некоја друга жена (30%) (Графикон 37)**.

Емоционалната цена на демнењето се разликува од другите облици на вознемирување, особено поради способноста да предизвика страв. Огромни 85% од жените кои доживеале демнење известуваат дека се плашат и тоа го прави стравот највообичаената реакција, што понатаму го потврдува силното чувство на ранливост што се поврзува со овој облик на вознемирување (Графикон 38). Дури и меѓу жените кои немаат лично искуство со демнење, 79% очекуваат стравот да се јави како главна емоционална реакција, што дополнително го потврдува силното чувство на ранливост поврзано со овој облик на вознемирување.

Реакциите на жените на демнење откриваат поголема склоност кон барање помош во споредба со вербалното вознемирување. Повеќе од една третина (36%) од оние кои доживеале демнење побарале помош од пријатели или од семејството, додека 26% активно се противеле или се браннеле. Сепак, една на секои четири жени (24%) не сторила ништо, а само 8% демнењето го пријавиле во полиција (Графикон 39).

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во вашите простори за следат или демнат некоја жена?*




*Графикон 36: Перцепција за веројатноста жена да биде следена/демнета во јавните простори. Вкупно n=712.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено некој да ве следи или демне на јавно место?*




*Графикон 37: Искуства на жени кои биле следени/демнети во јавните простори. Вкупно n=715.*

**Емотивни реакции на следење/демнење**

*П: Што почувствувавте кога бевте следени или демнети? (топ три одговори)*




*Графикон 38: Емотивни реакции на следење/демнење.*

**Реакции на следење/демнење**

*П: Како реагиравте кога бевте следени или демнети? (топ три одговори)*




*Графикон 39: Реакции на следење/демнење.*

Во споредба со демнењето, **намерното попречување на патот на жена** се перципира како донекаде поретко случување, кое 42% од жените го сметаат за веројатно или многу веројатно во нивниот град (Графикон 40). Сепак, преваленцијата на овој облик на вознемирување останува значајна – повеќе од половина (54%) од испитаничките или лично го доживеале или познаваат жена што имала такво искуство (Графикон 41).

Намерното попречување на патот предизвикува страв (57%), иритација (46%) и лутина (38%), што отсликува и непосредно чувство за опасност, но и поширока фрустрација од вознемирувањето на јавно место (Графикон 42). Треба да се забележи дека е поверојатно жените да се спротивстават на овој вид наметливост отколку на другите типови вознемирување. Половина од оние на кои им се случило да им го попречат патот известуваат дека активно се бранеле, го подигнале гласот или на поинаков начин му возвратиле на сторителот (49%). Сепак, и покрај зголемената склоност кон отпор, отсуството на реакција преовладува, па една на секои три жени одлучува да не реагира (31%), а 15% бараат поддршка од пријателите или од семејството. Само 3% од жените го пријавиле овој облик на вознемирување во полиција (Графикон 43).

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно на јавните простори во вашиот град намерно да и го попречуваат патот на жените?*




*Графикон 40: Перцепции за веројатноста за намерно попречување на патот на жените во јавниот простор. Вкупно n=714.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено некој намерно да ви го попречи патот на јавно место?*




*Графикон 41: Искуства со намерно попречување на патот на жените во јавниот простор. Вкупно n=713.*

**Емотивни реакции на намерно попречување на патот**
*П: Што почувствувате кога некој намерно ви го попречи патот во јавен простор? (топ три одговори)*




*Графикон 42: Емотивни реакции на намерно попречување на патот.*

**Реакции на намерно попречување на патот**
*П: Како реагиравте кога некој намерно ви го попречи патот во јавен простор? (топ три одговори)*




*Графикон 43: Реакции на намерно попречување на патот.*

Експлицитните закани со повреда **се најмалку очекуваните и најретките облици на вознемирување и насилство од заплашувачки вид. Само една од четири жени (24%) го перципира како многу веројатно случување на јавен простор, додека дополнителни 15% го сметаат за донекаде веројатно (Графикон 44)**. Во согласност со овие перцепции, 41% од испитаничките известиле за лично или за искуство од втора рака со вакви закани – 4% го доживеале самите, 10% имале и лично искуство и знаеле за друга жена што го имала, а 27% само слушнале дека им се случило на жени што ги познаваат **(Графикон 45)**.

Стравот доминира меѓу емоционалните реакции на заканите со повреда, а по него следуваат иритацијата и лутината, иако во помал обем. Вредно е да се забележи дека отпорот се јавува како највообичаена реакција меѓу оние кои претрпеле ваква закана. Сепак, определен број жени известиле дека воопшто не реагирале, а пријавувањето во полиција се појавува најретко, односно, само 10 жени побарале институционална интервенција.[135]

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град да и се закануваат на жена дека ќе ја повредат?*




*Графикон 44: Перцепции за веројатноста една жена да добие закани дека ќе ја повредат во јавните простори. Вкупно n=711.*

135 Примерокот на жени со лично искуство е недоволен за да биде претставен во проценти. Затоа, овие наоди треба да се интерпретираат описно, а не како процентуална дистрибуција.

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате на јавно место ви се има случено да ви се заканат дека ќе ве повредат?*




*Графикон 45: Искуства со закани за повреда во јавниот простор. Вкупно n=714.*

## Сексуално вознемирување

Сексуалното вознемирување на јавен простор останува сеприсутен проблем. **Јавното мастурбирање** се јавува како најраспространето, при што 42% од испитаничките сметаат дека е веројатно или многу веројатно да се случи, а 59% известуваат за лично искуство или за искуство на жена што ја познаваат. **Допирањето без согласност** се смета за веројатно или многу веројатно да се случи од секоја трета жена (35%), а го доживеале речиси половина од испитаничките (48%) (Графикон 46). Треба да се забележи дека перцепциите на жените околу веројатноста да се случи ваков инцидент варираат според локацијата, па жените во Скопје многу повеќе очекуваат допирање без согласност отколку оние во Тетово. Сепак, доживеаните искуства на вакво вознемирување не варираат значително во двата града.

**Сексуално вознемирување**

*П: Колку е веројатно дека една жена ќе искуси (X форма на вознемирување) во вашиот град?*

*П: Дали лично вие или на некоја жена што ја познавате ви се има случено (X форма на вознемирување)?*




*Графикон 46: Сексуално вознемирување. Вкупно n=715.*

Јавното мастурбирање **се перципира како веројатно во јавните простори од 17% од испитаничките, и како многу веројатно случување од страна на една од четири жени кои го пополнија прашалникот** (27%) (Графикон 47). Сепак, покрај перцепцијата, преваленцијата на овој облик на сексуално вознемирување е значајна, **при што речиси две третини (59%) од жените известиле дека биле директно или индиректно изложени**. Поспецифично, 16% го доживеале лично, 19% и самите го доживеале и познаваат жена што го доживеала, а 24% знаат дека ѝ се случило на жена што ја познаваат **(Графикон 48)**.

**Емоционалното влијание на јавното маструбирање е длабоко, со страв (59%), иритација** (47%) и лутина (46%) како најчести одговори на оние кои имале такво искуство. Битно е што срамот, исто така, се јавува како значајна реакција кај една на секои четири од испитаничките (26%) **(Графикон 49)**. Дури и меѓу оние кои немале непосредно искуство, очекуваните емоционални реакции остануваат силни, **односно** 52% очекуваат да почувствуваат страв, 40% лутина, 38% **иритација** и 27% срам.

И покрај интензитетот на овие емоционални реакции, кон јавното мастурбирање на јавен простор нема особено спротивставување. Отсуството на реакција преовладува кај 40% од оние кои сведочеле или го доживеале. Иако 30% се спротивставиле или реагирале со викање, пријавувањето во институциите останува ретко – само 4% од жените инцидентот го пријавиле во полиција (Графикон 50).[136]

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град да и покажуваат гениталиите или да мастурбираат пред некоја жена?*




*Графикон 47: Перцепции за веројатноста за некој да покаже гениталии или да мастурбира пред жена во јавни простори. Вкупно n=711.*

136 Вкупно n=9 од 250 кои лично го доживеале.

**Искуство**
П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено на јавно место некој да ви ги покажува гениталиите или да мастурбира пред вас?




*Графикон 48: Искуства кога некој изложил гениталии или мастурбирал пред жени во јавни простори. Вкупно n=713.*

**Емотивни реакции кога некој изложува гениталии или мастурбира пред вас**
*П: Што почувствувате кога некој изложи гениталии или мастурбираше пред вас во јавен простор? (топ три одговори)*




*Графикон 49: Емотивни реакции кога некој изложил гениталии или мастурбирал пред жена во јавен простор.*

**Реакции кога некој изложува гениталии или мастурбира пред вас**
*П: Како реагиравте кога некој изложи гениталии или мастурбаше пред вас во јавен простор? (топ три одговори)*




*Графикон 50: Реакции кога некој изложил гениталии или мастурбирал пред жена во јавен простор.*

Перцепциите за веројатноста од **допирање или зграпчување без согласност** на јавен простор значајно варираат во Скопје и во Тетово. Во целина, една на секои три жени (33%) смета дека овој облик на сексуално вознемирување е веројатно или многу веројатно да се случи, а сепак, жените од Скопје – кои претежно се Македонки – случувањето на овој облик го перципираат како поверојатно (40%) во споредба со жените од Тетово – претежно Албанки – каде само 22% го делат ова гледиште (Графикон 51). Обратно, сомневањето дека овој облик на вознемирување може да се случи е поголемо меѓу жените во Тетово, со 45% кои го сметаат за неверојатно, во споредба со 35% од жените во Скопје.

И покрај овие разлики во перцепцијата, реалните искуства на допирање без согласност на јавни места се вообичаени и не се разликуваат значително во двата града. Речиси половина од испитаничките (48%) се сретнале со ваков облик на вознемирување или лично (6%), или и лично и преку друга жена што ја познаваат (15%) или посредно преку жена што ја знаат (27%) (Графикон 52).

Емоционалните реакции на непосакуваното допирање откриваат значајни регионални разлики. Додека за стравот (53%) и иритацијата доследно се известува од сите испитанички, срамот почесто се јавува меѓу жените во Тетово, отколку меѓу жените во Скопје. Обратно, лутината е многу поизразена меѓу жените во Скопје, во споредба со оние од Тетово.[137] Овие разликувања сугерираат дека културните норми и традиционалните вредности врзани со етничка припадност влијаат не само на тоа како жените го перципираат вознемирувањето на јавен простор, туку и како

137 Примерокот на жени со лично искуство е недоволен за да биде претставен во проценти. Затоа, овие наоди треба да се интерпретираат описно, а не како процентуална дистрибуција.

емоционално го процесираат и како реагираат на него. Жените од заедниците што имаат посилни очекувања во однос на скромноста и воздржаноста може да развијат поизразена тенденција да го повнатрешнат срамот, додека оние жени што доаѓаат од средини во кои родовата рамноправност и личната автономија се понагласени, поверојатно е да пројават лутина како реакција на таквите напади.[138] [139]

Меѓу жените кои лично доживеале непосакувано допирање, најголемиот дел известиле дека се опирале и се браннеле. Сепак, значителен број избрале да останат пасивни, па само три учеснички со такво искуство инцидентите ги пријавиле во полиција.[140]

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град некоја жена непосакувано да ја допираат или фаќаат на сексуален начин?*




*Графикон 51: Перцепции за веројатноста една жена да биде непосакувано допрена или фатена на сексуален начин. Вкупно n=712, Скопје n=502, Тетово n=210.*

138 Veltman, A. and Piper, M. (2014). *Autonomy, Oppression, and Gender.* Oxford University Press.

139 Christianson, M., Teiler, Å., & Eriksson, C. (2020). "'A woman's honor tumbles down on all of us in the family, but a man's honor is only his': young women's experiences of patriarchal chastity norms", *International Journal of Qualitative Studies on Health and Well-Being,* 16(1).

140 Од n=147

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или некоја жена што ја познавате ви се има случено непосакувано да ве допираат или фаќаат на сексуален начин на јавно место?*




*Графикон 52: Искуства на жени кои биле непосакувано допрени или фатени на сексуален начин. Вкупно n=711, Скопје n=503, Тетово n=208.*

## Физичко и сексуално насилство

Физичкото и сексуално насилство, иако се смета за помалку очекувано и поретко доживеано во споредба со другите форми на вознемирување, сепак е алармантно присутно меѓу испитаничките. Физичките напади се сметаат за веројатни од 39% од испитаничките, додека 32% ги гледаат сексуалните напади и силувањето како веројатна закана. Реалните искуства одразуваат слични степени на преовладување: 36% од испитаничките имаат или искуство од прва рака со физички напади или познаваат жена што имала, а 23% известуваат дека или лично или преку други жени се соочиле или слушнале за сексуални напади и силување (Графикон 53).

**Физичко и сексуално насилство**

*П: Колку е веројатно дека една жена во јавните простори ќе искуси (X форма на насилство)?*

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено (X форма на насилство) во јавните простори?*




*Графикон 53: Физичко и сексуално насилство. Вкупно n=715.*

**Физичките напади** на јавен простор се перципираат како веројатно или многу веројатно случување од повеќе од една третина (36%) од жените вклучени во истражувањето (Графикон 54). Значајно е да се забележи дека жените во Скопје (39%) со поголема веројатност очекуваат такво насилство во споредба со оние во Тетово (27%). Сепак, кога станува збор за доживеани искуства, преваленцијата е слична во двата града – 36% од жените или лично доживеале физички напад или познаваат жена на која тоа ѝ се случило (Графикон 55).

Емоционалните реакции на физичко насилство откриваат значајни регионални разлики. Стравот, лутината и иритацијата се најчесто пријавените емоции меѓу оние кои го доживеале, но срамот е забележително поголем меѓу жените во Тетово отколку меѓу жените во Скопје. Обратно, лутината почесто се јавува меѓу жените во Скопје во споредба со оние од Тетово.

Како реакција на физичките напади, повеќе од половина од испитаничките со лично искуство известиле дека се опирале или дека се бранеле, иако значаен дел сепак не презеле дејство. Пријавувањето во полиција останува малку застапено и покрај сериозноста на насилството – само 11 испитанички од Скопје го пријавиле физичкиот напад што го доживеале.[141] Ова е највисока стапка на пријавување меѓу сите истражени облици на вознемирување.[142]

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град физички да нападнат жена?*




*Графикон 54: Перцепции за веројатноста една жена да биде физички нападната во јавните простори. Вкупно n=713.*

141 Од вкупно n=59

142 Примерокот на жени со лично искуство е недоволен за да биде претставен во проценти. Затоа, овие наоди треба да се интерпретираат описно, а не како процентуална дистрибуција.

**Искуства**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено физички да ве нападнат на јавно место?*




*Графикон 55: Искуства на жени со физички напад во јавните простори. Вкупно n=713.*

Перцепциите за веројатноста на **сексуален напад и силување** на јавен простор варираат, а една од три жени (32%) смета дека е веројатно да се случат (Графикон 56). Оваа перцепција е повеќе присутна кај жените во Скопје (36%) отколку во Тетово (23%). Сепак, во доживеаните искуства на сексуално насилство нема значајни разлики помеѓу двата града – една од пет жени (23%) или лично доживеала сексуален напад или силување на јавно место или познава друга жена која имала такво искуство (Графикон 57).

Со оглед на релативно малиот број жени кои лично се соочиле со овој облик на насилство (17 во Скопје и 10 во Тетово), емоционалните реакции и реакциите во однос на однесување се анализирани во апсолутни броеви. Од 27 жени кои доживеале сексуален напад на јавно место, 15 известиле дека се чувствувале исплашени за време на инцидентот, додека 8 известиле за лутина, иритација и срам. Слично, меѓу оние без непосредно искуство, стравот е најочекуваната емоционална реакција, а по него следуваат лутина, иритација и срам.

Реакциите на жените кои доживеале ваков напад укажуваат на големи пречки во потрагата по правда. Додека 10 од жените се опирале и викале, 7 побарале поддршка од пријателите или од семејството, 9 не сториле ништо. Можноста да се реагира кај институциите останува сериозно неискористена, зашто само две жени нападот го пријавиле во полиција.

**Веројатност за случување**

*П: Колку е веројатно во јавните простори во вашиот град сексуално да нападнат или силуваат жена?*




*Графикон 56: Перцепции за веројатноста една жена да биде сексуално нападната или силувана во јавните простори. Вкупно n=713.*

**Искуство**

*П: Дали лично на вас или на некоја жена што ја познавате ви се има случено сексуално да ве нападнат или силуваат на јавно место?*




*Графикон 57: Искуства на жени со сексуален напад или силување во јавните простори. Вкупно n=712.*

## Кршење на молкот: пријавување на насилство и пристап до поддршка

Речиси половина од учесничките во истражувањето (47%) сметаат дека минувачите може да забележат, но нема да интервенираат доколку посведочат како некоја девојка или жена е вознемирувана на јавно место. Обратно, само 28% веруваат дека минувачите би понудиле помош (Графикон 58). Овие наоди го потврдуваат ефектот на минувач и отсуството на колективна одговорност во третирањето на насилството, вклучувајќи го овде и родово-базираното насилство на јавен простор,[143] а истражувањата покажуваат дека минувачите повеќе се вклучуваат во општествените средини каде се верува дека мнозинството го оправдува таквото однесување.[144]

**Реакции на сведоци на насилство**

*П: Според вас како вообичаено реагираат луѓето, ако на улица поминат покрај девојка или жена која е нападната или вознемирувана на било кој начин?*




*Графикон 58: Реакции на сведоци на насилство. Вкупно n=715.*

Половина од испитаничките или не пријавиле инцидент во полиција или не познаваат жена што пријавила (50%). Оние кои пријавиле инцидент (8% имале лично искуство кога пријавувале, а 5% имале и лично искуство и познаваат жена што пријавила) опишуваат случаи што вклучуваат физички и сексуален напад на јавен простор, извршен од непознати, од влијателни луѓе или од сегашни или поранешни партнери

143 Park, S., Woo, H., & Kim, S. H. (2024). "A Systematic Review and Meta-Analysis of Bystander's Barriers to Intervene in Gender-Based Violence and the Role of Failed Prior Attempts", *Trauma, violence & abuse*, 25(3), стр.1998–2011. Преземено од: https://doi.org/10.1177/15248380231204887 на 28 март 2025.

144 Mainwaring, C., Gabbert, F., & Scott, A. J. (2023). "A Systematic Review Exploring Variables Related to Bystander Intervention in Sexual Violence Contexts", *Trauma, violence & abuse*, 24(3), стр. 1727–1742. Преземено од: https://doi.org/10.1177/15248380221079660 на 28 март 2025.

(Графикон 59). Сепак, некои пријавиле инциденти што вклучуваат голем опсег прекршоци кои не спаѓаат нужно во категоријата на родово-базирано насилство на јавни простори.

**Пријавување на полиција**

*П: Дали некогаш сте пријавиле инцидент во полиција или познавате друга жена која пријавила инцидент во полиција?*




*Графикон 59: Пријавување на полиција. Вкупно n=715.*

Кај испитаничките кои доживеале ваков инцидент, но избрале да не го пријават во полиција, причините за непријавувањето можат да се категоризираат во пет клучни области. Најчесто наведена причина е **недовербата во надлежните или во правниот систем,**[145] при што речиси една на секои три испитанички (31%) е убедена дека пријавувањето на инцидентот нема да има ефект, полицијата нема ништо да преземе или нема да им верува. **Немање свесност или неразбирање на тежината на инцидентот**[146] било забележано од 19% од испитаничките, од кои голем број или го сметале инцидентот за тривијален или не сфатиле дека имаат опција да пријават. **Стравот и грижата за безбедноста**[147] биле наведени од 18% од испитаничките што изразиле страв од сторителот, грижа од можна одмазда или навеле дека се чувствувале премногу вознемирени за да контактираат со полицијата. **Срамот, вината и општественото стигматизирање**[148] исто така играат значајна улога, бидејќи некои од испитаничките се чувствувале засрамено или непријатно, се плашеле од осуда од другите, верувале дека се одговорни за тоа што се случило или не сакале сторителот

145 Сума на одговорите. „Мислев дека полицијата нема ништо да стори" и „Мислев дека полицијата нема да ми верува"

146 Сума на одговорите: „Беше премногу тривијално/не беше доволно сериозно" и „Не ми текна дека постои таква можност"

147 Сума на одговорите „Се плашев од сторителот", „Се плашев од одмазда" и „Бев премногу вознемирена за да повикам полиција"

148 Сума од одговорите: „Бев засрамена, ми беше непријатено", „Не сакав никој да дознае", „Мислев дека е моја вина", „Ме спречија или ме обесхрабрија" и „Не сакав напаѓачот да биде уапсен или да има проблеми со полицијата".

да се соочи со правни последици. На крајот, 17% од испитаничките се определиле за **алтернативни начини на справување,**[149] или со тоа што самите ќе се снаоѓаат во ситуацијата или со тоа што ќе побараат поддршка надвор од правниот систем (Графикон 60).

**Причини за непријавување**

*П: Од кои причини не пријавивте инцидент во полиција?*




*Графикон 60: Причини за непријавување инцидент во полиција.*

Наодите укажуваат дека недовербата во полицијата е позастапена меѓу постарите жени (Ромки и други). Учесничките истакнале инциденти во кои сторителите имале врски со органите на законот, што водело до уште поголема виктимизација и неказнивост. Оваа перципирана блискост помеѓу полициските службеници и сторителите ги обесхрабрува жените во пријавувањето, бидејќи поттикнува страв и ја поткопува довербата во правниот систем.

→ *Најзагрижувачки аспект е што дури и поединци вработени во органите на редот можат да бидат дел од овој проблем. На пример, жена која доживеала насилство од некој под дејство на дрога го пријавила инцидентот во полиција, за подоцна истата личност да се соочи со неа и да ја праша зошто го пријавила. Ова ја поткопува довербата во полицијата, особено кога службениците во органите на редот се перципираат како соработници на сторителот. Таквите врски можат да го охрабрат сторителот по пријавувањето да стане уште понасилен кон жртвата. Понатаму, на вести често се потенцира присуството на силите на безбедноста на судењата, што уште повеќе ја уништува довербата на јавноста во институциите на редот. – Жена, 50, Тетово*

149 Сума од одговорите: „Самата се справив со тоа“ и „Побарав помош на друго место“

*→ Постои проблем со интервенцијата на полицијата бидејќи сите знаат некого во полиција и мислат дека можат да прават што сакаат. Се плашиш за својот живот ако пријавиш. – Жена, 57, Тетово*

*→ Полицајците се обучени за вакви ситуации, па ако забележат некој што има ментални проблеми, треба да интервенираат. Наместо тоа, кога ќе им се обратиш, тие викаат по тебе и велат „Не сме ние Бардовци, јави се таму". Но што ќе се случи ако таквата личност подоцна нападне некого? Чија одговорност ќе биде тоа? Нели е ваша работа да ги штитите луѓето и да се грижите за нивната безбедност? – Ромка, 65, Скопје*

Овие бариери што го попречуваат пријавувањето во полиција се поткрепени со наодите дека мнозинството жени што учествуваа во истражувањето (87%) не се свесни дека постојат достапни телефонски линии, кризни центри или организации со кои може да контактираат во случаи на вознемирување и насилство (Графикон 62). Меѓу оние кои знаеја за постоењето на такви услуги, најчесто спомнувани беа кризниот центар „Надеж", ХЕРА, СОС линиите (спомнати општо) и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство. Ниската свест уште повеќе го ограничува пристапот до поддршка и ја нагласува итната потреба од поголеми напори да се допре до жените кои претрпеле вакви инциденти и да се упатат до ресурси што им се на располагање.

**Свесност за центри за згрижување на жртви на насилство**

*П: Дали знаете отворена линија или центар за згрижување на жртви на насилство или вознемирување, или организации на кои можете да им се обратите?*




*Графикон 61: Свесност за центри за згрижување на жртви на насилство. Вкупно n=715.*

Во разговор со претставници на граѓански организации што обезбедуваат социјални и правни услуги за жртви на насилство се здобивме со уште една перспектива. Според нив, најголемиот предизвик во нивната работа лежи во неможноста да го адресираат безконтактното насилство. Инцидентите како вознемирување во јавен простор често не се категоризираат или спроведуваат соодветно од институциите бидејќи потребни се опипливи докази за да постапат. Затоа, по неколкукратни неуспешни обиди, жртвите често губат доверба и интерес да стапат во контакт со службите, резултирајќи со непријавување. Понатаму, овие организации редовно се соочуваат со недостаток на институционален фидбек од страна на социјалните служби или полицијата, со што станува тешко да се следи напредокот на случаите. Овој прекин создава неизвесност кај организациите и жртвите во однос на апсењата, правните постапки или пружената грижа:

→ *Жртвите или потенцијалните жртви често немаат доверба во институциите. Имам зборувано со многу жени кои не пријавуваат насилство бидејќи не веруваат дека институциите ќе им помогнат. Ова кажува многу за ситуацијата во земјата во однос на родово-базираното насилство. На пример, жртва отишла во полиција и чула како полицајците разменуваат невкусни коментари за нејзиниот изглед од типот „Види ја, што би ѝ правел". Наместо заштита, тоа е третманот што го добила. – претставник од граѓанска организација, Скопје*

# Со нивни зборови: доживеаните искуства на жените со родово-базираното насилство и вознемирување на јавни простори

Во склад со нашите методолошки принципи, и водени од феминистичкиот феноменолошки пристап,[150] нашето истражување создава простор да се слушнат и документираат личните, субјективните и секојдневните искуства на жените и девојките. Третирајќи ги жените и девојките како клучен извор на информации, извештајот што следува ги истакнува личните чувства, перцепциите и реакциите во однос на нивните искуства како жртви.

Собравме сведоштва за доживеаните искуства на родово-базирано насилство и вознемирување на жените во јавните простори со вклучување на отворени прашања во нашиот прашалник, објавување на јавен повик за сведоштва и прегледување на пријавите на платформата „Реагирај!“.[151]

**Искуства со вербално вознемирување**

Сведоштвата што ги добивме од жртвите ја истакнуваат преваленцијата на вербалнотото вознемирување со кое жените и девојките се соочуваат на улиците на Тетово и Скопје. Едно такво сведоштво опишува вербално вознемирување во текот на денот во централниот дел од градот што обично се смета за безбеден:

→ *Со другарка пешачевме кон Лептокарија, буквално забарикадирани во шалови и капи. Додека си разговаравме, постар човек од околу 50 годиниројде многу блиску до нас на точак.* ***Ја испружи раката за да нè фати (но не успеа) и извика: „Би ви ја лижел и на двете!“*** *Бевме запрепастени што вакво нешто може да се случи среде бел ден во населба што се смета за „безбедна“.*

**Невербално вознемирување**

Уште еден случај на вознемирување се случил дење на улицата „Ленинова“, во фреквентен дел од центарот на градот, каде маж упорно ѝ го нарушувал приватниот

150 Vera-Gray, F. (2016). *Men's Intrusion, Women's Embodiment*. Routledge.
151 "Reagiraj!" - https://www.reagiraj-bidibezbedna.mk/

простор на една жена, движејќи се сè поблиску на начин што правел таа да се чувствува непријатно, сè додека нејзиниот сопруг не дошол да ја земе со автомобил, со што успеала да се почувствува безбедно:

→ *Го чекав сопругот да ме земе со кола. Човек од околу 40 години, во црни тренерки, стоеше на аголот отспротива, а потоа премина и се приближи на 3 метри од мене, потоа на само еден метар, додека конечно не* ***навлезе во мојот приватен простор.*** *Продолжи да стои до мене и чекаше со мене десет минути. Кога сопругот дојде да ме земе, вознемирено влегов во колата, а човекот си замина како ништо да не се случило.*

Вознемирувањето може, исто така, да се манифестира преку непосакувано изложување на порнографски материјал или преку јавно мастурбирање пред некоја жена. Сведоштвата покажуваат дека вообичаено сторителот се игнорира и, доколку е возможно, се менува рутата на движење. Следниот инцидент се случил во тесна споредна улица помеѓу булеварите „Климент Охридски“ и „Васил Главинов“, што покажува како урбаната организација на просторот може да им оневозможи на жртвите да побегнат – во овој случај улицата немала странични излези каде жената би скршнала:

→ *Ми се има случено истиот човек и претходно да се појави во овој премин, ги допираше гениталиите и поминуваше соблечен. Бидејќи преминот не е прегледен по целата должина, кога ќе свртев на аголот се случуваше да го видам во другиот дел – или соблечен или како се допира. Ова се случуваше кога ќе завршев со работа по пет часот попладне, па сега морам да кружам за целосно да го избегнам овој дел од градот.*

Друга учесничка пријави сличен инцидент во близината на МРТ:

→ *Одев по пешачката патека спроти МТВ, па патче што се протега низ дворот на неколку факултети... Одев со нормално темпо, замислена, кога видов човек што ми се приближува од далечина... Доаѓаше од спротивната насока и одеше кон мене, изгледаше како да има околу 60 години и како да е работнички тип на човек. Делуваше весело и во раката држеше мобилен телефон. Кога ми се приближи, ја подаде раката, со екранот на телефонот свртен кон мене. Мислев дека сака да ме праша колку е часот или за насока – понекогаш туристи ги сопираат минувачите на тој начин, покажувајќи ги екраните на телефоните за да прашаат за правец. Така, помислив дека му треба помош, но кога го приближи телефонот видов дека* ***има пуштено порнографско видео со маж и жена****. Кога сфатив што ми покажува, го свртев погледот, го игнорирав и продолжив да одам.*

Честопати претпоставуваме кој би можел да предизвика опасност, но изгледот може да измами. Понекогаш, оние кои изгледаат најмалку сомнително сепак може да бидат вознемирувачи, како што потврдува следното сведоштво:

→ *Беше доцна, околу 12:30 по полноќ. Се симнав на Рекорд и тргнав пеш кон студентскиот дом Кузман (каде што тогаш живеев) бидејќи немаше поблиска автобуска постојка. Улиците беа празни, освен еден човек што стоеше до жалната врба пред слаткарницата веднаш до Гарсон. Беше дотеран – во кафено кожно палто, крем панталони, убави кондури, наместена фризура. Оддалеку, изгледаше како пристоен човек. Кога се приближив, забележав дека зјапа директно во мене и дека прави нешто со раката. Во мигот кога поминав покрај него,* ***видов дека му беше извaден половиот орган*** *– не беше во ерекција (што веројатно значи дека штотуку започнал кога ме видел). Нежно се насмевна, без да се придвижи, и продолжи да се задоволува, следејќи ме само со поглед додека не му исчезнав од видикот. Навистина бев изненадена и збунета, но од инцидентот сфатив дека треба да се ослободиме од предрасудите дека некој кој изгледа „пристојно“ не може да биде предатор. До денес со гадење го помнам целиот настан.*

Покрај возрасните жртви, има случаи кога малолетнички се соочуваат со невербално вознемирување во образовните институции. Следниот случај ги отвора прашањата за улогата на надлежните во пружање поддршка и заштита, како што се вработените во училиштата и родителите:

→ *Мојот поранешен дечко веќе некое време ми прави проблеми на училиште. Имам 17 години и никој не знае за ситуацијата,* ***а јас се плашам да кажам некому****. Веќе некое време зјапа во мене, ме провоцира и ми прави проблеми со сегашниот дечко.*

### Физичко вознемирување

Доживувањето физичко насилство на јавни места може кај жртвите не само да предизвика чувство на ранливост, туку и длабока фрустрација и немоќ. Ненадејната, наметлива природа на овие дејства често разгорува мешавина од чувства на стаписаност, понижување и лутина – емоции што остануваат уште долго по самиот инцидент. Кога вознемирувањето ќе се случи толку брзо, така што жртвата нема време да изреагира, да ги препознае или да им се спротивстави на сторителите, чувството на неправда е уште поголемо. Следното сведоштво илустрира колку овие искуства можат да бидат физички насилни и емоционално моќни, особено кога извршителите ќе останат непознати, без да се соочат со одговорноста за стореното:

→ *Беше летна вечер, јас имав 17-18 години и одев пеш од Карпош до Центар да се сретнам со другарките кај Симпо. Носев широко кусо здолниште. Во еден миг, некој силно ме плесна по задникот и пред да можам да се свртам, некое машко на велосипед помина покрај мене, смеејќи се. Кога погледнав право во него, подготвена*

*да извикам нешто,* **по две секунди ме плесна и неговиот другар, исто така на велосипед.** *Двајцата се оддалечуваа возејќи и смеејќи се. Почнав да трчам по нив и да ги пцујам. Се почувствував страшно понижена и лута, а сепак не можев да сторам ништо, зашто беа на велосипеди. Не знам ни како изгледаа.*

### Јавен превоз

Некои жени ги посочија недостигот од ноќни автобуски линии и мноштвото нелиценцирани такси превозници, како фактори што ги ограничуваат безбедните опции за ноќниот превоз, со оглед на тоа што неколку од нив известија дека менуваат автобуси само за да слезат поблизу до дестинацијата или се определуваат за такси превоз на пократки растојанија. **Овие известувања сугерираат дека небезбедните градови наметуваат финансиски товар врз жените и девојките, истакнувајќи ги пошироките трошоци поврзани со нивното движење низ градот.**

Воедно, токму стравот од движењето сами низ улиците ноќе, во комбинација со недостигот на сигурен јавен превоз во вечерните часови, често ги лишува жените од избор за како безбедно да стигнат дома. Следниот инцидент илустрира како отсуството на безбедни алтернативи за превоз ги доведува жените во ситуации на ранливост, каде што цената не се мери само во пари, туку станува прашање на лична безбедност:

→ *По една забава, беше премногу студено за да пешачам до дома и бидејќи бев близу до Рекорд, одлучив да одам до најблиската такси станица. Имаше само едно слободно такси. Немаше официјални жолти таблички, но сакав брзо да стигнам дома, па влегов. Уште од почетокот возачот се однесуваше сомнително. Кога го прашав дали е слободен,* **ми рече да седнам на предното седиште**. *Никогаш порано не сум имала лошо искуство со таксист, па мислев дека ќе биде океј.*

→ *Додека се возевме, разговараше за вообичаени општи работи, потоа* **почна да прашува полични прашања,** *како на пример со кого живеам. Тогаш почнав да се чувствувам непријатно, па измислував одговори. Кога речиси пристигнавме на мојата адреса, одлучив да слезам една улица порано, за секој случај. Тој го сопре автомобилот и кога посегнав да му платам за возењето, одби да ги земе парите. Наместо тоа, ми ја грабна раката, сакаше да ми го дознае името и* **настојуваше 'да се запознаеме'.** *Од страв, му кажав лажно име, но тогаш одненадеж ме повлече кон себе и* **се обиде да ме бакне.**

→ *Се борев да го оттурнам, преплашена дека можеби повторно ќе почне да вози и ќе ме одведе некаде. Во тој миг, посегна по вратата и слушнав „клик" – се обиде да го заклучи автомобилот. Тогаш почнав уште повеќе да паничам,* **сфаќајќи дека сега сме „заробени" внатре**. *Продолжив да го избегнувам, обидувајќи се да не го налутам за да не се одлучи да ме однесе некаде. По две или три минути борење, одлучив да*

*ризикувам и посегнав по кваката од мојата врата. За среќа, се отвори и успеав да излезам. Додека заминував, полека ме следеше со автомобилот, обидувајќи се да го продолжи разговорот. Но штом најдов место на кое можам да се тргнам од улицата, свртев зад една зграда и конечно замина.*

## Реакции на полицијата

Сведоштвата прикажуваат различни случаи на несоодветна поддршка од полицијата, во кои поднесувањето пријава често е проследено со осуда, или рамнодушен и отфрлувачки однос. Во еден случај, една жена поднела пријава за континуирано вербално вознемирување по телефон, но како последица на личните врски на сторителот со полицијата, не биле преземени никакви значајни мерки. Ова се поврзува со перцепцијата на некои од жените за корумпираноста на полицијата, доведувајќи до ниско ниво на доверба во капацитетот на полицискиот сектор и во подготвеноста ефикасно да одговори на потребите на жените-жртви на кои им е потребна помош:

→ *Го истражија случајот, го најдоа лицето,* ***но ништо не беше сторено зашто, како што излезе, тој [сторителот] го познаваше инспекторот*** *и доби само вербална опомена.*

Во еден случај, по напад од насилен партнер, полицијата како мерка за поддршка ѝ понудила на жртвата да ја придружуваат до дома. Таа ја одбила понудата, но за кратко време, извршителот се вратил, таа била оставена сама и ранлива, и други мерки не биле преземени. Други сведоштва откриваат полициски реакции на случаи на родово-базирано вознемирување од типот „можеби само му се допаѓаш". Во следниов случај, жртвата поднела пријава за маж кој ја демнел додека одела кон работното место. Меѓутоа, благодарение на неговите контакти со полицијата, наместо да се фокусира на дејствувањето на сторителот, полицијата инцидентот го сметала за нејзина одговорност поради начинот на кој се облекувала.

→ *Ме известија дека го идентификувале сторителот.* ***Ми рекоа дека ме следел бидејќи му се допаѓало како изгледам, особено зашто провокативно сум се облекувала (беше лето и носев здолниште).***

# Извештај од безбедносните прошетки

## Вовед

Оценките на безбедност служат како аналитички алатки за проценка на средината, односно се истражуваат просторните и општествените фактори кои ги обликуваат перцепциите за безбедност во рамки на различни општествени групи. Првично воведени во Канада при крајот на 1980-тите години,[152] безбедносните прошетки за жените претставуваат важен партиципативен метод за проценка на безбедноста и пристапноста на местата во заедницата од перспектива на жените и нивните доживеани искуства како корисници на урбаната средина. Ваквиот пристап ги препознава жените како „експертки за искуство", а нивниот увид се вреднува подеднакво со увидот на „професионалните експерти", како што се урбанистичките планери и полициските службеници.[153] Дополнително, прошетките овозможуваат интерсекциска анализа со фокус на перспективите на различни категории на жени, при што се идентификуваат начини како јавните места да бидат поинклузивни и пристапни за сите жени.

За да добиеме увид во женската перцепција за безбедност во поглед на урбаниот дизајн на јавните места, во декември 2024 и февруари 2025 организиравме четири прошетки за оценка на безбедноста во Скопје и Тетово. Две прошетки беа организирани во текот на денот, а две во текот на ноќта во двата града, со цел да се согледаат женските перцепции при различно осветлување и околински услови. Маршрутите на безбедносните прошетки во секој град беа поделени на две под-рути, додека помеѓу истите беше испланирана пауза со цел да се пополни прашалникот. Овој пристап ни овозможи да собереме повеќе податоци за чувството за безбедност во јавните простори во различни делови од градовите, со оглед на контрастот во урбаната инфраструктура присутна во двете под-рути во градовите. На крајот на маршрутата од безбедносните прошетки учесниците добија можност да ги споделат мислењата со цел да се создаде простор за разгледување на прашања и коментари поврзани со искуствата и увидот стекнати за време на прошетките.

Иако во оценките за безбедност учествуваа и неколку мажи, фокусот беше насочен кон жените кои се движат низ јавните места во Скопје и Тетово. Меѓу учесниците беа вклучени граѓани, мајка на две девојки (ученичка и студентка), претставници од полицијата, медиумите, меѓународните и локалните ГО, амбасадите и Факултетот за безбедност на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола.

152 Whitzman, C., Shaw, M., Andrew, C. and Travers, K. (2009). "The effectiveness of women's safety audits", Security, 22(3), стр. 205–218.
153 Andrew, C., Cook, C. C., & Bruin, M. (2000). *Gendering the City: Women, Boundaries and Visions of Urban Life.* Rowman & Littlefield.

Целта на оценките за безбедност беше да се добијат основни податоци за севкупното чувство на безбедност во околината, како и конкретни податоци за просторните карактеристики (осветлување, одржување, знаци и мапи, пристапност, прегледност), безбедност (просторна изолација, протокол за итни случаи, места што можат да послужат како стапици, јавен превоз), како и ставови и однесувања (чувство на закана или исплашеност, искуства на дискриминација врз основа на ограничен пристап до јавни места).

Маршрутата од 3 километри во Скопје почна на паркингот во близина на Железничката станица, покрај Младинскиот културен центар како средишна точка, и заврши пред зградата на Македонска пошта. Во Тетово маршрутата во должина од 2 километри почна пред Ресторанот „Градина", средишната точка минуваше покрај градската џамија за да заврши на главниот плоштад во Тетово.

| **Табела 1. Број на пополнети прашалници за оценка на безбедноста** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Скопје | Тетово |
| февруари 2025 | Оценка за безбедност во текот на денот | 15 | 7 |
| декември 2024 | Оценка за безбедност во текот на ноќта | 15 | 9 |
| Total | | 30 | 16 |
| | 46 | | |

Беа пополнети вкупно 46 прашалници за време на сите четири прошетки за оценка на безбедноста. Во Скопје, конечниот број на пополнети прашалници изнесуваше 30 (23 од страна на жени) додека во Тетово 16 (11 од страна на жени).

Учесниците ги пополнија прашалниците за оценка на безбедноста на отпечатен лист хартија и во електронска форма, достапни на македонски, албански и англиски јазик, а до истите се пристапуваше преку скениран код. Сите учесници беа известени за целите и методологијата на оценките за безбедносните прошетки, а присутни беа и вработени од „Реактор" со цел да понудат поддршка во однос на прашања или технички потешкотии при пристапувањето до електронскиот прашалник.

### Наоди од прошетките за безбедност

Дневните оценки во Скопје и Тетово ги посочија ограничениот пристап до тротоари и потребата од подобро одржување на уличната инфраструктура. Учесниците од двата града забележаа дупки и оштетување на асфалтот долж тротоарите. Присуството на

бројни возила паркирани на тротоарите го ограничува слободното и лесно движење во двата града, особено за жените со попреченост и жените со колички за бебиња. Според истражување за проценка на јавните места во Скопје,[154] мајките или другите негувателки се најприсутни во јавните простори во текот на и по работното време. Иако непристапноста на тротоарите помалку се јавува во текот на вторите под-маршрути во двата града (види Табела 2), при што перцепциите во Скопје се малку „пооптимистични", сепак истите во првата под-рута во Тетово претставуваа голем проблем. Во разговор со локални чинители од Тетово, дознавме дека градежните дозволи за одредени згради се издаваат без притоа во потполност да се совпаднат со потребите на заедницата. Тоа резултира со ограничени паркинг места за возачите, што од друга страна го зголемува попречувањето на тротоарите.

Според исказите на учесничките во Тетово, а присутно и во одговорите во прашалникот, опасноста во сообраќајот и непредвидливоста на урбаната мобилност беа посочени како дополнителен проблем. Невнимателните возачи или возачи што не поседуваат возачка дозвола, случаи на брзо возење низ улиците или тркање по булеварите, како и невнимателните велосипедисти и возачи на електрични тротинети придонесуваат за чувството на постојана закана. Таков е случајот со споредните улици како улицата „Благоја Тоска" во Тетово и други места со зачестен сообраќај кои жените ги асоцираат со зголемен ризик од несреќи и агресивно однесување што ја загрозува нивната безбедност.

**Табела 2. На колкав дел од патот тротоарот е пристапен?**

| Процент на пристапен тротоар според учеснички | Скопје | | | | Тетово | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дневни пшрошетки | | Ноќни прошетки | | Дневни пшрошетки | | Ноќни прошетки | |
| | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута |
| 0% | / | / | / | / | 14,28% | / | 16,66% | / |
| 25% | 20% | / | 11,11% | 16,66% | 57,14% | / | 66,66% | / |
| 50% | 50% | / | 44,44% | / | 14,28% | / | 16,66% | / |
| 75% | 30% | 80% | 22,22% | / | 14,28% | 33,33% | / | 33,33% |
| 100% | / | 20% | 22,22% | 83,33% | / | 66,66% | / | 66,66% |

154 Докузова, М.. Рафаиловска, А. и Велјановски, П. (2023). „Алатки за евалуација на јавни простори. Преглед на јавни простори и студии на случај – Скопје (2018-2023)". Здружение за заштита на животните и животната средина Е.Д.Е.Н. Преземено од: https://urlzs.com/O0MbnX на 28 март 2025.

Во Скопје и Тетово, недостатокот на хигиена и неодржувањето на јавните простори допринесува за поголем впечаток на целосна запуштеност и негрижа. Овде можат да се вбројат видливи графити на ѕидовите, како и ѓубре и скршени предмети по улиците. Во Скопје, кај подвозникот под Централната железничка станица, учесниците посочија на потреба од редовно отстранување на ѓубрето, подобро поставување на корпи за отпадоци и редовно одржување на вегетацијата. Во Тетово, граѓаните пријавија голем број улични кучиња, при што една учесничка раскажа за случај кога бездомно куче ненадејно нападнало пешак, што претставува безбедносен ризик. Нередот во јавните места, видлив преку графитите, вандализмот, запуштената инфраструктура, како на пример скршени клупи или преполни корпи за отпадоци, го поткопуваат чувството на безбедност.155 Според Теоријата на скршените прозорци, очигледниот неред и запуштеност одат рака под рака со понатамошното пропаѓање и зголемен криминал; ако само еден скршен прозорец во една зграда не се замени со нов, тоа значи дека на никого не му е грижа, што води до повеќе скршени прозорци.156 Одовде редовното одржување и соодветното ниво на хигиена и чистота не претставуваат само естетски прашања туку посочуваат на присуство на ангажирана заедница и одговорни власти, каде постојано се негуваат и одржуваат безбедни и удобни јавни места.

Во поглед на подвозниците, учесничка од Скопје посочи дека во нив „постојат одредени места каде што потенцијалните напаѓачи можат да се сокријат, но не постојат места каде што некој/а може да се сокрие ако се почувствува небезбедно". Потенцијалните напаѓачи можат да се сокријат во темните места и широките столбови, но притоа не претставуваат засолниште за лицата под закана. Учесничките се согласија дека во овој дел од маршрутата жртвата „тешко би избегала", со зборовите: „Запуштено е и мрачно... нема доволно видливост за лесно да се движиш и доколку бегаш може да се сопнеш од дупките на земјата."

Во Тетово учесничките забележаа дека улицата „Благоја Тоска", со темните сокачиња и дворовите на напуштените куќи претставуваат места каде што потенцијален напаѓач може да се сокрие без да биде забележан. „Улицата воопшто не се одржува, ниту пак е безбедна, тука само Бог те чува", истакна една од испитаничките. Истиот став е очигледен во најчестиот одговор на прашањето колку тешко би било жртвата да избега од напаѓачот, при што беше посочено дека тоа е „речиси невозможно" во овој дел од маршрутата во Тетово. Областите околу Младинскиот културен центар и Универзитетската библиотека „Кирил и Методиј" со околните факултетски згради во Скопје често се наведуваат како небезбедни, додека затворените згради во непосредна близина (на пр. внатрешноста на факултетските згради) беа посочени како места каде потенцијалните жртви можат да побараат помош во случаи на закана или несигурност. Слично, учесниците во Тетово често влегуваат во околните продавници

155 Wallhagen, M. and Cehlin, M. (eds.). (2023). *Urban Transition - Perspectives on Urban Systems and Environments.* IntechOpen. Преземено од: DOI: 10.5772/intechopen.97353 на 28 март 2025.

156 Wilson, J.Q. and Kelling, G.L. (1982). "The Police and Neighbourhood Safety: Broken Windows", *The Atlantic Monthly*, 249(3), стр.29–38. Преземено од: https://urlzs.com/cboKj5 на 28 март 2025.

кога се чувствуваат несигурно за да побараат помош или додека не согледаат дека забележаната и/или доживеаната опасност поминала.

**Табела 3. Перципирана безбедност на различни категории на жени. Презентирани се просечните категории, 1 = многу небезбедно, 5 = многу безбедно**

| Колку безбедно би се чувствувале на оваа маршрута доколку сте ... | Скопје | | | | Тетово | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дневни пшрошетки | | Ноќни прошетки | | Дневни пшрошетки | | Ноќни прошетки | |
| | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута | 1ва под-рута | 2ра под-рута |
| Сама? | 2.66 | 2.75 | 3 | 3.33 | 3.4 | 4 | 2 | 4 |
| Со деца? | 2.2 | 2.25 | 2.75 | 2.83 | 4 | 3.25 | 2 | 4 |
| Со лице со попреченост? | 2 | 3 | 2.25 | 2.4 | 3.25 | 3 | 5 | 3 |
| Со постаро лице? | 2.2 | 4 | 2.2 | 3.2 | 3.4 | 3.2 | 2 | 3.33 |
| Припаѓате на етничка малцинска група? | 2.71 | 3.5 | 2.57 | 3.16 | 3.2 | 3 | 2 | 3.33 |
| You were a foreigner? | 2.66 | 2.66 | 2.5 | 2.66 | 3.33 | 3 | 2 | 4 |
| Возите автомобил? | 3.11 | 3 | 3.37 | 3.6 | 3.25 | 4 | 3 | 4 |
| Шетате сама? | 2.66 | 2.66 | 2.5 | 3.4 | 3.25 | 4 | 2 | 3.5 |

Во однос на перципираната безбедност кај различните категории на жени, во Скопје, најнискиот оценет просечен резултат се јавува кај жените што шетаат мали деца

и жените со попреченост. Додека просечните резултати за Тетово покажуваат на севкупна висока перципирана безбедност кај различните категории на жени, жените од етничките малцински групи и постарите жени се перципирани како најранливи, со ограничен пристап до јавните простори. Наодите откриваат дека сите жени немаат еднаков пристап до јавните простори, со што е ограничено нивното учество во јавниот живот и активности. Во врска со ова, една учесничка забележа дека „при градското планирање и безбедносните ризици во предвид мора да се земат најранливите... најчесто за тоа се надлежни оние кои се најмалку ранливи, што мора да се промени.“ На пример, во пракса, инклузивно градско планирање всушност значи гаранција на пристапен влез во јавните институции и згради за жените со попреченост преку поставување на рампи за лесен пристап на колички.

Во текот на ноќните прошетки низ двата града загриженоста за нивото на хигиена, уличната инфраструктура и сообраќајните опасности и понатаму се совпаѓаат со проблемите идентификувани за време на дневните прошетки. Навечер, недоволното улично осветлување и ограничената видливост беа истакнати како најголемите проблеми што значително влијаат на чувството на безбедност. Светлината од постоечките улични светла е попречена од грмушки, дрвја и столбови, што резултира со ограничена видливост на уличните знаци, пешаците, тротоарите и невозможност да се види што има подалеку на улицата. Во текот на првата под-рута во Тетово, рекламните табли истакнати од приватните бизниси имаат клучна улога за зголемена видливост во тој дел, бидејќи не постои доволно улично осветлување поставено од општината. Од друга страна, втората под-рута е добро осветлена, со соодветно улично осветлување и постојан прилив на луѓе, што придонесува до поголемо чувство на безбедност.

Во случајот со првата под-рута во Скопје, една учесничка истакна: „Нема луѓе, слабо осветлено е, и постои една лоша енергија што придонесува да се чувствувам небезбедно“. Ова претставува проблем бидејќи според одговорите во прашалникот, не постои друга или подобро осветлена рута достапна во овој дел од градот. Учесничките генерално беа позадоволни со уличното осветлување долж втората под-рута во Скопје, но дел од нив посочија дека е потребно да се постават повеќе бандери со цел дополнително да се зголеми видливоста. Во разговор со учесничките од двата града, сите ја истакнаа потребата за „почесто осветлување“ и севкупно „подобро осветлување долж страничните улички“. Во однос на пријавувањето на скршените улични светилки или другите проблеми со осветлувањето, свесноста меѓу учесничките од двата града за надлежните институции е ограничена.

Со оглед на потребата од безбедни места како засолништа и поддршка, покрај продавниците посочени од учесничките од Тетово како потенцијално место каде можат да побараат помош при закана, добро е да се забележи кои јавни институции и згради имаат обезбедување и стражари во текот на ноќта. Студентка за време на вечерната прошетка во Тетово изјави чувство на нелагодност кога поминува покрај

кафулиња во кои седат мажи, каде жените не се добредојдени или прифатени. Посочи на потребата од места за поддршка и засолниште само за жени: „Со пријателките планиравме да претвориме една празна продавница во место наменето само за девојки", истакна таа. Ова посочува на итна потреба за инклузивни или специјално наменети места што би понудиле безбедност за жени и девојки.

## Заклучок

Прошетките за безбедност во Скопје и Тетово открија бројни наоди и перцепции за начинот на кој физичката средина влијае на нивото на безбедност што го чувствуваат жените кога се движат во јавните простори во градовите. Со оглед на огромните разлики во поглед на осветлувањето, урбаната инфраструктура и одржувањето на под-рутите во секој од градовите, јасно е колку истите придонесуваат во перцепциите за безбедност.

Мнозинството учеснички во двата града првата под-рута ја перцепираа како небезбедна, а втората како побезбедна. Во текот на денот, оштетените тротоари и ниското ниво на хигиена создаваат впечаток на негрижа и напуштеност од страна на институциите, со што се зголемува ранливоста и се поткопува перцепцијата за безбедност. Сообраќајните опасности како што е брзото возење исто така го спречуваат безбедното движење, додека, особено во Тетово, автомобилите го попречуваат движењето на жените пешаци на тротоарите заради недостигот на соодветни паркинг зони придонесуваат. Од друга страна, ноќните прошетки посочија колку значајна е улогата на соодветно осветлување и видливост во јавните места, во контекст на зголемена ранливост на жените откако ќе се стемни. Во поглед на еднаквиот пристап до јавните места, урбаната инфраструктура во двата града нуди ограничен пристап за различни категории на жени, како што се жените со попреченост, мајките со деца и постарите жени.

Следствено, во согласност со препораките на учесниците, неопходни се подобрувања во уличното осветлување, во одржувањето на уличната инфраструктура и нивото на хигиена, во согласност со принципите за инклузивно градско планирање според кои се земаат во предвид увидите на сите жени. Ова може да вклучува инсталирање јавни услуги како тоалети и чешми за пиење вода, со цел јавните простори да се приспособени да одговорат на сечии физички потреби и да овозможат удобно движење за сите. Овие промени ќе доведат до поеднаков пристап и употреба на јавните места, за сите жени да го уживаат „правото на градот" што им следува.

# Клучни наоди

## Контекст

Стапката на криминал на 100.000 жители во Северна Македонија прикажува општ тренд на опаѓање во периодот од 2010 до 2023 година. Има пораст во 2013 г., по којшто следува постепен надолен тренд, со забележително опаѓање во 2015 и 2019 г. Иако се забележува мал пораст во 2018 и 2021 г., општиот тренд останува надолен и ја достигнува својата најниска точка во 2023 г.

Меѓутоа, за разлика од општото опаѓање на стапката на криминал, Северна Македонија забележува постојан пораст во криминалните престапи поврзани со семејното насилство во последните седум години. И покрај извесни флуктуации, овој растечки тренд го нагласува недостигот од системски мерки за соодветна превенција и третирање на семејното насилство.

**Иако од една страна семејното насилство е сè повеќе препознаено како сериозен проблем, од друга страна, насилството врз жените на јавните простори останува претежно неистражено и постои недостаток на систематизирано прибирање на податоци.** Државниот завод за статистика не спроведува истражувања за перцепцијата на јавната безбедност, додека, пак, Министерството за внатрешни работи собира податоци само за пријавените престапи. Постојат извесни податоци околу специфични прашања, како на пример во врска со насилството во училиштата, но недостасува сеопфатна база на податоци за насилство врз жени на јавните простори. Овој податочен јаз го ограничува разбирањето на проблемот, но и можностите да се развијат насочени и целисходни интервенции.

## Правна анализа

Правната анализа спроведена како дел од студијата потврди дека иако правната рамка е усогласена со меѓународните конвенции, нејзината имплементација е попречена поради недостатокот на политичка волја, преточена, на пример, во отсуството на подзаконски акти и прописи. Недостигот на овие одредби ги спречува институциите ефективно да се справуваат со насилството врз жените на јавни простори, при што се создава јаз помеѓу политиките и праксата. Понатаму, институционалната анализа покажува дека јавната безбедност на жените не се смета за политички или стратешки приоритет, што резултира со недостаток на алоцирани ресурси и институционална акција за решавање на проблемот.

Обврзаноста на Северна Македонија кон Истанбулската конвенција бара таа да обезбеди безбедни и инклузивни јавни простори за жените. Сепак, имплементацијата на Националниот акциски план (2018–2023) се покажа како недоволна, особено во спречувањето на насилството врз жените и семејното насилство. Многу институции не успеаја да развијат годишни оперативни планови со буџетски распределби, а недостигот на финансирање и координација е критикуван и од ЕУ во Извештајот за земјата за 2024 година.

На локално ниво, Град Скопје не го има ажурирано оперативниот план за спроведување на активностите наведени во националната стратегија за родово-базирано насилство (РБН), туку се потпира на застарена стратегија за родова еднаквост. Општина Центар нема никаква јавно достапна стратегија или план за адресирање на родовата еднаквост или нејзините обврски кон Истанбулската конвенција, а наведува минимална финансиска посветеност за спречување на РБН. На сличен начин, Општина Тетово не обезбедува јавно достапни плански документи за родова еднаквост, што дополнително ја ограничува транспарентноста и одговорноста на општината.

Откако претходниот Национален акциски план истече во 2023 година, не е усвоена нова сеопфатна стратегија, со што се создава вакуум во политиките кој има влијание врз слабата институционалната координација и забавениот напредок во справувањето со РБН. Отсуството на јасна рамка го попречува мониторингот, евалуацијата и одговорноста и го намалува капацитетот на Северна Македонија за целосно спроведување на Истанбулската конвенција.

## География на стравот: каде и кога жените се чувствуваат небезбедно

**Како што денот преминува во ноќ, така се менува и чувството на безбедност кај жените што се движат низ јавните простори.** Во текот на денот, две третини од жените (75%) кои учествуваа во истражувањето известиле дека се чувствуваат или „прилично безбедно“ (53%) или „целосно безбедно“ (22%). Сепак, во текот на вечерните часови, нивното чувство за безбедност драматично се намалува – само 16% од жените се чувствуваат безбедно кога ноќе ги користат јавните простори, а само 2% известиле дека се чувствуваат „целосно безбедно“. Наместо тоа, ноќе владее страв: 39% известиле дека навечер се чувствуваат „многу небезбедно“, а други 44% дека се чувствуваат „донекаде небезбедно“. Оваа разлика помеѓу субјективната перцепција за безбедноста се отсликува во обрасците на однесување – речиси една од секои пет жени (18%) известува дека не излегла ноќе ниту еднаш во последниот месец, додека речиси половина (46%) тоа го направиле ретко. Овие бројки покажуваат дека за значителен дел од населението, ноќната мобилност е сериозно ограничена – но дали тоа е прашање на личен избор или нужност што произлегува од грижата за сопствената безбедност?

Иако чувството на небезбедност го делат сите, не сите жени имаат исто искуство. Кај повозрасните жени (50+), природата на грижата за безбедноста е поинаква. Додека помладите жени како честа причина за страв ги наведуваат заканите за сексуално вознемирување или напад, стравот на жените постари од 50 години е поврзан со разбојништво и кражби.

**Перцепцијата за безбедноста не е прашање само на „кога“ туку и на „каде“.** Постојат околински услови кои даваат поголемо чувство на сигурност, додека пак други предизвикуваат страв. Жените кои беа дел од истражувањето велат дека се чувствуваат најбезбедно во простори со контролиран пристап, како што се лифтовите или влезовите на зградите, како и во добро осветлени и прометни области, како јавни плоштади или пазари. Сепак, мислењата се поделени околу просторите како паркови, улици, автобуски постојки и такси станици, каде голем дел од жените се чувствуваат безбедно, но исто толкав број изразуваат чувство на нелагодност.

На другиот крај, како најмалку безбедни се појавуваат затворените гаражи (несигурни за 59%) и баровите и ноќните клубови (несигурни за 52% од жените). Ова се места кои често се лошо осветлени, изолирани или ги карактеризира социјална динамика што овозможува инциденти на вознемирување и насилство. Овие наоди се поддржани и од други истражувања според кои видливоста и присуството на очевидци можат да послужат за одвраќање од насилството, додека изолираните места, неодржаната инфраструктура и недостатокот на осветлување ја зголемуваат ранливоста.

Во склад со овие наоди, во оваа студија се јавуваат два клучни околински фактори кои влијаат врз субјективната перцепција за безбедноста: осветлувањето и присуството на други луѓе. Слабото осветлување се посочува како фактор што ја зголемува несигурноста, што уште еднаш ги потврдува претходните наоди дека жените се чувствуваат побезбедно кога знаат дека можат да бидат видени од други. Запоставената инфраструктура, како искршен, валкан и генерално лошо одржуван простор, уште повеќе го зголемува чувството на запуштеност и недостиг на грижа, што влева страв при движењето низ овие простори. Сепак, иако отсуството на видливо полициско присуство е уште една споделена грижа (74% од жените во Скопје и 73% од жените во Тетово известиле дека не се чувствуваат безбедно во таква ситуација), ова не нужно имплицира доверба во безбедносните структури – поскоро, посочува на поширок структурен недостаток за кој се расправа подетално извештајот.

Во однос на личните фактори кои придонесуваат за чувството на безбедност, родот се појавува како најзначаен фактор, при што 77% од испитаниците го посочиле како извор на несигурност. Потоа следи присуството сама на јавно место како фактор кој го зголемува чувството на небезбедност. Испитаниците исто така посочуваат дека облеката влијае врз перцепцијата на безбедноста, што укажува на тоа како општествените норми ги регулираат женските тела и ги зајакнуваат родовите очекувања во јавниот простор. Возраста исто така игра улога во чувството на сигурност,

бидејќи помладите и постарите жени се соочуваат со различни грижи поврзани со безбедноста. Половина од испитаниците ја посочиле сексуалната ориентација, укажувајќи дека пресекот помеѓу родовиот и ЛГБТ+ идентитет влијае на искуството на јавната безбедност. Во однос на етничката припадност, 45% од испитаниците изјавиле дека расната и етничката припадност може да ги изложи жените на дополнителни закани или дискриминација. Религијата е посочена како фактор кој има најмалку влијание во споредба со другите фактори; 36% од испитаниците ја препознаваат нејзината улога во обликувањето на чувството на безбедност.

Наодите исто така покажуваат дека етничките и културните предрасуди влијаат врз перцепциите за безбедност во јавниот простор. Одредени етнички групи се почесто поврзувани со вознемирување и заканувачко однесување отколку други. Иако овие перцепции може да произлегуваат од лични искуства, тие носат ризик од зајакнување на стереотипите и општествените поделби.

Јавниот превоз се јавува како уште едно место на родово базирана ранливост. Жените се најбројни корисннички на автобусите и токму затоа е алармантно што 62% известуваат дека се чувствуваат небезбедно во преполните автобуси и на автобуските постојки. Причините за ова доживување може да ја надминат општата загриженост за криминалот – јавниот транспорт сам по себе претставува затворен јавен простор со ограничени рути за бегство, често додека се на пат до училиште или на работа, кога не можат да си дозволат да се симнат порано. Во Скопје, подземните премини и градилиштата, исто така, се наведени како особено небезбедни, што се јавува како помала грижа за жените од Тетово. Ова укажува на тоа дека разликите во урбаната инфраструктура можат да го обликуваат доживувањето на безбедноста, веројатно поради одржувањето, осветлувањето и присуството на безбедносни мерки. Сепак, потребно е дополнително истражување за да се разгледаат факторите кои придонесуваат за овие разлики во перцепцијата помеѓу жените од двата града.

Впечатлива разлика во перцепцијата се појавува во однос на групите млади мажи кои ги заземаат јавните простори. Во Тетово, 59% од жените се чувствуваат несигурно во овие ситуации во споредба со 48% во Скопје. Оваа разлика може да укажува на тоа дека родово-условеното користење на јавните простори се доживува различно во различни градови и дека веројатно е обликувано од општествените норми што диктираат кога и како жените можат да постојат слободно без да бидат испитувани. Присуството на жените на јавни простори често е оневозможувано – дали преку отворено вознемирување или преку посуптилна динамика на исклучување – што прави тие да се чувствуваат недобредојдени.

Како одговор на овие ризици, жените развиваат свои стратегии за движење низ градот на начини што им овозможуваат да се чувствуваат посигурно. Највообичаената тактика е постојано гледање наоколу (речиси секогаш: 33%, често: 38%), избегнување директен поглед со мажи (речиси секогаш: 49%, често: 28%) зборување на телефон

(речиси секогаш: 23%, често: 36%). Сето ова се однесувања што укажуваат на убеденост дека оддавањето впечаток дека се зафатени или се во контакт со некого на жените им пружа дополнителен слој на заштита.

Покрај овие мали, моментални реакции, жените често ги менуваат своите општи навики на движење. Па така, избегнуваат места што ги доживуваат како небезбедни (речиси секогаш: 51%, често: 35%), го ограничуваат ноќното движење (речиси секогаш: 29%, често: 31%), одат по подолги рути за да заобиколат некои области (речиси секогаш: 22%, често: 36%) или го менуваат начинот на облекување за да ги намалат шансите за вознемирување (речиси секогаш: 23%, често: 28%). Сите овие стратегии одразуваат до кој степен жените мора да вложат „безбедносен труд" за да го користат јавниот простор.

**Меѓутоа, овој товар не е неизбежен – тој е резултат на средина која не успева да обезбеди системски решенија за недостатокот на безбедност поврзана со родот.** Одговорноста за безбедноста не треба да се бара само во способноста на жените да го регулираат своето движење, туку треба да ѝ се пристапи преку пошироки структурни интервенции кои ги преиспитуваат условите што ги претвораат јавните простори во места на страв, наместо на слобода.

## Навигирање низ стравот: како жените го доживуваат и реагираат на насилството на јавниот простор

За целите на ова истражување, инцидентите на вознемирување и насилство се категоризирани во четири групи, според нивната природа.

### Вербално вознемирување

Вербалното вознемирување е вообичаено искуство на жените на јавни простори, при што свиркањето и дофрлањето (77%) се најочекуваните форми, а непристојните коментари (73%) се блиску во однос на перципираните очекувања, а 80%, односно 86% од жените известуваат за директни или индиректни искуства со овие форми на вознемирување. Иако пцостите и вулгарните гестикулации (49%) и навредите на етничка или религиска основа (45%) се сметаат за помалку веројатни, сепак е значајно тоа што 65% и 42% од жените ги доживеале лично или познаваат жена што ги доживеала.

Емоционалните реакции на вербалното вознемирување откриваат и сличности и разлики, во зависност од природата на вознемирувањето. За сите облици на вознемирување, нервозата и лутината се најчести емоции, што укажува на широко распространети фрустрација и огорченост кон јавното вознемирување како кон упад во личните граници. Дополнително, стравот е реакција што постојано се јавува при доживувањето вербално вознемирување, без оглед на перципираното ниво на закана.

Сепак, определени облици на вознемирување поттикнуваат дополнителни емоции што ги нагласуваат разликите во нивното влијание врз емоционалната состојба на жените. Срамот, на пример, се јавува селективно, пред сѐ како реакција на дофрлање и непристојни коментари. Ова укажува дека облиците на вознемирување што ги објективизираат телата на жените или наметнуваат општествена осуда придонесуваат кон интернализирање на непријатноста и самосвеста, што ги прави различни од отворено агресивното вербално злоупотребување, какви што се пцостите и етничките/религиските навреди, кои претежно поттикнуваат лутина, а не срам.

Во случаи на вербално вознемирување, се открива доследна склоност кон отсуство на реакција, при што мнозинството жени бира да не возврати на сите испитани облици на вознемирување. Овој избор е најистакнат во случаите на зјапање и дофрлање, како форми на јавно вознемирување што се често нормализирани, додека пак пружањето отпор е ретко присутно. Сепак, веројатноста за отпор се зголемува како што вознемирувањето станува поизразено и поагресивно. Додека отсуството на реакција преовладува во однос на непристојни коментари, речиси еднаков број на жени известуваат и дека вербално се бранат, што укажува дека директното и експлицитно вознемирување има поголема веројатност да предизвика реакција. Слично, пцостите и вулгарностите поттикнуваат највисоки нивоа на отпор, при што половина од жените активно му се спротивставуваат на вознемирувачот. Ова може да ни посочи дека колку вознемирувањето станува поизразито агресивно, толку повеќе жените чувствуваат потреба да возвратат или, можеби, сметаат дека тоа е пооправдано.

## Заплашување и закани

Меѓу облиците на заплашување на јавен простор, зјапањето е најочекуваниот (87%) и најчесто доживеаниот облик од кој што се погодени или познаваат погодена девет од десет жени. По ова следи демнењето по перципираните очекувања (58%), а воедно е и најчесто доживеан облик на директно или индиректно заплашување кај 71% од жените. По него следи физичкото попречување на патот, за кое 42% од жените сметаат дека е веројатно да се случи, додека 54% и самите го доживеале или познаваат жена што го доживеала. Експлицитните закани со повреда, иако се перципираат како помалку вообичаени, сепак претставуваат сериозна загриженост, при што 39% од жените ги сметаат за веројатни и 41% известуваат за директни или индиректни искуства.

**Стравот е доминантната емоционална реакција кај сите облици на заплашување и закани, иако интензитетот варира.** И покрај тоа што сите облици на заплашување предизвикуваат страв, демнењето се истакнува како најзастрашувачко, додека блокирањето на патот и заканите со повреда предизвикуваат поширок распон на емоционални рекции. Поконкретно, демнењето поттикнува најсилна реакција на страв и антиципиран страв дури и кај тие што не го доживеале. Заканите со повреда

исто така предизвикуваат значителен, иако кај нив се пријавува и нервоза или лутина. Блокирањето на патот кај жените поттикнува мешавина од страв, нервоза и лутина, што укажува и на непосредна вознемиреност и фрустрација поради упадот во личниот простор.

Кај сите облици на заплашување и закани, отсуството на реакција преовладува, иако во различна мера. Жените покажуваат поголема веројатност да пружат отпор кога се соочени со експлицитни закани од повреда, а отпорот е помал во случај на демнење и блокирање на патот . Барањето поддршка од пријатели е повообичаено како реакција на демнење, што укажува дека постојаното вознемирување или вознемирувањето што се повторува може да ги поттикне жените да побараат помош. Пријавувањето во полиција е доследно ретко кај сите типови вознемирување (8-10%), што го отвара прашањето дали се работи за ниска доверба во институциите или едноставно на нормализација на вознемирувањето во јавност?

### Сексуално вознемирување

Сексуалното вознемирување на јавни простори останува сеприсутен проблем. Јавната мастурбација се јавува како најчест облик, на кој речиси две третини (59%) од жените известиле за лична изложеност или изложеност на жена што ја познаваат. Допирањето без дозвола, иако се перципира како помалку веројатно, било лично доживеано или доживеано од жена што ја познаваат кај речиси половина од испитаничките (48%). Вредно е да се забележи дека перцепциите на жените за веројатноста од овие инциденти варираат според локацијата, па жените во Скопје го сметаат непосакуваното допирање за поверојатно отколку жените од Тетово. Сепак, нема значителни разлики во реалните искуства на сексуално вознемирување помеѓу двата града.

**Додека стравот и нервоза се споделени реакции во случаи на сексуално вознемирување, лутината и срамот зависат од регионот и контекстот, давајќи приказ за тоа какви лични и општествени фактори ги обликуваат женските доживувања на вознемирување.** Стравот е споделена емоционална реакција кај двата испитани облици на сексуално вознемирување. Дополнително, многу од жените зборуваат и за чувства на нервоза и лутина – лутината е посилна кај случаи на допирање без дозвола отколку при јавно мастурбирање, додека нервозата е речиси еднакво присустна кај двата облика.

Отсуството на реакција се забележува кај двата облика на сексуално вознемирување, иако во различен степен. Доживеаните случаи на јавно мастурбирање биле проследени со молк во 40% од случаите, додека 22% од жените не презеле никакво дејство во случаи на непосакувано допирање. Отпорот е повообичаен како реакција на физичко наметнување – најголем дел од жените кои доживеале непосакувано допирање се бранеле или викале, во споредба со 30% во случаите на јавно мастурбирање. Пријавите до институциите остануваат екстремно ниски за двата облика.

### Физичко и сексуално насилство

Физичките напади во јавни простори се перципираат како веројатни или многу веројатни од над една третина (36%) од анкетираните жени. Забележително е дека жените во Скопје (39%) почесто очекуваат вакво насилство во споредба со оние во Тетово (27%). Сепак, кога станува збор за реалните искуства, распространетоста е слична во двата града – 36% од жените или лично доживеале физички напад или познаваат друга жена која го има доживеано.

Чувството на страв најдоследно се јавува како емоционална реакција и на физичките и на сексуалните напади, иако со различен интензитет. Стравот е значително повеќе истакнат во Скопје во споредба со Тетово, додека пак срамот е поприсутен во Тетово, што може да укажува на интернализирање на родово-базираното насилство во потрадиционалните заедници. За ова е потребно продлабочување на истражувачките прашања и подетално разгледување на основите на емоционалните реакции.

Кај сексуалните напади и силувањето, стравот останува доминантен. Лутината, нервозата и срамот се исто така приустни, со што се потврдува личната и насилна природа на таквите искуства. Сепак, жените во Тетово изразуваат поголема несигурност во однос на нивните емоционални реакции, што може да сигнализира недостиг на отворен дискурс и подготвеност да се процесираат таквите искуства.

## Кршење на молкот: пријавување на насилството и пристап до поддршка

**Иако ниското полициско присуство на јавните простори кај жените создава длабоко чувство на несигурност, недовербата во органите на редот е впечатлива во алармантно ниската стапка на пријавени инциденти врз жени.** Само 8% од испитаничките назначиле дека лично пријавиле некој инцидент во полиција. Пријавените случаи главно вклучувале физички и сексуален напад на јавно место извршен од непознати, од личности со авторитет или од сегашни или поранешни партнери. Меѓу другите набројани инциденти се среќаваат различни престапи, како демнење, закани, вербално вознемирување, кражба, грабеж и сведочење на насилство врз други жени.

Огромен дел од инцидентите врз жени остануваат под превезот на тишината, непријавени и неадресирани. Овој податок е поддржан од истражувањето за Насилство врз жените (НВЖ) на ОБСЕ, кое откри дека само 2% од насилните инциденти се пријавуваат во полиција. Фокус групите организирани во рамките на тековното истражување дополнително ја истакнаа длабоковкоренетата недоверба во институциите и органите на редот од страна на жените. Беа откриени вознемирувачки примери, како примерот на полицаец Ром кој ги советувал Ромките-жртви на семејно насилство да го истрпат насилството, или примерот на сексуалните работнички кои чувствувале закана по својата слобода и безбедност кога барале помош од полицијата.

Кај жените кои избираат да не пријават инцидент, причините за нивниот молк можат да се поделат во пет главни категории: 1) недоверба во институциите, 2) минимизирање на инцидентот, 3) страв и загриженост за личната безбедност, 4) срам, вина и стигма и 5) потпирање на алтернативни стратегии за справување. Овие наоди прикажуваат една реалност во која, и покрај тоа што жените се донекаде спремни да пружат отпор на директен физички упад, имаат длабока недоверба кон реакцијата на институциите. Оваа недоверба, пак, понатаму придонесува за нормализација на сексуалното вознемирување и насилство на јавни места, одржувајќи го кругот на неказнивост и неправда.

Значително мнозинство (87%) од испитаничките не се свесни дека се нудат услуги за поддршка наменети за жртвите на вознемирување и насилство. Од оние кои ги знаат, најчесто наведувани се постоечките телефонски линии и кризни центри, како „Надеж", ХЕРА и Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. Оваа ниска свесност го отежнува пристапот до клучна поддршка, што налага итни напори за јавно образование преку теренска работа, известувања и едукативни програми.

## Видливост, мобилност, безбедност: Наоди од женските безбедносни прошетки

Со цел да разбереме како урбаниот дизајн влијае врз перцепцијата за безбедност на жените, спроведовме четири прошетки за оценување на безбедноста во Скопје и Тетово во декември 2024 и февруари 2025. Со организирање на една прошетка во текот на денот и една навечер во секој град, имавме за цел да доловиме како различното осветлување и условите на околината ги обликуваат искуствата на жените на јавните простори.

За време на дневните прошетки, учесничките во двата града истакнаа значајни предизвици поврзани со пристапноста и инфраструктурата. Беа забележани голем број на тротоари во лоша состојба, со дупки и асфалт во распаѓање што го отежнуваа движењето. Паркираните возила често ги блокираа пешачките патеки, дополнително ограничувајќи го пристапот и принудувајќи ги жените да ги заобиколуваат, понекогаш чекорејќи на улица. Во Тетово, загриженоста за опасностите во сообраќајот беше особено изразена. Беше посочено дека пребрзото возење, несовесните и возачите без дозвола, како и невнимателните велосипедисти и возачи на е-скутери придонесуваат кон непредвидливост и постојано чувство на опасност. Недостатокот на чистота и одржување на јавните простори, исто така, се појавија како клучен проблем. Несобраниот отпад, неорганизираните урбани простори и видливото запоставување го зајакнаа чувството на напуштеност, во согласност со Теоријата за скршени прозорци, што сугерира дека видливите и нетретирани знаци на неред водат кон дополнително влошување и криминал. Учесниците истакнаа дека редовното одржување и повисокото ниво на хигиена не претставуваат само естетски грижи, туку се суштински за поттикнување на чувство на безбедност и ангажираност во заедницата.

За време на вечерните прошетки се повторуваа голем дел од дневните загрижености, и слаботo осветлување и ограничената видливост се појавија како најитни проблеми. Учесниците често укажуваа на тоа дека постоечките улични светилки се попречени од дрвја, грмушки или столбови, што ја отежнува видливоста на уличните знаци, тротоарите, па дури и другите пешаци. Недостатокот на алтернативни, добро осветлени рути на жените им остава ограничени безбедни опции за движење низ градот откако ќе се стемни. Во Скопје, еден учесничка опиша една особено изолирана и слабо осветлена улица како „извор на непријатна атмосфера што ме прави да се чувствувам небезбедно". Истиот впечаток го делеа и голем дел од учесничките во двата града. И покрај широко распространетата загриженост за осветлувањето, постоеше ограничена свест кај учесничките во двата града за тоа кај кого да се обратат во врска со дефектите во осветлувањето, што укажува на јаз во комуникацијата меѓу жителите и локалните власти.

Безбедносните прошетки во Скопје и Тетово покажаа како физичката средина влијае на нивото на безбедност што го чувствуваат жените кога се движат низ јавните места во нивните градови. **Подобрувањето на уличното осветлување, одржувањето на инфраструктурата и обезбедувањето чистота се суштински чекори за јавните простори да бидат побезбедни. Со ова, сите жени би имале еднаков пристап и можност за користење на јавните простори, стекнувајќи го „правото на градот".**

# Препораки

## 1. Локална власт и општини

- Имплементација на родово-сензитивен буџет за распределба на средства за безбедносна инфраструктура, инклузивен дизајн и иницијативи за безбедност предводени од заедницата.
- Интеграција на родови перспективи во урбанистичкото планирање преку вклучување на жените и граѓанското општество; организирање на прошетки за оценка на безбедноста и воспоставување на механизми за повратни информации од јавноста со цел да се создаде безбедна јавна средина.
- Обезбедување на доследно осветлување, јасна сигнализација, пристапни тротоари и организиран паркинг; одржување на хигиена и зеленило за зголемена безбедност и пристапност за сите, особено за жените, негувател(к)ите и лицата со попреченост.
- Создавање на интерактивни, безбедни јавни места како на пример паркови, спортски сали и културни зони со кои се поттикнува позитивна употреба, каде жените и маргинализираните групи ќе се чувствуваат добредојдено.
- Услуги наменети за ранливите групи (на пример Ромките, жените со попреченост, ЛГБТК+ жените и сексуалните работнички) и имплементација на обуки против дискриминација во локалните државни институции.
- Бесплатен или субвенциониран превоз за жените навечер, како на пример ноќни автобуски линии или програма за безбедно возење.

## 2. Национална влада и креатори на политики

- Воведување на родово-сензитивно законодавство во урбанистичкото планирање, унапредување на процесот на собирање на податоци и дефинирање на законски одговори за насилството без физички контакт како што е вознемирувањето.
- Физички и процедурално достапни правосудни системи и јавни институции за сите жени.
- Подобро собирање на податоци и пријавување на сексуално вознемирување и РБН, како на пример собирање на податоци според полот, јавна достапност на истите и нивна примена при урбанистичко планирање и создавање на политики за јавна безбедност.

- Поддршка на граѓанските организации при собирање и анализирање на мапираните податоци за вознемирување и насилство врз жени на јавен простор, со цел да се овозможат насочени превентивни полициски активности и обезбедување на лоцираните ризични места преку соодветна интервенција.

## 3. Полиција и правосудство

- Поголема видливост на полициските патроли (особено навечер и во небезбедните зони) и соодветна реакција кон пријавите за безбедносни ризици со цел превенција и зајакнување на довербата.
- Родово-сензитивна обука за полицијата, промоција на пристапи насочени кон жртвите, зголемување на полициското присуство во засегнатите делови од градот со цел спречување на РБН и поддршка на лицата што доживеале РБН.
- Елиминација на институционалната пристрасност преку обука против дискриминација и правична испорака на услугите за маргинализираните групи.
- Подобра соработка меѓу полицијата и правосудството за ефективно гонење и санкционирање на сторителите.

## 4. Граѓански организации (ГО) и невладини организации

- Соработка со општините со цел заедничко создавање на родово-сензитивни политики и експертски насоки при консултации со заедницата и спроведување на проценки.
- Покренување на друштвени кампањи и кампањи за застапување со цел предизвикување на општествените норми и влијаење врз институционалните реформи.
- Поддршка на лицата што претрпеле РБН, посредување меѓу жртвите и институциите и спроведување на едукативни програма за безбедност во заедницата со цел да се охрабрат случајните минувачи и да се поттикне превенција.
- Работа со локалните власти за заедничко создавање и спроведување на образовни програми во училиштата на тема родови норми и промоција на меѓусебна почит во односите, како и поттикнување на безбедносни иницијативи во заедницата, на пример воведување на пристапни механизми за анонимно пријавување на насилство и програми за интервенција на случајните минувачи преку кои заедницата ќе се поттикне да реагира на безбеден начин при сведочење на вознемирување.

## 5. Медиуми

- Промоција на пристојно и точно известување за РБН, со примена на јазик и контекст соодветен за лицата што претрпеле РБН.
- Одржување на јавни дебати на тема род, урбанистичко планирање, безбедност и преземање на одговорност.
- Помош за промена на јавните ставови преку кампањи со кои ќе се спречи обвинувањето на жртвите и штетните норми.

## 6. Членови на заедницата

- Активно учество во обликувањето на јавните места преку давање на повратни информации и совесно користење на заедничките јавни простори.
- Учество во образовни програми и иницијативи предводени од заедницата за поттикнување на култура на безбедност, одговорност и солидарност против РБН.

20 РЕАКТОР
години истражување
во акција

РЕАГИРАЈ!
СПОДЕЛИ ПРИКАЗНА, СПРЕЧИ НАСИЛСТВО

www.reagiraj-bidibezbedna.mk